УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Институт за безбедност, одбрана и мир

Последипломски студии од областа на безбедноста

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# Динамиката на јавната дебата за членство на Република Македонија во НАТО во периодот од 1993 - 2010

Кандидат:
Владко Тренчов

Ментор:
Проф. Д-р Билјана Ванковска

Скопје 2011

# Содржина

1.Вовед....4

ТЕОРИСКИ ДЕЛ I

2. ЗНАЧЕЊЕТО НА ЈАВНАТА ДЕБАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА....11
   - 2.1. Јавност, јавна сфера и јавно мислење....12
     - 2.1.1. Јавност....12
     - 2.1.2. Јавна сфера....14
     - 2.1.3. Јавно мислење....15
   - 2.2. Истражување на јавното мислење....18
   - 2.3. Односот на граѓаните со власта во демократските општества....19
   - 2.4. Дебатата како фундамент во дискурсивната демократија и примената во Македонија....21

3. НАТО: ОСНОВНИ ЦЕЛИ, РАВОЈ И ИДНИНА....25
   - 3.1. Развојот на НАТО....26
     - 3.1.1. Основни принципи и цели на Северноатлантскиот договор....26
     - 3.1.2 Периодизација на развојот на НАТО....27
   - 3.2. Политиката на НАТО и организациона поставеност....32
   - 3.3. Буџет на НАТО....33
   - 3.4. Иднината на НАТО: можни правци на трансформација....34

4. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАТО: ДИНАМИКАТА НА ЈАВНАТА ДЕБАТА И ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА АЛИЈАНСАТА....43
   - 4.1. Независноста и одбранбеното осамостојување на Република Македонија.... 44
   - 4.2. Меѓународното признавање и членството во ООН како предизвик....46
   - 4.3. Динамика на потрагата по стратегиската определба за членство во НАТО....48

4.3.1. Република Македонија на патот кон НАТО: предизвици и причини........48

4.3.2. Хронологија на стратегиските чекори за пристапување на РМ во НАТО........49

4.3.3. Јавното мислење за членството во НАТО........53

4.3.4. Анализа на динамиката на јавното мислење за членство во НАТО........59

4.4. Динамиката на јавната дебата и Јавното мислење во Македонија за НАТО низ призмата на современите демократски теории........64

4.5. Јавноста во Република Македонија низ Теоријата за конформизам и спирала на молкот........66

4.6. Високиот рејтинг на НАТО во РМ виден низ објективот на Експериментот на Соломон Аш........69

4.7. Јавниот дискурс на некои држави во врска со НАТО интеграцијата........73

4.7.1. Словенија........73

4.7.2. Хрватска........74

4.7.3. Финска........76

4.7.4. Македонија........76

5. ТЕОРИСКА РАМКА ЗА ФОРМУЛАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСНИ АЛТЕРНАТИВИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........79

5.1. Проблемот со името – нов Гордиев јазол за Европа или Дамоклов меч за Република Македонија........80

5.2. Дали Република Македонија има алтернативи надвор од НАТО?.....83

5.3. Цената за влезот во НАТО........90

5.3.1. Цената како економски параметар........90

5.3.2. Цената како епистемолошки, неекономски фактор за влезот во НАТО........92

5.4. Безбедносно резиме на Република Македонија и детекција на вистинските загрозувања........94

## ЕМПИРИСКИ ДЕЛ II

6. ИСТРАЖУВАЊЕ....97
6.1. Интервју....98
6.2. Анализа на прашањата/одговорите од интервјуто....101
6.3. Список на интервјуирани испитаници за потребите на емпирискиот дел од истажувањето....121

7. ЗАКЛУЧОК....123
7.1. Заклучни согледувања....124
7.2. Потврда на хипотезата....128

8. БИБЛИОГРАФИЈА....131
8.1. Книги....131
8.2. Документи, декларации, изјави, публикации и интернет страници...136

## 1. Вовед

Безбедносната политика на секоја држава се темели на проценките за изворите на загрозување, безбедносните закани, геополитичката реалност, како и на сопствените капацитети најдобро да одговори на безбедносните предизвици. Оваа политичка сфера е приоритетна за секоја сериозна држава од дамнина па до денес. Имајќи во вид дека безбедносните закани можат да бидат бројни и најразлични, а националните ресурси се, главно, ограничени, една од основните задачи на секое државно водство, особено во демократските држави, е умешноста на најадекватно прераспределување на постоечките национални ресурси, а со цел истите да ја гарантираат безбедноста, но и да не го оневозможат развојот и остварувањето на демократијата и човековите права.

Едно од клучните теориски прашања на теоријата на безбедноста гласи: безбедност по која цена (при што цената може да биде материјална и нематеријална). Од практична гледна точка, политичките естаблишменти се соочуваат со парадокс: од една страна, комплексните безбедносни предизвици бараат постојано усовршување на безбедносниот сектор, додека јавноста бара тоа да не биде по цена на одлевање на преголеми средства за таа намена. Западната теорија, но и паролите на цивилното општество, ова сликовито го презентира преку синтагмата/ дилемата: повеќе путер или повеќе оружје! (More butter or more weapons). Оваа дилема не е само со национално значење, т.е. од нејзиниот одговор зависи и иднината на целото човештво, особено ако се има предвид зголемувањето на воените и безбедносните издатоци. Несомнено, современите држави не ретко се соочуваат со тежок избор во однос на приоритетите.

Голем број држави се обидуваат оваа дилема да ја разрешат преку членување во колективните безбедносни системи, како што е НАТО[1], односно Северноатлантската алијанса. За државите-членки, како и за оние кои настојуваат да се зачленат, НАТО обезбедува поефикасна, па и поевтина одбрана, но и статусот на членка на Алијансата се смета дека придонесува за

[1] THE NATO HANDBOOK, 50[th] Anniversary Edition, office of information and press, NATO, Brussels, Belgium 1998

зголемување на странските инвестиции, односно е фактор кој ја зголемува благосостојбата на граѓаните.

НАТО, всушност претставува организација за кооперативна безбедност, формирана врз основа на чл. 51 од Повелбата на Обединетите нации, заснована на принципите на слобода, демократија, владеење на правото и цивилизациските норми.[2] Од денешен аспект, НАТО исто така претставува и "преживеан" субјект, односно остаток од времето на Студената војна, геополитичка антитеза на Варшавскиот договор, кој повеќе не постои. НАТО денес е силен фактор за меѓународниот мир и безбедност, но заканите се менуваа со секоја одминатата година од Студената војна. Со секоја нова членка, се појавуваше нов национален интерес, така што консензусот за заедничка закана што ќе ја обедини Алијансата полека исчезнуваше, но и се редефинираше и откриваше одново и одново, како што покажа и најновиот стратегиски документ усвоен на Самитот во Лисабон во ноември 2010 година.[3] Каква ќе биде иднината, времето ќе покаже. За Република Македонија членството во НАТО е стратегиска цел, и како таква е втемелена во вид на државна стратегија преку националната концепција за одбрана и безбедност[4].

Се смета дека влегувањето во НАТО е клучна стратегиска цел за Република Македонија, од 1993 година наваму. Речиси и да не постои дилема дека сите политички раководства, од тогаш па наваму, се едногласни во своите ставови, кога станува збор за зачленувањето во Алијансата како темел на државната безбедносна политика. Ниту една политичка партија досега не потенцирала ниту една инаква безбедносна идеја или визија, па дури и се тврди дека Македонија нема никаква перспектива надвор од НАТО. Подеднакво, испитувањата на јавното мислење во целиот изминат период покажуваат широка поддршка меѓу граѓаните.

Проблемот на ова истражување, затоа, ќе биде откривање на причините и факторите кои доведоа до ваквата цврста и едногласна позиција, која почна да се проблематизира дури откако Македонија беше блокирана со ветото на Грција на Букурешкиот самит на НАТО во 2008 година. Појдовната премиса е дека

---

[2] Кљусев Н. Гоцевски Т. Славески С. Бакрески О. *"Интересите на Република Македонија за членство во НАТО"*, Македонска ризница, Куманово, 2007

[3] STRATFOR, Strategic Forecasting, inc Octomber, 2010 www.stratfor.org, пренесено од: http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=101510143523 8&id=23&prilog=1&setizdanie=22109

[4] www.vlada.mk/files/vladina_koncepcija_za_bezbdnost.pdf2009

главните стратегиски цели на државата во сферата на надворешната и безбедносната политика ги креираа политичките елити, т.е. политиката беше артикулирана и промовирана „одозгора надоле", со мал или речиси непостоечки инпут на јавни дебати, уште помалку на критичка расправа околу можните безбедносни аранжмани карактеристични за малите држави. Со други зборови, консензусот е формиран од политичките центри на моќ, а канализиран преку медиумите и стручните лица и експертите во таа област. Останува отворено прашањето колку во случајот со Македонија е консултирана демократската јавност, конститутивниот елемент на државата, односно демосот, граѓаните. Дали се вршени дебати, трибини, консултации со цел целосно да се анализира проблемот, како што тоа беше случај со Словенија, пред влегувањето во НАТО? Со оглед на огромната јавна поддршка за влез во НАТО (освен за време на кризата од 2001 година, а и кон крајот на 2010 година) легитимно се поставува и прашањето дали се граѓаните доволно информирани. Со други зборови, дали ваквата поддршка се заснова на квалификувани познавања за НАТО, за цената на чинење на активното членство, или се работи за очекување со остварувањето на оваа цел да се решат сите општествени проблеми. Ова истражување би требало да ги понуди одговорите на овие прашања.

Во анализа на безбедносната политика на Република Македонија потребно е да се тргне од клучните прашања низ кои се детерминира и самиот концепт на безбедноста: безбедност - за кого; безбедност - за што; безбедност - од што и безбедност - по која цена и со какви средства. Низ оваа призма ќе се разгледа и актуелниот пробем со името, како пречка за зачленување или своевидна „цена" за зачленувањето на РМ во НАТО, како и последиците од (не)зачленувањето, и дали притоа се загрозува националната безбедност или не. Овој проблем е особено значаен од 2008 година наваму кога во јавноста се врши јасна диференцијација, по етничка и политичка линија. И конечно, реално се наметнува и проблемот на подолготрајно стоење пред портите на НАТО, односно се почесто поставуваното прашање за тоа дали Македонија може да опстане надвор од Алијансата, дали тоа значи изолација или нужност од барање други безбедносни аранжмани (како, на пример, склучување на безбедносен договор со САД или друга моќна сила).

Од создавањто на независна македонска држава, поточно од 1991 год., па до денешно време, во Република Македонија нема изготвено или направено

конкретно истражување во врска со динамика на јавна дебата за влезот на РМ во НАТО. Но, сепак направени се одредени истражувања кои се комплементарни со ова истражување.

Трудот "Неутрална Македонија - од визија до стварност"[5] на проф д-р Гоцевски Трајан е единствено дело до сега објавено кај нас кое барем начелно разгледува една безбедносна алтернатива, односно ја елаборира идејата за неутрална Македонија, во рамките на стабилен и просперитетен Балкан.

Најголемиот број трудови, сепак, се фокусираат исклучиво на НАТО како меѓународна организација и стратегиска цел на Република Македонија за влез во оваа органиэција како врвен приоритет.

Предметот на ова истражување ќе биде јавната дебата во врска со определбата за членство во НАТО и безбедносните политики и алтернативи од декември 1993 година до 2010 година. Јавната дебата е централен елемент на многу теории на демократијата, а особено на теориите на партиципативна и/или дискурсивна демократија (Ј. Хабермас). Иако теориски може да се води расправа околу тоа дали за вакви важни безбедносни прашања треба/мора да одлучуваат (само) елитите, сепак почетна точка на ова истражување е фактот дека не случајно при приемот на секоја земја во НАТО за тоа одлучуваат граѓаните на референдум. За да можат да одлучат компетентно, многу е важно нивното знаење, информираност, но на ставовите одлучуваат и низа други општествени и надворешни фактори кои од време на време ја менуваат динамиката и насоката во која се движи јавното мислење. Овде централен предмет е анализата на тоа дали во Македонија е консултирана јавноста, конститутивниот елемент на државата, односно народот, граѓаните, интелектуалците, јавниот сектор, невладиниот сектор. Предмет на истражување беа различните облици низ кои е водена и се води јавниот дијалог (како, на пример, дебати, трибини, консултации на сите нивоа), а со цел целосно да се анализира проблемот пред да се донесе решение.

Во контекст на ова, акцент е ставен и на мислењето и ставовите на одредени експерти од јавниот и безбедносниот сектор кои биле на одредени раководни позиции од 1993 година до денес или уште се на тие позиции, како и

---

[5] Гоцевски Трајан, *„Неутрална Македонија – од визија до стварност"*, Македонска ризница, Куманово, 1994

на претставници од невладиниот сектор, професори, активисти, новинари, државни службеници и студенти.

Овој труд е составен од два сегмента: теориски и емпириски дел. Теорискиот дел се состои од четири глави во кои се изнесени значењето на јавната дебата за демократијата, Суштината на НАТО пактот, неговите цели и иднина, јавното мислење во Република Македонија за НАТО и теориска рамка за безбедносните алтернативи. Емпирискиот дел се состои од полуструктурирано интервју и негова анализа.

Ова истражување има за цел да го елаборира и анализира низ историска призма текот и динамиката на политичката, стручната и јавната дебата во поглед на безбедносните перспективи на Република Македонија, тргнувајќи од фактот што во моментов доминантен и фаталистички став е дека „нема алтернитива за членството во НАТО". Општествената цел на истражувањето е презентирање на значењето на информираноста на јавноста и граѓаните, а и на политичката и стручна дебата која мора да размислува за различни опции и алтернативи, т.е. заради создавање на план Б во случај на потреба. Нудењето на компаративни искуства од регионот, ќе помогне за развивање на демократска политичка култура и во безбедносната сфера. Теориската цел на истражувањето треба да се бара во осветлувањето на еден запоставен аспект на евро-атланстките интеграции во Републиката, а кој израснува од теоријата на демократијата и теоријата за демократска контрола и менаџмент на безбедносниот сектор.

Општа хипотеза во ова истражување е следнава:

Во континуитет од осамостојувањето на Република Македонија до денес интензитетот на јавна отворена и критичка дебата за безбедносните алтернативни безбедносни аранжмани е многу низок и доминира еднострана елаборација фокусирана исклучиво на зачленување во воено-политичкиот сојуз (НАТО).

Посебни хипотези во ова истражување се:

- Динамиката на дебатата е детерминирана од динамиката на евро-атлантската интеграција.
- Најголемиот број испитувања на јавното мислење во врска со членството во НАТО се сведуваат на прашање за поддршка, без да се вклучат други аспекти (како цената на чинење, учество во воени мисии, промена на името и сл.)
- Високата јавна поддршка за НАТО не значи и дека јавноста е добро информирана или дека ја познава суштината на членството во ваква алијанса;
- Најголем пад во јавната поддршка за НАТО настана во 2001 година, а сега е под влијание на проблемот со името;
- На дебатите учествува мал број на експерти и државни претставници.
- Трибини и работилници за ширење информации за НАТО изведуваат само мал број невладини организации, зависно од финансиските грантови со кои располагаат.
- Темите кои се обработуваат се фокусирани исклучиво на НАТО; како единствена алтернатива (како што се дефинира оваа стратегиска цел)
- Политичките елити повторуваат дека Македонија нема друга алтернатива освен членство во НАТО, така признавајќи дека не постои осмислен план за тоа што би се правело доколку проблемот со името не се реши подолго време;

- Од филозофска, епистемолошка, научна и практична гледна точка, секогаш постојат алтернативи, во сите сегменти на човековото општествено живеење

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање на повеќе истражувачки методи, во случајов во истражувањето се спроведени неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да добиеме една систематизирана целина. Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка односно техника за собирање на податоци ќе се користи анализа на содржина на извештаи, конференциски материјали, статистички показатели, извештаи и анализи на невладини организации, агенции за испитување на јавното мислење, тинк-тенкови и државни институции итн., а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците би се применил индуктивно – дедуктивен метод, аналитичко-синтетички метод и компаративен метод на анализа. Во контекст на анализата на содржина фокусот е на толкување на официјалните документи, како и на текстови, написи, публикации, различни статии, дневни весници, списанија и анализа на содржините од интернет сајтови, а кои се однесуваат на предметот на истражување. Покрај тоа, истражувањето има и емпириски дел, т.е. со примена на полуструктуирано интервју се анализираат мислењата и ставовите на поранешни и актуелни државни функционери, членови на парламентот, компетентни лица од агенциите за испитување на јавно мислење, невладини организации и тинк-тенкови, како и експерти и научни работници во сферата на безбедносните студии.

# I. Теориски дел

## *Глава 1*

### Значењето на јавната дебата за демократијата

## 2.1 Јавност, јавна сфера и јавно мислење

***„Слободното мислење, слободната јавна расправа и дебата се единствен начин да се дојде до вистината во едно општество. Таму каде што нема услови за јавна дебата, слобода на говор и на печат, општеството може долго да остане во канџите на религиозни или идеолошки догми, кои можат значително да го забават неговиот развој.“***

*Џон Стјуарт Мил „За слободата“(1859)*

### 2.1.1. Јавност

Во сите современи теории за демократијата[6] и демократското општество, јавноста и граѓанскиот сектор се централен поим. Многумина научници, теоретичари од 20 век своите истражувања и трудови во врска со демократијата ги темелат на јавноста, на индивидуата како најважен сегмент во општеството. Тоа го декларираат класичната либерална теорија и современите теории за партиципативна и дискурзивна демокатија. Во овие системи индивидуата, граѓанинот има слобода и право да ги искажува своите сопствени мислења и ставови и со тоа активно да учествува во градењето на целокупното општество во кое живее.

Што е јавност? Овој поим за првпат бил детерминиран во политичката филозофија од 18 век, како фундамент во многу општествени науки. Во строга смисла на зборот, поврзана е со развојот на либералната теорија и парламентарната демократија, како нивни неразделен и основен елемент.[7] Јавноста како историска категорија не се смета само една изолирана, хомогена категорија на јавност, туку на диференцирана јавна сфера. Социолозите,

[6] Види пошироко: Ванковска Билјана, „*Политички систем*", БОМАТ ГРАФИКС, Скопје, 2007 стр. 94 - 166

[7] Јакимовски Љубомир, „*Јавност и јавно мислење – прилог кон тематизациите на јавната сфера, комуницирањето и цивилното општество*", Совет за радиодифузија на РМ, Скопје, 2003 стр.11

јавноста ја дефинираат како социјална група, со цел да направат разграничување меѓу неа и социјалните агрегати и општествени групи. Политиколозите ја поистоветуваат со комуникациската заедница во која меѓу нејзините членови се одвиваат процеси на волја.[8] Општествените односи се всушност интеракција помеѓу луѓето, групите и социјалните агрегати. За групата е карактеристичен некој вид заедничка свест, идејни и морални вредности. Според Франце Врег, социјалните агрегати можат да бидат - маси (улична маса, неконтролирана маса, активна маса), политички манифестации (демонстрации, маршеви, политички собири, присутна публика, концерт, состанок, верски обред итн), групи ( формални и неформални).

Со развојот на маркетиншките односи со јавноста во потрошувачкото општество, јавноста се дели по целни групи, публика, зависно од интересите, професијата и општествениот статус.

Од времто на Жан Жак Русо па наваму јавноста се поистоветува со моделот за непосредна демократија и владеењето на мнозинството, народот. Тој рекол „ создади граѓани, и ќе имаш се што треба. Без нив нема ништо друго освен безвредни робови". Граѓанството се поистоветува со обврската да се дејствува во интерес на општото добро. Чикашката школа од почетокот на 20 век јавноста ја анализира како социјална категорија, случајно организиран колективитет или група што се формира во текот на социјална расправа.[9]

Според Јирген Хабермас во „Структурни промени на јавноста" (1962) се обработува една теза која е директно продолжение на класичното и просветителско сфаќање на поимот и настанокот на јавноста. Јавноста во форма што ја знаеме денес ја развиле школуваната елита, публика, конзументите и критичарите на уметноста со развојот на капитализмот и диференцијацијата на граѓанската класа. Притоа, кафетериите, салоните, пивниците (општество на маса) се примери за инклузивни јавни места поради нивната пристапност, еднаквост, критичност, проблематиирање на непрашаното и рефлексивноста. На овие места најотворено се расправа, дебатира за сите можни проблеми и интереси во општеството. Тој јавноста ја дефинира како публика, која е носител на јавното мислење и има функција на критика кога станува збор за власта. Подоцна, надополнува дека таа е комуникациска структура која преку својот

[8] Ibid стр.13
[9] Ibid стр.20

темел во цивилното општество е закоренета во начинот на живеење. Јавноста е национална појава, но има и толку јавности колку што постојат народи и општествени сегменти во светот. Во ерата на глобализацијата, се појавува и меѓународната јавност. Дјуи слично на Хабермас тврдел дека е особено важно во една држава да има постојана будност на граѓаните и критика на јавните функционери.

Овие пристапи и дефиниции се најмаркантни, иако во теоријата има голема плејада на еминентни научници кои даваат друг или сличен поглед во врска со јавноста.

### 2.1.2. Јавна сфера

Друг поим кој се надополнува со јавноста е јавната сфера. Таа настанала со отцепување од сферата на јавната власт во 17 и 18 век со афирмирање на принципот на јавна расправа како спротивност на феудалната практика на исклучување од апсолутистичката власт на „незрелиот народ". Покрај салоните, читалниците, пивниците, кафетериите итн, клучна улога во генезата на јавната сфера имале првите медиуми на јавното комуницирање – списанијата. Според Хабермас, развојот на политичката јавна сфера е поврзано со дијалектиката на државната, јавната власт и цивилното општество. Во контекст на оваа констатација, Славко Сплихал излага дека јавната сфера, заедно со својата спротивност – приватната сфера, го формира цивилното општество наспроти државата. Според класичната либерална теорија, јавна сфера е просторот почеѓу власта и општеството во кој индивидуите ја остваруваат формалната (избор на носители на власт) и неформалната (јавно мислење) контрола над државата.[10]

Јавната сфера претсавува форум на јавни расправи каде што граѓаните расправаат за работи од општ интерес.[11] Според Хабермас, пак, политичката јавна сфера се дефинира како оние услови за комуницирање , под кои може да

---

[10] Цитирано според: Јакимовски Љубомир, *„Јавност и јавно мислење – прилог кон тематизациите на јавната сфера, комуницирањето и цивилното општество"*, Совет за радиодифузија на РМ, Скопје, 2003 стр.41
[11] Ibid стр.41

се формира дискурзивен вид на јавно мислење и волја во јавноста, што ја изразуваат граѓаните на определена држава.[12] Јавната сфера е централен поим за проучување на Даглас Келнер, кои во повеќето свои трудови тој ја обработува, со акцент на влијанието на мас-медиумите.[13]

### 2.1.3. Јавно мислење

Јавното мислење е комплементарен поим со јавноста и јавната сфера. Во теоретските излагања овие поими често фигурираат едни покрај други, па дури претставуваат и синоними еден на друг, иако се суштински различни. Овој поим за првпат во литературата го користи францускиот ренесансен писател и филозоф од 16 век Мишел де Монтењ. Овој поим тој го употребувал во поврзување со моралот и обичаите. Трудовите на Монтењ ги познавале и проучувале Џон Лок, Дејвид Хјум и втемелувачот на просветителството Жан Жак Русо, кој пишува дека само општата волја може да ги насочува силите на државата во согласност со целите на заедничките добра (Општествен договор 1762). Понатаму, во врска со јавното мислење пишувале и Емануел Кант, Хегел, Вилијам А. Меккинен и Карл Маркс. Интересно, но и Маркс во некои свои трудови е цврст приврзаник на публицитетот и слободата на печатот (критика на Хегеловата филозофија 1843). Сепак, во буквална смисла, за јавно мислење може да се зборува во Англија кон крајот на 17 век и во Франција во 18 век.[14] Јирген Хабермас во своите трудови заслугата дека прв почнал да ја обработува јавноста и јавното мислење, како и принципот на публицитет, му ја препишува на Џереми Бентам. Тој го афирмира публицитетот како најсоодветен закон за обезбедување на јавна доверба, а јавноста е претставена како најмоќен трибунал. Џереми Бентам меѓу првите директно пишува за потребата од

---

[12] Habermas Jürgen, *"Between Facts and Norms"*, Cambridge, Mass: MIT Press, 1998

[13] Douglas Kellner, "Television and the crisis of democracy". Boulder. Westview press. 1990 достапно на www.gseis.ucla.edu/faculty/kellner/kellner.html

[14] Јакимовски Љубомир, *„Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество"*, Правен факултет - Јустинијан I, Скопје, 2003 стр. 18

слобода на печатот и јавна расправа.[15] Тој велел дека власта секогаш се раководи од своите интереси, притоа и е спремна да чини зло, но ако во тоа не ја спречи стравот од јавноста, таа тоа зло ќе го направи. Затоа, неопходни биле тајно гласање, чести избори и слобода на печат бидејќи без нив немало слободно и делотворно изразување.

Понатаму, од помодерните теоретичари, во врска со теориите за јавното мислење, особно значајни се неколку: Волтер Липман, кој во дваесетите години на 20 век пишува дека јавното мислење би требало да претставува главен подвижник во демократиите. Аналогно на тоа, би било разумно да се изнајде некоја дефиниција, а сепак не наоѓаме. Јавното мислење е самоконституирачка сила. Потоа, во негова линија се движи и Славко Сплихал, кој тврди дека јавното мислење е историски детерминирано и затоа секое воопштување е тешко. Франце Врег во шеесетите години на 20 век тврди дека услов за формирање на јавното мислење е јавната расправа.[16] Јирген Хабермас преку своите трудови, преку критичката и трансформационата теорија акцентот го става на јавното мислење како основен елемент во партиципативната и дискурсивната демократија. Понатаму, значајна улога во анализирањето и дефинирањето на јавното мислење дале и Џон Дјуи, Рајт Милс, Фердинанд Тенис, Елизабет Ноел Нојман, Мезиров, Московици, Липсет итн.

Според новите теории, јавното мислење претставува збир на индивидуални мислења, што е несомнено логички и точно. Но, предмет на истражувањата и не е толку јавното мислење, туку кој и колкаво влијание има врз формирањето на јавното мислење. Ова е особено актуело со развојот на плуралистичкото општество и масмедиумите. Притисокот врз јавното мислење е голем од разни политички субјекти кои сакаат да остварат непосредна корист од таквата манипулација.

Во најново време, динамиката на јавното мислење ја креира и развојот на мас медиумите, информациските системи кои постојано се усовршуваат. Медиумите веќе сконцентрираа огромна моќ со која влијаат и во високо развиени демократии. Ефектот глобално село, каде преку развојот на интернетот сите информации ни се на дофат, значајно придонесе во развојот на

---

[15] Bentham Jeremy, *"On the liberty of the press and public discussion"*, London, 1821

[16] Јакимовски Љубомир, *„Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество"*, Правен факултет - Јустинијан I, Скопје, 2003 стр. 27

јавното мислење. Но, сепак тоа е меч со две острици, затоа што, за масовните и глобални медиуми е карактеристична намерата за влијание, додека за науката е карактеристична волјата за вистината. Затоа, голем проблем во светски размери може да настане кога ќе се спојат лагата и моќта. Вистината станува привилегија на елитите. Стравот и страдањето се основа на секоја манипулација, при што наместо вистини, се нудат лаги, се помалку се верува на сопствените очи, а се повеќе се верува на сликите на екранот, печатот, радиото, интернетот, со што се добива една искривена дедуктивна слика за другите втмелена на страв, омраза, агресивност и демонизација.[17] Јавноста е сепак медиум преку кој се остварува моќта и влијанието, поготово во најновото информациско општество, па затоа и интересот за влијание на јавното мислење е огромен. Со јавното мислење може да се манипулира благодарение на монополот што врз медиумите и информациите го имаат елитите.[18] Зиновјев тврди дека медиумите не станаа само оружје за собирање и ширење на информациите кои некој друг ги произведува, туку тие се произведувач, контролор и господар на информациите.[19] Несомнено, според Тенис, и традицијата сепак има многу големо значење во обликувањето на јавното мислење.

Според Харвуд Чајлдс главни категории во проучувањето на јавното мислење се Анкети, јавно мислење за одделни групи со специфични прашања, влијанието на избраните субјекти врз формирањето на јавното мислење, изборно однесување, комуникации, пропаганда, истражување, теорија. Јавното мислење што го отсликуваат анкетите би требало да биде некаква демократска противтежа на се поголемата независност на политичките претставници, а со тоа и на елитистичките тенденции за владеење со народот.[20]

[17] Милашиновиќ Срѓан, Кешетовиќ Желимир, Јефтович Зоран, Лаковиќ Војо, „*Влијанието на медиумите врз преобликувањето на војната и тероризмот во глобалниот поредок*" , Годишник на Факултетот за безбедност, Година 4 бр. 1, Скопје 2009 стр. 372

[18] Ванковска Билјана, „*Политички систем*", БОМАТ ГРАФИКС, Скопје, 2007, стр. 52

[19] Цитирано според: Милашиновиќ Срѓан, Кешетовиќ Желимир, Јефтович Зоран, Лаковиќ Војо, „*Влијанието на медиумите врз преобликувањето на војната и тероризмот во глобалниот поредок*", Годишник на Факултетот за безбедност, Година 4 бр. 1, Скопје 2009 стр. 372

[20] Јакимовски Љубомир, „*Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество*", Правен факултет - Јустинијан I, Скопје, 2003 стр. 116

## 2.2. Истражување на јавното мислење

Институализацијата на јавното мислење се јавува и преку неговото истражување. Истражувањето на јавното мислење во најново време од научна дисциплина, прерасна во комерцијална дејност, што е факт интересен сам по себе за истражување. Истражувањето на јавното мислење се создало во почетоткот на 19 век во САД. Тогаш се родила пракса да се вршат разговори во врска со некоја тема, притоа сопирајќи ги луѓето на тротоари, со анкети или пак преку пошта со претплатници на списанија. За година и место на „раѓање" на испитувањето на јавното мислење се зема 1824 година кога известувачите на весникот Харисбург Пенсилваниа ги прашувале жителите на Вилмигтон во државата Делавер за кој од трите кандидати за претседател ќе гласаат.[21] Еден од првите истражувачи на јавното мислење во САД бил Џорџ Галуп. Тој бил убеден дека истражувањата на јавното мислење може да ги надмине ограничувањата на репрезентативноста на парламентарната демократија.

Понатаму, методологијата на истражување на јавното мислење се развива паралелно со развојот на статистиката, особено со теоријата на веројатноста. Овие два елемента може да се каже дека се во дијалектичко единство.

Хабермас смета дека истражувањето на јавното мислење нуди само определена слика на огледалото на јавното мислење, кога е веќе остварено формирање на специфични мислења во мобилизираната јавност.

Истражувањето на јавното мислење претставува средство за постигнување на три цели: Изработка на модел на јавно мислење; утврдување на дистрибуција на променливи вредности; опис и претставување на карактеристичните ставови на определена популација.

Во Македонија денес истражувањето на јавното мислење е еден од секојдневните процеси кои се одвиваат во државата. Но, тоа не се истражувања со практична примена кои реално ја рефлектираат волјата на народот со цел полесно да се реши некој проблем, туку повеќето се со дневнополитички цели.

---

[21] Ibid стр. 98

Овде граѓаннот активно не учествува во креирањето на политиката, во критиката, и во одлучувањето, туку е сведен на статистички податок, обична бројка. За жал , елитите и политичките субјекти (партиите), прават континуиран притисок со цел тие да го наметнат ставот кај поединците, а не обратно. Со овој процес, се создава една маса, која само со својата пасивност и штети на демократијата. Како што кажал Орвел, се раѓа еднодимензионален човек кој смислата на живеењето ја гледа во наметнатите материјални потреби: исхрана, облека, домување, потрошувачка, додека мислењето и ставовите ќе ги добива бесплатно.[22]

Истражувањето на јавното мислење во Македонија започнува некаде од шеесетите и седумдесетите години на 20 век. Во градењето на неговиот статус како значајна академска дисциплина, според Јакимовски Љубомир најважна улога има Чокревски Томисав. Според него, јавното мислење суштински е проблемот на комуникација меѓу власта и граѓаните, односно колку и како една структура на општеството е заинтересирана и се обидува да влијае врз државните работи. Јавното мислење означувало „ расудуваање, погледи, ставови и расположенија на пошироката јавност за прашања од општ интерес, од кои произлегува определено поведение или акција"[23]

## 2.3. Односот на граѓаните со власта во демократските општества

Граѓанското општество фунционира на база на тоа дека владата не е целосен, ниту конечен претставник на нив. Притоа, граѓанското општество има двојна функција, да осигура дека тие кои ја имаат моќта не ја злупотребуваат и трансформацијата на системот да генерира поголема демократска пракса. Во комплексното модерно општество, квалитетот на демократијата се базира на постоење на јавната сфера, човечката интелектуална, умствена вклученост во политиката и организациите кои помагаат да се формира мислење преку дискурс. Одовде призлегува дека секоја политика и влада која сака да владее од

[22] Цитирано според: Милашиновиќ Срѓан, Кешетовиќ Желимир, Јефтович Зоран, Лаковиќ Војо, *„Влијанието на медиумите врз преобликувањето на војната и тероризмот во глобалниот поредок"*, Годишник на Факултетот за безбедност, Година 4 бр. 1, Скопје 2009 стр. 373

[23] Чокревски Томислав, *„Социологија на комуникации"*. НИП „Студентски збор", Скопје, 2000

име на народот, не треба да чека само потврда на избори, туку да постигне консензус со јавното мислење.[24]

Во Република Македонија, веднаш по осамостојување дојде до активност на јавноста, поради македонскиот менталитет се да се знае, но понатаму поради наглото осиромашување на граѓаните и исчезнувањето на средниот слој, се изуби интензитетот на активност на јавноста и се се сведе само на изборното тело и активности.

Политичките партии се посебен феномен во Македонија. Одлика на плурализмот и демократијата е постоење на повеќе партии. Принципот на јавност е клучен за демократијата. Но партиите внатрешно се херметички затворени за јавноста.[25] Во нив владее строг хиерархиски модел на организација каде што лидерот или друга авторитативна личност се неприкосновени и никој не смее да им се спротивстави ни во најмал обем. Од овде излегува парадоксална ситуација каде што партиите се одлика на демократијата, а тие самите не се демократски изградени.

Сепак, партиската елита не е наполно независна. Идеологијата на партијата ретко кога доаѓа до израз, затоа што секогаш предност им се дава на интересите. Ако некој интерес на елитата во партијата е во спротивност со идеите на партијата, толку полошо за идеите. Партиите трпат големо влијание од останатите центри на моќ, како што се елитата од бизнисот и финансиите, воениот комплекс (во случајот со Македонија полицискиот, затоа што воениот е максимално маргинализиран), странските амбасадори и влијателни личности, и во помала мера универзитетите, научната јавност, синдикатите.

Во светот имаме и примери каде што јавниот дискурс испаднал победник над власта. Таков е примерот со американскиот претседател Ричард Никсон. Тој имал мнозинство гласови кога бил избран за претседател, но поради аферата „Вотергејт“, во која угледниот весник „Њујорк Тајмс“ уверливо го докажа прислушувањето, морал да се повлече. Јавниот дискурс овде од критичка и корективна функција се претвори во управувачка. Со тој чин, јавноста се трансформира во првостепен политички субјект.[26]

---

[24] www.adulteducation.nuim.ie/dpartment_staff/documents/HABERMSDEMOCRACYANDCIVILSOCIETY.pdf

[25] Јакимовски Љубомир , *„Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество"*, Правен факултет - Јустинијан I, Скопје, 2003 стр. 61

[26] Ibid стр.56

Ваков пример на моќен јавен дискурс во Македонија е буквално незамислив. Авторитетите кај нас воопшто не ја респектираат јавноста и многу тешко се влијае на нивните дејствија. Напротив, тие влијаат врз јавноста која е лесно подложна на влијанија од авторитети.

## 2.4. Дебатата како фундамент во дискурсивната демократија и примената во Македонија

Според Хабермас, постапка која е особено важна за да се дојде до вистинско разбирање на човековите потреби и интереси е да се влезе во демократска дебата. Овие потреби се поделени и во дискурсот се објаснети и трансформирани. Динамичното граѓанско општество е суштинско за демократијата. Убедувањето кое ја ослободува, отвара јавната дебата има трансформациона функција.[27]

Што е всушност дебата? Дебатата е формален метод на интерактивно и репрезентативно аргументирање. Таа е поширока форма на аргументација од логичката аргументација која ја проучува доследноста преку аксиоми и фактички аргументи, кои единствено испитуваат што е или што не е точно, или од реториката која е само техника на убедување. Иако логичката доследност, фактичката издржаност и ограничените емоционални апели кон публиката се важни елементи во уметноста на убедувањето, во дебатирањето, едната страна често победува преку презентирање на супериорен контекст или рамка на спорното прашање, пристап кој е многу посуптилен и стратешки. Секоја страна во дебатата е за (афирмативна), или против (негативна) во врска со поставеното тврдење, односно теза. Во сите форми на дебата, задачата на негативната страна (тим) е да уништи доволно од афирмативните аргументи за тезата да не се усвои. *Но, во одредени форми на дебата се очекува негацијата да предложи алтернативно решение.*[28]

Аналогно на дефиницијава за дебата, може да се изјасни и отслика и искуството во Македонија. Во демократското општество во РМ дебатата е

[27] www.adulteducation.nuim.ie/department_staff/documents/HABERMSDEMOCRACYANDCIVILSOCIETY.pdf
[28] http://mk.wikipedia.org/wiki/дебата

присутна на повеќе нивоа, како во граѓанскиот, така и во државно-политичкиот сектор. Преку образовните институции, медиумите, особено телевизијата, радиото и интернетот, се продуцираат мноштво дебати од разни области. Но, карактеристично е што во пракса многу ретко во дебати учествуваат претставниците од власта, во прашања што ги засегаат граѓаните. Исто така, и интелектуаците се многу слабо застапени, како интелигенција која е должна да го унапредува општеството. Дебатите се сведуваат на емоционално празнење, често неаргументирани ставови со кои обичниот граѓанин си се олеснува по некое прашање кое го мачи. Дебатите се најчето хоризонтални, затоа што во нив учествуваат страни од иста општествена група. За разлика од развиените демократии, кај нас елитите многу ретко влегуваат во дебати.

Друг проблем во Македонија е што дебатите и дискурзивната демократија не се употребуваат со еднаков аршин кон сите општествени проблеми. Пример, за проблемот со името на РМ, се отвараат дебати на сите и меѓу сите три нивоа: граѓани, власт, интелектуалци. Но, за други, исто така важни стратегиски прашања нема никакви дебати или тие се сосема маргинализирани. Јавниот сервис на МТВ како еден медиум каде што би требало да се практикуваат е сосем пасивен.

Од осамостојувањето, стратегиски теми за кои досега немало доволно дебати, јавни расправи или биле маргинализирани се: приватизацијата на општествениот капитал по излегувањето од социјализам, потпишувањето на Рамковниот договор во 2001 година, референдумот од 2004, стратегијата на РМ за членство во НАТО и укинувањето на воената регрутна обврска. Сите овие прашања се спроведени од елитите во пракса или се спроведуваат без притоа да се прашаат граѓаните, кои се и најзасегнати од одлуките. Решенијата кои произлегоа беа сурово наметнати на јавноста, со што целосно се исклучи граѓанското општество и дискурсивната демократија. Последиците од овие сосема недемократски потези на елитите се чувствуваат сега или ќе се почувствуваат во иднина.

Особено забележително е маргинилизирањето на јавната дебата во врска со интеграцијата на РМ во НАТО. Оваа стратегиска определба се смета како врховна догма за сите политички фактори во Македонија. Бидејќи се смета за стратегиска определба, неопходно е да помине низ филтерот на партиципативната и дискурсивната демократија. Ако се исклучи јавноста, тоа

веќе не се смета за демократија, туку автократија. Самиот поим демократија значи владеење на народот, или пак владеење на народот, од народот, за народот, како што дефинирал американскиот претседател Абрахам Линколн.[29]

Во контекст на ова, пракса во РМ е во врска со некое прашање, како во случајот со НАТО, да се мери само јавното мислење преку анкети и ништо друго. Според одредени светски автори, „анкетите ги надополнуваат, но не ги заменуваат другите начини на изразување на мислење".(Милер 1995). Најголем проблем се јавува овде со тоа што анкетите се манипулираат и служат како средство за „изработка на јавно мислење". Според Славко Сплихал, истражувањето на јавното мислење со анкети се поместило од критичка позиција во процес на индустриско масовно „производство на мислење". Според него, особено е маркантно и не треба да се запостави тоа што во сите анкети значителен процент од граѓаните одговараат со „незнам" или „немам одговор", што е доказ дека голем процент од нив немаат оформено свое мислење за некое прашање.[30] Во случајот со НАТО, мнозина од граѓаните и од елитите буквално не знаат што е тоа НАТО и немаат прецизни информации. Едноставно, комформно се убедени дека „тоа" е нешто многу добро за нив, без да навлезат подлабоко во дилемата која е пред нив. Имајќи го предвид дефетизмот и пасивноста на македонскиот граѓанин, недемократската традиција во неговиот менталитет, може само да се претпостави колку е тој подложен на „производство на мислење". Во контекст на ова, никој не може да го утврди степенот на објективност на водителот на анкетата, поготово во мало општество како Македонија.

Затоа, интеграцијата во НАТО не смее да се потпира на анкетите, како единствена форма на испитување на јавното мислење, бидејќи се гледа колку тоа може да биде изманипулирано и погрешно да ја рефлектиа состојбата, со која во иднина би настанале сериозни импликации. За таа цел, во РМ треба да се организираат мноштво дебати, полемики, трибини, актуелизации, пропаганди, тркалезни маси, со цел да се достигне повисоко ниво на

---

[29] http://dadalos.org/kr/Demokratie/Demokratie/Grundkurs1/material/zitate.htm.#.Demokratie
[30] Цитирано според: [30] Јакимовски Љубомир, *„Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество"*, Правен факултет - Јустинијан I, Скопје, 2003 стр.120, 123 и 124

демократија. Овде е особено значајно тоа што овие механизми преку малцински групи инспирираат тивка социјална промена и иновација (Московици).[31]

Едноставно, две милиони глави подобро резонираат и можат да дадат повеќе идеи од неколку, па макар тие биле и најмудрите во свет. Следствено на ова, со самата развиена дискурсивна демократија и организација на мноштво дебати и трибини, сосема веројатно е да се создадат нови, иновативни елементи во процесот на НАТО интеграција. Со самото соочување на аргументите на за и против (постојат и едните и другите), согласно на теоријата на Московици за иновација од развиен јавен дискурс, многупати е поголема веројатнота да се изнајдат нови модули кои би помогнале во интеграцијата во НАТО, или полесно би ги детектирале слабостите со цел да се надминат. Ова е особено важно за апологетите за зачленување на РМ во НАТО, меѓу кои и власта, кои со немањето на дебати, трибини и нивното ограничување всушност сами себе се ограничуваат. На сличен начин треба да се третира и проблемот со името, иако не е предмет на истражување во овој труд, сепак мора да се спомене бидејќи е коплементарен.

Во контекст на ова, од особена важност во едно развиено демократско општество е и критиката. Тргнувајќи од фактот дека ништо не е совршено, критиката е сосема нормална и пожелна работа. Венко Андоновски вели дека се што не е критички третирано е кич. Секоја паричка има две страни. Развиената дискурсивна демократија ја промовира критиката во сите нејзини аспекти. Но, на тој начин се откриваат слабите точки на системот кој е критикуван и тој е лесно подложен на развој, усовршување итн. Во Македонија критиката сеуште не е актуелна во доволна мера. Критиката кон некој субјект, веднаш повлекува стигматизација кон критичарот. Поради тоталитарното минато на Македонија, критиката сеуште тешко се прифаќа, а уште потешко се дава. Истото се однесува со НАТО интеграцијата. Секоја критика кон овој процес веднаш е етикетирана во тоталитарен стил како антиевропско прокламирање. Ваков процес како НАТО интеграцијата на Република Македонија не смее во никој случај да се води без критичко согледување на недостатоците, затоа што тоа е права демократија, ќе се изнајдат нови модуси и можеби ќе се изнајде посоодветно алтернативно решение.

---

[31] Moscovici Serge, "Social influence and social change", London, Academic Press, 1976

# *Глава 2*

## НАТО: Основни цели, Развој и Иднина

## 3.1. Развојот на НАТО

### 3.1.1. Основни принципи и цели на Северноатлантскиот договор

По својата конституција, НАТО претставува меѓународна организација. Според реалистичкиот пристап, меѓународните организации постојат заради потребата од канализирање и остварување на државните интереси[32] на суверените држави. Неореалистите тврдат дека меѓународните организации се рефлексија на моќта на најсилните членови. Според Томас Мол, меѓународните организции се „привремени бракови од полза"[33]. Но, поинакво гледиште има либералистичкиот поглед, кој тврди дека меѓународните организации се темел на меѓународната стабилност и решение за анархичниот свет во кој егзистираат државите[34]. Една од основните карактеристки на меѓународните, но и на сите други организации, е поставување на одредена цел.

Аналогно на оваа констатација, како и секоја организација и НАТО има своја цел. Таа е содржана во основниот документ. Повеќето меѓународни организации своите базични принципи и целите на своето постоење ги елаборираат во својот основачки документ.

Северноатланскиот договор во кој се наведени целите и базичните принципи е потпишан на 4 Април 1949 година, со што се смета дека и официјално се удрени темелите на НАТО. Оваа организација е основана како колективен одбранбен систем со цел зачувување на мирот и стабилноста, врз основа на член 51 од Повелбата на ООН.[35] НАТО е алијанса заснована на политичка и на воена соработка на независни земји членки. Северноатлантскиот договор е политичка рамка која е моделирана да спречи или да одврати агресија[36].

Во почетокот на своето формирање, кохезијата помеѓу членките на Северноатланскиот договор ја засилувала потенцијалната опасност од

[32] Vukadinovi~ Radovan, *"Me|unarodni politicki odnosi"*, Politicka kultura, Zagreb, 2004

[33] Mowle Thomas, *"Allies at Odds: The united States and the European Union"*, Pagrave Macmilan, New York, 2004

[34] Киркова Рина, *„Иднината на НАТО, редефинирање на трансатлантското сојузништво"*, Аутопринт Т.А. Скопје, 2010

[35] http://nato.int/docu/basictxt/treaty.htm

[36] Никола Кљусев, Трајан Гоцевски, Стојан Славески, Оливер Бакрески, *„Интересите на Република Македонија за членство во НАТО"*, МАНУ-Центар за стратегиски истражувања, 2007

Советскиот Сојуз. Додека Европа била економски и инфраструктурно уништена, Советскиот сојуз создаде армија која својата моќ и хегемонија ја насочување кон Централна и Источна Европа. Сите западни лидери беа убедени дека политиката на Советскиот Сојуз му се заканува на меѓународниот мир и безбедност. Во тој период, СССР ги анектирал Естонија, Литванија и Монголија, како и делови на Финска, Романија, Полска, северниот дел од Западна Германија и источна Чехословачка, а се зголемил притисокот кон Грција и Турција.[37] Во таа година, односно 1947 година, земјите од Западна Европа се свртуваат кон САД како единствена сила која би и пружила економска, политичка и воена помош. Како резултат на сето ова, во истата година е родена таканаречената „Труманова доктрина" која ги одразува интересите на САД за поддршка на слободата на луѓето. Следува и „Маршаловиот план" за економско воздигнување на Европа која била разрушена по војната, по што следува и Бриселскиот договор, потпишан од Белгија, Франција, Луксембург, Холандија и Обединетото Кралство, како и до формирање на Западноевропската унија. Друг важен процес за формирање на НАТО од тој период е донесувањето на Вандерберговата резолуција, која претставува финализирање на процесот со кој САД и западноевропските земји ќе изградат колективен систем за самоодбрана, заснован врз член 51 од Повелбата на Обединетите нации. Овој текст е адаптиран со што настанал Сеерноатлантскиот договор кој е потпишан на 4 април 1949 година.

### 3.1.2. Периодизација на развојот на НАТО

Меѓународните односи и текот на Студената војна, создадоа неминовни предуслови за развој на НАТО и негова постепена трансформација, како на организациски план, така и на структурален. Имено, овде настанува и еден парадокс во темелните вредности на НАТО. Основни задачи на новиот сојуз се заштита на демократските вредности, владеење на правото и личните слободи. Но, сепак во текот на студената војна овие вредности беа погазени. Доказ за тоа била толеранцијата на тоталитарен режим во сопствените редови.

[37] Ibid. стр. 9

како што била воената диктатура на Димитрис Јоанидис во Грција[38],. Но, сепак овој преседан бил толериран во интерес на одржувањето на силна алијанса во воена смисла. Од настанувањето до денес, развојот на НАТО го карактеризираат неколку периоди[39].

Првиот период започнува веднаш по потпишувањето на договорот во 1949 година и трае до 1956 година. Овој период го карактеризира екипирање и усогласување на државите потписнички. Тие се: Белгија, Луксембург, Холандија, Данска, Норвешка, Франција, Исланд, Италија, Португалија, Британија, Канада и САД. Во оваа фаза кон НАТО се приклучуваат и Грција и Турција во 1952 година, како и Западна Германија во 1955 година. Во овој период државите потписнички настојуваат да изградат ефикасен систем на колективна одбрана, при што имаат постојани меѓусебни договарања и консултации на политички план.

Вториот период од развојот на НАТО започнува во 1956 година и трае до 1967. Во овој период е прифатен Извештајот за невоена соработка во НАТО, познат како извештај на комитетот на тројцата. Невоената соработка станува движечка сила во политичките консултации помеѓу членките, а се однесуваат на односите Исток – Запад. Овој вид соработка се однесува на голем број подрачја, односно на соработка во областа на науката, помошта во случај на природни катастрофи, борба против тероризмот, проблеми во областа на енергетиката и друго.

Третиот период започнува во 1967 година со прифаќањето на Извеtајот за идните задачи на Алијансата, познат како Harmel Report. Овој период се карактеризира со зададената обврска на членките да продолжат со усовршување на способностите за одбрана и одвраќање, позитивно приближување на Истокот со Западот, запирање на трката за вооружување и средување на меѓусебните недоразбирања и тензии како круцијално прашање. Причина за последнава карактеристика на овој период е излегувањето на Франција од интегрираната команда на НАТО во 1966 година. Во 1982 година членка на НАТО станува и Шпанија.

[38] Киркова Рина, *„Иднината на НАТО, редефинирање на трансатлантското сојузништво"*, Аутопринт Т.А. Скопје, 2010 стр. 55

[39] Кузев Стојан, *„Стратегија за одбрана"*, Југореклам, Скопје, 2001

Четвртиот период од развојот на НАТО започнува во 1991 година, со утврдување на новиот стратегиски концепт на алијансата усвоен на самитот во Рим. Овој период од развојот на НАТО го карактеризира кооперација, ефикасна колективна одбрана, дијалог, контрола врз вооружувањето, унапредување на мирот, флексибилност во односите. Но, уште поважен показател за почетокот на овој период е завршувањето на Студената војна и распадот на реал-социјализмот, распуштањето на Варшавскиот пакт на 25 февруари 1991 година, кој создаде други насоки на НАТО и отвори многу прашања за опстанокот на НАТО. Со овие настани, реалистите во светот очекуваа да се самораспушти и НАТО, бидејќи исчезна една од базичните причини и доктрини поради кој беше создаден. Но, НАТО продолжи да опстојува во меѓународните односи. Според одредени западни автори, како што се Carl Hodge и Zbignev Br`e`inski, по распадот на СССР, САД стануваат империја, а НАТО не е ништо друго освен покритие за нивните стремежи. Глобалниот американски униполаризам, потсетувал на претходните светски империи. Империите ја засновале својата моќ врз своите вазали и протекторати, додека останатите од тој круг се сметале за варвари и закана. СССР и Германија не претставувале повеќе закана, по што логички САД би требало да ја оставаат Европа сама да се развива. Но, во меѓувреме се случува Заливската војна, се раѓа доктрината за демократија која треба дури и насилно да биде поставена, како и обврската дека посилните треба да ги штитат послабите, со што опстанокот на НАТО повеќе не беше доведен во прашање. Во овој период е воведена програмата Партнерство за мир, како приближување на безбедносен план со повеќе држави, меѓу кои и Русија. Овде од особена важност е мисијата на НАТО во Босна и издејствувањето на Дејтонскиот мир.

Петтиот период во равојот на НАТО започнува во 1999 година, со донесување на новиот стратегиски концепт на Алијансата[40]. Во овој период и со оваа стратегија е детерминирано дека и понатаму колективната одбрана е најбитната функција на Алијансата која треба да ја оствари преку зајакнување на трансатлантските врски, но за прв пат посебен акцент му е ставен и на тероризмот и борбата против сите негови облици. Освен тоа, Алијансата би требало да има централно место во изградба на евроатлантската безбедносна

[40] The Alliance's Strategic Concept, Washington D.C. on 23rd and 24th April 1999, http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-065e.htm

архитектура преку нови шеми на соработка, контрола на вооружувањето, како и справување со комплексни ризици меѓу кои тиранијата, етничките потреси, распаѓањето на политичките поредоци и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување. Истата година за нови членки се примени Чешката Република, Унгарија и Полска. Во оваа година се случи и воздушниот напад на НАТО врз СР Југославија, односно Србија, со што практично се реализира новата стратегија на НАТО за заштита на послабите од посилните и спречување на етничко чистење. Од денешен аспект, оваа интервенција има пошироки геополитички реперкусии. Понатаму, следува конфликтот во 2001 година во Република Македонија, при што ангажманот на НАТО остана дискутабилен до ден денес, заради постоењето докази и индиции за нивно помагање и логистика на терористите, освен мисијата „Суштинска жетва" за собирање на нелегалното оружје, која беше делумно успешна. 2001 година е каракеристична по тоа што се случија терористичките напади во САД врз светскиот трговски центар во Њујорк и зградата на Пентагон, седиштето и командата на американската воена машинерија. По овие случувања, НАТО на чело со САД го нападнаа Авганистан. Оваа војна трае до ден денес, без да и се гледа крајот и победникот. Потоа, следуваше интервенцијата во Ирак, во 2003 година, наводно за пронаоѓање на оружје за масовно уништување. Оваа војна заврши, но настана хуманитарна криза која сеуште трае, придружена со зголемен број на терористичи напади врз ирачките граѓани од страна на разни терористички групи. НАТО после овие ангажмани, учествува и во хуманитарна мисија во Дарфур[41]. После големиот број цивилни жртви и бегалци во граѓанската војна од 2003 година во овој немирен африкански регион, НАТО интервенира само хуманитарно, притоа давајќи транспортно-логистичка поддршка и обука на африканските офицери. Во овој период дојде до проширување на Алијансата со нови земји. На самитот во Прага во 2002 година, покана за членство во НАТО добија дури седум држави – аспиранти: Словачка, Словенија, Романија, Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија. На самитот во Букурешт, 2008 година покана добија Албанија и Хрватска[42]. Ова проширување според сите парамери требаше да ја опфати и Македонија, но поради спорот со името, Грција постави

---

[41] Ружин Нано, „*НАТО во современите меѓународни односи*", Фондација „Фридрих Еберт", Скопје, 2010 стр. 165
[42] Ibid стр. 348

вето и до тоа не дојде. Во овој период членките се залагаа да ја определат идната концепција на НАТО и прецизна рамка за идните ангажмани, но ова очекување не се оствари. Овој пропуст негативно влијаел врз трансатлантските односи по нападите од 11 Септември.

Шестиот период започнува во 2010, со донесување на новиот стратегиски концепт. Овој концепт го изработи Комитетот за изработка на новиот стратешки концепт, под раководство на Медлин Олбрајт по принципот на извештајот Harmel од 1967 година, каде сите горливи прашања биле ставени на маса за разгледување. Овој најнов концепт го навести уште Генералниот секетар на НАТО Jaap de Hoop Scheffer , во Колегиумот за одбрана на НАТО во Рим на 28.05.2009 година. Тој истакнал дека „претходниот концепт не ги земал во предвид настаните од почетокот на XXI век, како што се терористичките напади од 11.09.2001 година и војната во Авганистан, како и трансформацијата на Алијансата која од евроцентрична ги надминува границите на Европа“[43].

Според оваа стратегија и концепција, најнови приоритети на НАТО се: тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, банкротот на државите, сајбер нападите, енергетската политика, пиратеријата и климатските промени. За време на овој период од развојот на НАТО, поготово од март 2011 година, како позначајна активност на НАТО е интервенцијата во Либија со која им се дава воздушна и логистичка подршка на бунтовниците против тоталитарниот владетел Моамер Ел Гадафи и неговата фамилија. Оваа интервенција е во склоп со новата стратегија со која НАТО повеќе не е евроцентричен, и притоа може да дејствува активно надвор од териториите на неговите членки. Оваа интервенција, предизвика големи несогласувања и полемики помеѓу земјите членки на НАТО, кои повеќето водени од национални интереси, не се во единство со официјалната политика на НАТО. Цивилите кои се наоѓаат во средината помеѓу овие два огна, се само колатерална штета која произлегува секогаш при вакви интервенции.

[43] Цитирано според: Ружин Нано, „*НАТО во современите меѓународни односи*“, Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје, 2010 Ibid стр. 35

## 3.2. Политиката на НАТО и организациона поставеност

НАТО е составена од суверени и независни држави, со различни културни, историски и цивилизациски придобивки, со различна големина и политичко уредување. Сите тие имаат еднакви права, односно право на глас. Одлуките на Советот на НАТО се донесуваат со заедничка согласност, односно консензус, кој важи за правило на Алијансата. НАТО претставува наднационална организација, но сепак не се меша во внатрешната политика на државите – членки. Сепак, реалните интерперсонални констелации укажуваат дека одредени држави - членки имаат големо влијание во главните стратегиски одлуки на Алијансата. Тоа се членките кои поседуваат нуклеарно оружје и се постојани членки на Советот за безбедност на Обединетите нации. Но, некои раководни функции на определени места во НАТО постојано ги држат државјани на САД или Велика Британија

Во рамките на НАТО се одвиваат неколку важни процеси, кои се есенцијални за функционирањето на организацијата:[44]

Политичките консултации се базични елементи за разменување на искуствата од заеднички интерес за земјите членки. Тие се однесуваат на прашања од делокругот на членките, но и надвор од географското подрачје покриено со договорот, кои имаат врска и влијание на Алијансата.

Економската соработка произлегува од членот 2 од Договорот, според кој членките ќе допридонесуваат за развојот на НАТО и ќе ги унапредуваат условите за стабилност и благосостојба. Тие се должни да ги решаваат и економските конфликти како услов за политичка интеграција и соработка. [45]

Одбранбената политика на Алијансата е во контекст со основните цели, а тоа е создавање на безбедност за нејзините членки, одржување на мирот, спречување на војна, особено низ призмата на превентивната дипломатија и успешниот кризен менаџмент.

Одбранбеното планирање е неоходна активност со која НАТО своите ресурси треба да ги усогласи со основните цели на организацијата. Тука се

[44] Никола Кљусев, Трајан Гоцевски, Стојан Славески, Оливер Бакрески, *„Интересите на Република Македонија за членство во НАТО"*, МАНУ-Центар за стратегиски истражувања, Скопје, 2007

[45] NATO Handbook, Office of Information and Press NATO – Brussels – Belgium, 2001

вклучени заедничкото планирање на силите, воените потреби, развојот на науката и технологијата. Според Гоцевски Трајан[46], одбранбеното планирање содржи четири активности на НАТО, и тоа: структура на силите, вооружување, логистика и инфраструктура.

### 3.3. Буџет на НАТО

Секоја земја членка одвојува дел од својот национален буџет за одбрана во буџетите со кои располага и раководи НАТО. Раководењето со финансиските трошоци се спроведува преку цивилните и воените структури. Висината на надоместокот на државите во буџетот на алијансата е пресметан според формула за поделба на трошоците, коа е прифатена од сите земји членки. Но, одредени сегменти од НАТО се финансираат директно од земјите членки. Притоа, ниту една држава не смее да поднесува поголеми финансиски трошоци од оние кои и се определени. Буџетите се надгледувани од страна на Комитетот за воен буџет и Комитетот за инфраструктура. Во Комитетот за инфраструктура е имплементирана „Програма за инвестирање во служба на безбедноста", чии одредби се однесуваат за реализација на одредени планови на НАТО. Во алијансата егзистира и Главно биро за средства кое се грижи за придонесите на среден и долг рок и воени ресурси кои се финансираат заеднички. Организациски, овие комитети исто како и другите се составени од претставници на секоја земја членка. Менаџирањето на буџетите се врши од страна на финансиски контролори кои се задолжени за разни сегменти од структурата на НАТО и ја следат примената на Финансискиот правилник на организацијата.[47]

[46] Гоцевски Трајан, *„Основи на системот на национална одбрана"*, Филозофски факултет, Скопје, 2006

[47] Ружин Нано, *„НАТО во современите меѓународни односи"* , фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2010 стр. 31




Слика 1

НАТО и Варшавскиот пакт: Студена војна




Слика 2

НАТО во 2010 година

* Географските карти се претставени без САД и Канада, членки на НАТО, со цел посликовито претставување на малите држави во Европа

### 3.4. Иднината на НАТО: можни правци на трансформација

Во епоха кога безбедносните тенденции, предизвици и закани се толку динамични, неопходно е и системите за безбедност да бидат динамични, прилагодени и трансформирани. Аналогно на ова, неизбежно произлегува и потребата од прилагодување на НАТО согласно новите предизвици. Во минатото заканите иако биле големи, сепак полесно се согледувале, и според тоа се конципирала безбедносната стратегија. Денес, а и во иднина, се наметнува потребата од трансформација на НАТО. Додека за време на Студената војна потенцијалниот непријател беше статичен, видлив и очекуван, денес радикално се менува заканата со што таа станува динамична, невидлива, неочекувана и асиметрична. Едноставно, традиционалните закани по безбедноста полека исчезнуваат или се намалуваат, додека ескалираат нетрадиционалните закани, како недржавни субјекти, а тоа се: тероризмот во сите негови облици, нуклеарната пролиферација и оштетувањето на

нуклеарните постројки и централи, сајбер – криминалот, пиратството, еколошките закани, социјалната несигурност, недемократските режими и економската деструкција на светскиот финансиски пазар. НАТО пактот гледано низ призмата на договорот од неговото основање, е тотално немоќен да одговори на сите овие асиметрични и нетрадиционални закани. Затоа, денешната гломазна структура на НАТО не е прашање дали, туку кога и како ќе се трансформира и адаптира за да одговори на овие закани, покрај постоечките традиционални закани. Иднината на НАТО е непредвидлива, но опстојувањето ќе се одвива на неколку можни начина. Постојат неколку можни правци кон кои ќе се одвиваат процесите на трансформација, а воедно ќе претставуваат иднината на НАТО сојузот.

**Првиот правец** кој се однесува на иднината на НАТО го елаборира Рина Киркова во своето дело „ Иднината на НАТО – редефинирање на трансатлантското сојузништво“.[48] Според неа, невозможно е односите во НАТО да се вратат во некогашната форма или да се задржат како што се сега. Трансформацијата претставува процес, а не настан. Таа ќе се одвива од есенцијално воена, кон есенцијално политичка организација. Досегашниот стереотип кој важеше за алијансата, односно дека САД ќе војуваат, а Европа ќе биде миротворец, во иднина не треба да се очекува. Во самата алијанса се издвојуват неколку подгрупи, кои во зависност од атлантската ориентација се поделени на: *Традиционални атлантисти* (Британија, Данска, Португалија), *Рефлексни атлантисти* (поранешните комунистички држави од Централна и Источна Европа), *Конјуктурни атлантисти* (Шпанија и Италија), *Неутрални држави* (Норвешка и Исланд) и *Европеистички ориентирани држави* (Франција и Германија). Според интересите на земјите членки, НАТО својата иднина ќе ја пронајде во следново: Олеснување на прогресот и на консолидација на регионите во Источна и Југоисточна Европа, како и нивна интеракција со НАТО; Институционална врска меѓу трансатлантската заедница и Русија; Гарант на безбедноста; Улога на алијансата како меѓународна организација (актер, арена и инструмент) и како амортизер на спротивставувањата.

---

[48] Киркова Рина, „ *Иднината на НАТО – редефинирање на трансатлантското сојузништво*“, Аутопринт ТА, Скопје, 2010 стр.176 - 182

**Вториот правец** во врска со иднината на НАТО, го предвидува и образложува Агенцијата за стратегиски предвидувања и анализи STRATFOR,[49] која претставува голем авторитет во меѓународните односи, при што мнозина разговорно ја нарекуваат „приватната ЦИА". Во 2010 година во Лисабон е донесен новиот стратегиски концепт на алијансата за наредните десет години. Но, во пракса алијансата делува како да е без стратегиски концепт. Во Студената војна, присуството на 50 оклопни дивизии и 2 милиони војници на Варшавскиот пакт западно од Урал (природна граница на Европа и Азија), пратставувало доволен обединувачки фактор за алијансата со кристално јасна стратегија. Но денес и во иднина, контекстот на закани континуирно се менува, а без јасна закана главна цел на алијансата станало проширувањето кон Централна и Источна Европа. Со секоја нова членка се појавува нов национален интерес, кој го дефинира контексот на закани, а консезусот за заедничка закана полека исчезнува. Милитантниот ислам што сега е актуелен сепак не претставува доволно обединувачка закана за алијансата. Јадрото европски држави членки на НАТО се во војна со себе за стратегијата и не сметаат дека Русија е исто така закана која би се решавала со воена сила. Без јасна закана и со премногу различни национални интереси помеѓу членките, препораките на експертите при конципирањето на стратегјата во 2010 година биле несоодветни. Несовпадливоста на интересите, па дури и судирање на едни со други, ќе продолжела и во наредните 10 години.

Алијансата нема да исчезне, но и недостига закана која во историјата ги одржала цврсти односите меѓу сојузниците. Без таква закана, разликите ја уништуваат алијансата. НАТО би продолжил да постои, но не поради обединувачката цел, туку поради недостигот од проблем., кој може да го уништи. Прашањето како да се трансформира НАТО за да остане важен фактор во 21 век може да се постави обратно: Што го обединува НАТО во 21 век? Според судирот на националните интереси внатре во НАТО, сојузниците се поделени на три групи:

- *Атлантисти* (САД, Канада, Британија, Данска, Холандија). Оваа група внатре во НАТО е предводена од САД. Нивна насока на делување во

[49] STRATFOR, Strategic Forecasting, inc Octomber, 2010, www.stratfor.org, пренесено од: http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=101510143523 8&id=23&prilog=1&setizdanie=22109

алијансата се неевропските извори на закана и неконвнционалните извори на закани (сајбер – безбедност, тероризам и сл.). Потоа, реформиран систем на донесување на одлуки, кој ќе елиминира вето на една членка во одредени ситуации и дозволување на генералниот секретар да носи одлуки без одобрување од членките. Ова би било највеќе од интерес на САД, кои имаат најголемо влијание во НАТО и врз генералниот секретар кој секогаш традиционално е од атлантска земја.

- *Европско јадро.* Оваа група е предводена од Германија и Франција. Тие сакаат поголема контрола врз неевропските ангажмани, поцврста и поефикасна алијанса со можност за намалување на трошоците со потпирање на разузнавачки и специјални операции, како и поголема соработка со Русија и повеќе консултации со меѓународните организации, пред се ООН. Оваа група претпочита воените вежби на НАТО да не бидат заканувачки.
- *Интермарум.* Оваа група ја сочинуваат главно земјите од Централна Европа. Тие изричито бараат НАТО да го потврди членот 5 и реторички и преку воени вежби, а алијансата да не престанува да се концентрира и на традиционалните и класичните закани (наместо неевропскиот фокус на Атлантистите). Тие инсистираат Русија да се вметне во стратегијата како држава која е потенцијална закана. Некои од нив сакаат отворена стратегија за членство на Украина и Грузија, границата помеѓу НАТО и Русија да се продолжи на исток. Засега, оваа иницијатива не е поддржана ниту од САД, ниту од европското јадро, дури ни од некои држави на Интермарум.

**Третиот правец** за иднината на НАТО го трасира влијателната американска тинк тенк организација „Council on foreign relations" во својот специјален репорт број 51 од Февруари 2010 година насловен како „The future of NATO"[50], изготвен од страна на Goldgeier M. James, професор по политички науки и меѓународни односи на универзитетот Џорџ Вашингтон во САД .

---

[50] Goldgeier M. James, *"The future of NATO"*, Council on foreign relations, US think tank organisation, 2010

Неговиот колега од CFR (www.cfr.org), Haass N. Richard во колумна во весникот „Вашингтон Пост"[51], прецизно со една реченица ја опишува целта на НАТО. Тој изјавува: „НАТО е темел за безбедноста на Европа и инструмент на надворешната политика на САД".

Главната поента на авторот е дека денес, а и во иднина, НАТО повеќе не е американски или европски инструмент на безбедноста, туку глобален. Тој алаудира на отпорот кој го даваат европските држави во врска со неевропските ангажмани на НАТО, како проблем кој мора да се надмине. Со таа политика, тој развива една претпоставка според која ако денес не би постоел НАТО, САД воопшто немало да инсистираат на негово создавање ниту би имале интерес од него.

Во меѓународните односи во XXI век, главен интерес на НАТО би требало да биде преземањето на светска водечка улога во креирањето на безбедноста. За таа цел, НАТО мора да го проширува своето влијание кон сите неевропски демократии, како на пример Австралија, Нов Зеланд, Јапонија, Јужна Кореја и специјален однос и соработка со Шведска, Финска, Австрија, Украина и со Русија. Освен проширување на влијанието, алијансата би требало да изнајде механизам со кој би се отворила можноста неевропските демократии да влезат во НАТО. Тој препорачува набрзо да се ревидира членот 10 од Договорот[52], според кој НАТО може да се проширува само во Европа. Со пристапувањето на неевропските демократии во НАТО, пред се Австралија, Нов Зеланд и Јапонија би се оствариле многукратни придобивки за алијансата. Овие демократии, досега се покажале како сојузници на НАТО и значително помогнале во Авганистан. Со нивен влез во НАТО, би се зголемила глобалната улога на алијансата, ќе се зголеми нејзината моќ, но и ќе придонесе полесно да се надминат кризите во трансатлантските односи, со образложение дека ќе се создаде опозиција на Европа, ќе се разбијат класичните поделби во НАТО, фокусот ќе се отргне од Европа и на тој начин алијансата ќе стане обединета, силна и спремна потполно да одговори на сите безбедносни закани во светот, како на традиционалните, така и на нетрадиционалните, како на европските така и на неевропските загрозувања, преземајќи глобална улога.

[51] http://www.washingtonpost.com/opinion/why-europe-no-longer-matters/2011/06/15/AG7eCCZH_story.html
[52] http://www.nato.int/docu/basictxt/treaty.htm

**Четвртиот правец** на иднината на НАТО го анализира Нано Ружин во своето дело „НАТО во современите меѓународни односи“.[53] Тој заклучува дека е неминовна трансформација на алијансата во иднина, затоа што заканите сега се поглобални од кога и да е порано, а тоа е политичкиот и верскиот фундаментализам, темните досиеја на глобализацијата како што се тероризмот, организираниот криминал, нуклеарната пролиферација, климатските промени, миграциите, сајбер нападите и слично. Иднината на НАТО ја трасирале „петте мудреци“, врвни експерти ( Jacques Lanxade - Франција, Lord Inge - Британија, Klaus Naumann - Германија, John Shalikashvili - САД, Henk van der Breemen – Холандија ), кои го изготвиле Извештајот, „ Кон една голема стратегија за несигурниот свет – обновување на трансатлантското партнерство“.[54] Според нив, но и аналогно на тоа според стратегискиот концепт од Лисабон[55], алијасата треба да ја задржи улогата на прва нуклеарна сила во светот, поактивна улога на европските држави со буџетски, технички и човечки ресурси, укинување на консезусот при донесување одлуки, со промовирање на мнозински модел со цел да се забрза процесот за донесување одлуки, поголемо партнество со ЕУ и нејзина помош во вид на невоени сили, како што се полициски и административни кадри, зајакнуање на невоената подготвеност на алијансата со цел да одговори на новите закани и слично.

**Петтиот правец** е можноста од распад на НАТО алијансата или радикална трансформација, предизвикани од внатрешни конфликти, судири на интереси, геополитички фактори, висок степен на национализам или од исчезнување на причините за негово постоење.

Многумина апологети на НАТО од секаква провиниенција горделиво тврдат дека НАТО е најмоќниот сојуз кој од било кога е создаден, и нема да се појави помоќен од него во светот. Но, зарем истото не го тврделе и владетелите и приврзаниците на Римската империја и другите империи? За пример би се земала Римската империја. Таа слично како НАТО, имала сенат (совет), со неа владеел еден центар на моќ, т.е Рим (САД), и била хиерархиски составена од послушни провинции (државите) со кои владеел намесник одобрен од Рим и кои биле заплашувани со варвари (недемократии) од север и исток. Проблем

[53] Ружин Нано, „*НАТО во современите меѓународни односи*“ , фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2010 стр.189 - 202
[54] Ibid стр.191
[55] http://www.nato.int/lisbon2010/strategic-concept-2010-eng.pdf

почнал да претставува големот данок (големи воените издатоци), територија со која тешко се управува (територијата на сите членки на НАТО) и преселувањето на народите (денешните големи миграции). Белгискиот историчар и научник Анри Пирен изнел теза, според која, дефинитивен крах на античкиот свет (Рим) предизвикал исламскиот експанзионизам,[56] нешто што е многу актуелно и денес. Но, иако моќно, Римското царство слабеело и на крај самото од внатре се поделило на Западно Римско царство и Источно Римско царство. Тоа е судбината на сите сојузи низ историјата кои се грижеле за „глобалната безбедност".

Национализмот е опасна закана по големите сојузи, со кој една нација, еден фрагмент, постепено покажува супремација над другиот или другите, при што доаѓа до нарушување на рамнотежата и конфликт. Национализмот е теорија на политичка легитимност која бара етничките граници да не ги сечат политичките, ниту пак етничките граници во рамките на една држава.[57] Консеквентно на ова, ако се земат предвид глобализацијата и зголемената миграција во светот на XXI век, каде ќе дојде до големо мешање на етникумите, неминовно доаѓа ерата на национализмот, во која тој ќе цвета. Национализмот има природна тенденција со леснотија да надвладее над другите модерни идеологии. Понатаму, задоволувањето на еден национализам, предизвикува фрустрации кај друг, создавајќи спирала на конфликти. Развојот на вистинскиот национализам никогаш не се одвивал мирно. Овој процес е многу тешко да се контролира, поготово во системи во кој има многу слабости и нееднаквости од политички, економски, демографски и историски карактер. Национализмот претставува издувен вентил на владетелите, кои соочени со тешки проблеми, единството и моќта ги задржуваат со наелектризирање на масите и поместување на својата идеологија во крајно десно, нешто што е тренд во повеќе држави низ Европа. НАТО претставува едно шаренило од култури, религии и цивилизации, така што претставува плодна почва за развој на национализмот и поткопувањето на НАТО. САД претставуваат мононација, цврста државна творба со специфична историско-политичка позадина. Но, дури и во САД на долгорочен план се можни проблеми, имајќи го во предвид

[56] Види пошироко: Pirenne Henri, *"Muhammed and charlemagne"*, Mineola, New York: Dover publications, 2001

[57] Гелнер Ернст, *„Нациите и национализмот"*, Култура, Скопје, 2001 стр.6

составот на населениото (англоамериканци, афроамериканци и хиспаноамериканци), како и најважниот фактор, нееднаквата распределба на материјалнте добра, каде само 6 сојузни држави – Калифорнија (1.911 трилиони долари) , Тексас (1.158), Њујорк (1.078), Флорида (734), Илиноис (627) и Пенсилванија (549), го имаат сконцентрирано најголемото национално богатство, односно околу 43% од БДП на САД, додека сите останати 46 сојузни држави го продуцират остатокот од 57%.[58] Дополнителен проблем е што граѓаните на САД негуваат култ кон оружјето и релативно слободно можат да го поседуваат дома. Во Европа ситуцијата е далеку полоша од таа во САД. Европската унија никогаш нема да стане супер – држава, затоа што националните држави се сеуште многу силни и засега никоја не би се откажала од својот суверенитет заради наднационален интерес. Прилог кон тезата дека национализмот е една од најопасните закани за алијансата, можеме да се смета излегувањето на Франција од интегрираната воена команда на НАТО во 1966 година.[59] Тогаш, Франција под водство на Шарл де Гол, чувствувајќи повреда на својата национална гордост како второкласна нација во рамките на НАТО, а и желба да ја обедини и осамостои Европа, ја напушта воената команда.. Со ширењето на НАТО, со секоја нова членка се појавува нов национален интерес и се разнишува кохезијата на алијансата. Грција и Турција се исто така убав пример како национализмот и гордоста го ставаат НАТО пред тешки искушенија. И двете држави, поготово Грција, се повикуваат на далечната историја, имаат средновековна доктрина и негуваат соништа и стремежи за оживување на империја. Тоа се манифестира со територијални претензии и погранични инциденти. Грција и Бугарија, како членки на НАТО, негуваат и територијални претензии спрема Македонија, искажани од официјални владини функционери, како од кабинетот на премиерот на Бугарија,[60] така и министерот за одбрана на Грција, Цохазопулос, кој на 29.08.2001 година јавно изразил стремеж за менување на границите.[61] Овие тенденции се од 19 век, но сепак се неверојатни за членки на НАТО во 21 век. Национализмот и сепаратизмот се

[58] Извор: World bank (2009 – 2010), пренесено од en.wikipedia.org/wiki/comparison_between_U.S._states_and_countries_by_GDP_(nominal)

[59] Киркова Рина, „*Иднината на НАТО – редефинирање на трансатлантското сојузништво*", Аутопринт ТА, Скопје, 2010 стр.58

[60] Ханс – Лотар Штепан, "*Македонскиот јазол*", АЗ-БУКИ, Скопје, 2004 стр. 16

[61] Ibid стр. 19

голем проблем за Европа. Засегнати држави се: Шпанија (Баскија и Каталонија), Франција (Баскија и Корзика), Италија (Јужен Тирол), Белгија (Фландрија и Валонија), Британија (Шкотска и Северна Ирска), Русија (Чеченија), Грузија (Јужна Осетија и Абхазија), Молдавија (Приднестовје), Финска (Оландските острови), Азербејџан (Нагорно Карабах) Романија (Секеј, Бихор, Сату Маре, Салат), Кипар (Северен Кипар) и речиси целиот Балкански полуостров[62]. Германија моментално е најмоќна европска држава и економски мотор на Европа. Економски најмоќна, таа го носи товарот на најпонижена нација во Европа од блиското минато. Во иднина, ако се продлабочи јазот на економската и политичка моќ помеѓу европските држави, Германија повторно националистички би можела да ја манифестира својата моќ и да предизвика дестабилизација на НАТО.

Малку познат факт е дека досега народите од три држави членки на НАТО биле во меѓусебен вооружен конфликт. Британците во периодот од 1955 – 1959 воделе војна на Кипар со грчко-кипарската терористичка организација ЕОКА, која била под воена команда на грчкиот полковник Георге Гривас и политичкиот претставник Архиепископот Макариос.[63] Притоа, загинале дури 371 британски војник.[64] За споредба, во подолготрајната војна во Авганистан (2001-?), загинале 382 британски војници[65], а во Ирак (2003-2009) загинале 179 војници.[66] Следува заклучок дека речиси ист број Британци загинале и од Грците и од Талибанците. Потоа, во 1974 следува турска инвазија на Северен Кипар, каде доаѓа до конфликт, овојпат помеѓу Турците и Грците. Историски факт е дека војувале Грците и Британците, Грците и Турците на островот Кипар, и тоа во време кога нивните матични држави се сојузници во НАТО. Но, тогашниот биполарен свет, постоењето на јасен и силен противник на НАТО како СССР, предизвикало да се надмине овој внатрешен судир на НАТО членките. Евентуален сличен внатрешен судир, денес или во иднина во рамките на НАТО, несомнено ќе предизвика потешки последици по неговиот опстанок.

---

[62] Аризанкоски Гоце, *„Безбедносните импликации на етнонационалистичкото политичко насилство и сецесијата во светот"* , Годишник на Факултетот за безбедност, Година 4, број 1, Скопје, 2009 стр. 289, 290 и 291

[63] www.britains-smallwars.com/cyprus/ROH.htm

[64] www.news.bbc.co.uk/2/hi/8321765.stm

[65] www.bbc.co.uk/news/uk-10629358

[66] www.bbc.co.uk/news/uk-10637526

# *Глава 3*

## Република Македонија и НАТО: Динамиката на јавната дебата и јавното мислење за алијансата

## 4.1. Независноста и одбранбеното осамостојување на Република Македонија

Во почетокот на деведесетите години на 20 век се случија повеќе процеси со кој дојде до распад на реалсоцијализмот и прилагодување према новонастанатата ситуација. Се случија голем број промени во светските односи кои резултираа со пропаст на одредени држави и создавање на нови. Еден дел од новите држави се создадоа по мирен пат, додека другите се стекнаа со независност со воени методи. Југославија ја имаше таа судбина да се распадне, притоа тоа да го плати со неколку војни на нејзината територија, кои однесоа над 200 000 жртви. Македонија беше единстваната република од поранешна СФРЈ која успеа да ја стекне својата самостојност по мирен пат, без војна. Но, овој пат таа го помина со многу пречки, многу предизвици, со кои се отвори пат за изградба на сопствен, автономен безбедносно-одбранбено-заштитен систем.

На 14от вонреден конгрес на СКЈ, одржан од 20-22.01.1990 година пропаѓа обидот за воспоставување на српска доминација, со заминувањето на словенските и на хрватските делегати.[67]

На 08.11.1990 собранието на СРМ под претседателство на Вулнет Старова ја одржа последната официјална седница на стариот состав пред претстојните повеќепартиски избори, кои се одржаа на 11.11.1990.[68]

Еден од најважните чекори кон независноста на Македонија претставува донесувањето на Декларацијата за сувереност и независност од страна на Собранието на РМ, од 25.01.1991, на која Белград не реагира.[69]

Во тие мигови, собранието за претседател го избира Киро Глигоров, а мандатар на владата е академик Никола Кљусев. Владата донесува ставови со кои се осудува војната во Хрватска, упатуваат апел до врховната команда на ЈНА да ги врати сите наши војници и офицери во РМ, резервистите кои престојуваат во Македонија, а не се од тука да се повлечат, граѓаните да останат мирни на новонастанатата ситуација и заложување кај меѓународните фактори за гарантирање на територијалниот интегритет на земјата.

---

[67] Гоцевски Трајан, „*Одбранбеното осамостојување на Македонија - чекор кон суверена држава*", Македонска ризница, Куманово, 2001 стр. 16

[68] Ibid стр. 17

[69] Ibid стр. 22

Особено интересно е што во овие мигови владата пропагирала ставови и налагала Собранието да пристапи кон испитување на можностите за донесување на декларација за неутралност на Македонија и за демилитаризација на ова подрачје. Овој став го инспирира тогашниот министер за одбрана во првата влада, Трајан Гоцевски, во годините што следат да го објави своето истражување „Неутрална Македонија – од визија до стварност".[70]

На 06.08.1991 Собранието со акламација донесува одлука за распишување на референдум за независност. Датумот 08.09.1991 е одржан референдумот, со кој граѓаните со големо мнозинство ја потврдуваат независноста на Република Македонија, со право да стапи во некој иден сојуз на суверени држави. Албанците го бојкотираат гласањето. Овој датум е национален празник на РМ. Понатаму, Собранието на РМ на 17.11.1991 го усвојува Уставот на Република Македонија, кој свечено е прогласен на 20.11.1991.[71] Потоа, следува дефинирање на Армијата на РМ, чие создавање порано го навестил Љубчо Георгиевски, а која произлегува од уставот. Периодот што следи, налага иселување на ЈНА од македонската територија. Иселувањето што следело било еден од најтешките периоди во тие мигови, затоа што било исполнето со провокации, дрскост и грабежи од страна на ЈНА, која се повлекувала према Србија, и само искра фалело да избувне вооружен судир. До почетокот на месец Мај 1992 година и последниот војник на ЈНА ја напуштил територијата на Македонија. Според проценките, ЈНА изнела: 350 борбени возила (тенкови, оклопни транспортери и БМП), 400 артилериски орудија (хаубици и топови), 35 борбени авиони, 5 хеликоптери, 410 противавионски орудија, 284 моќни ракетни системи со 1 692 ракети, 160 инженериски средства (ровокопачи, дозери), 637 миноpolагачи и миноистражувачи, 113 000 кг експлозив, 450 000 парчиња противпешадиски мини, 223 000 средства за АБХО, 4 200 средства за врска, 160 000 парчиња интендантски средства, 310 000 парчиња конзервиран оброк, 109 000 парчиња на различно пешадиско вооружување (митралези, пушки, рачни фрлачи, минофрлачи итн), 1 800 неборбени возила, 1 424 патнички возила и 3 моторно-патролни чамци и уште многу повеќе средства кои не се елаборирани, поготово

[70] Гоцевски Трајан, *„Неутрална Македонија – од визија до стварност"*, Македонска ризница, Куманово, 1994

[71] Гоцевски Трајан, *„Одбранбеното осамостојување на Македонија - чекор кон суверена држава"*, Македонска ризница, Куманово, 2001 стр.39

од објектите во кои пристапот бил строго забранет.[72] Според одредени процени, денешната вредност на одземеното-изнесеното оружје би изнесувала околу 8 милијарди американски долари.

Собранието на РМ на 14.02.1992 го донесе Законот за одбрана, со што дефинитивно се поставија темелите на формирање на сопствен одбранбено – безбедносен систем. Воениот систем се создаде од реорганизацијата на Територијалната одбрана на РМ, со преземање на партизанските единици на ЈНА и ангажирање на дел од нераспоредените воени обврзници. Првите регрути престигнуваат веќе во месец Април низ касарните во РМ. Започнува преземањето на границите. Со овие хронолошки постапки, накратко, е направено одбранбеното осамостојување на Република Македонија во тие виорни времиња. Најважна цел во тие мигови било осамостојувањето на државата и мирно раздружување од Југославија.

## 4.2. Меѓународното признавање и членството во ООН како предизвик

Следна фаза било признавањето на Република Македонија од страна на меѓународниот фактор. За таа цел, тогашниот претседател Киро Глигоров на 02.12.1991 испратил писмо до сите шефови на држави и влади на ООН, до ООН и до ЕУ за признавање на независна македонска држава.[73] Следува верижна реакција при што прва држава што не признава е Бугарија, па следува Турција, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Русија итн. Република Македонија притоа ги исполнила сите норми на меѓународното право и цврсто го аргументирала своето постоење. Следувале и навестувања од страна на Европската Унија за целосно признавање на РМ, но нивната членка Грција се спротивставила. Таа целосно ја негирала самобитноста на Република Македонија и тој чин во домашната јавност го претставувала како загрозување на националната безбедност. Владата на премиерот Мицотакис, на 11.01. 1992 заседавала и постигнала консензус со сите политички партии за непризнавање на Македонија и мобилизација на сите сили за одбрана на националниот

[72] Ibid стр.93

[73] Пошироко за овој период во прво лице може да се види во: Глигоров Киро, „*Македонија е се што имаме*", ТРИ, Скопје, 2001

интерес. Состојбата во поранешна Југославија ескалирала со војна. На 17.03.1992 се одржала конференција на Министерскиот совет не ЕУ. Декларацијата од оваа конференција претставува големо разочарување за македонскиот народ. Имено, под влијание на Грција, признавање би се издејствувало само на држава која нема да го содржи зборот Македонија. Во континуитет, понатаму следува притисок на Република Македонија за откажување од своите национални обележја, ако сака да се интегрира во Европа. Грција, охрабрена, вовела целосна блокада кон Македонија спротивно на принципите на меѓународното право, со надеж дека соседот нема да може да издржи и ќе ги прифати сите наметнати услови. Република Македонија издржала, но со меѓународен притисок сепак е потпишан Привремениот договор во 1995.

Македонските стремежи се насочуваат кон ООН со цел прием на Република Македонија и нејзино здобивање со меѓународно – правен легитимитет. Но, и овде спротивно на сите принципи, направен е преседан на член 4 од Повелбата на ООН, новата членка да биде примена со привремено име, односно да не и биде дозволено правото на самоопределување, како врв на човековите слободи и права. Македонија е еден од основачите на ООН, победник во Втората светска војна, но сепак тоа ништо не значело. На Македонија и е наложено да биде примена во ООН под референцата – Поранешна Југословенска Република Македонија и да ги отпочне преговорите со Грција за изнаоѓање на заедничко прифатливо име на Република Македонија, под покровителство на генералниот секретар на ООН, согласно со Резолуцијата 817 и 845 од 1993 година.[74] Понатаму, на 08.04.1993 година[75], со поддршка од Европските држави, САД, Кина и Руската федерација, Македонија била примена како 181 држава членка на Обединетите нации. Со таквиот чин, Македонија се здобива со меѓународна релевантност и универзално признат суверенитет и независност, со можност во иднина секаде да настапува како независна држава и партнер. Потоа следува бран на билатерални признавања. Една година подоцна Македонија е примена во УНЕСКО, УНДП, ФАО и други институции во рамките на ООН.

---

[74] Тунте Ахил, „*Република Македонија – прва декада 1990 – 1999*", Скопје, МИ – АН, 2005

[75] http://www.un.org/en/members/

Понатаму, во текот на 1995 година Република Македонија како веќе етаблирана држава, станува членка на ОБСЕ, Советот на Европа, Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, и други меѓународни институции.

Денес Република Македонија е призната држава од целиот свет, при што дури 132 држави[76] ја имаат признаено под уставното име - Република Македонија, со тенденција нивниот број да се зголемува. Најважно, таа е признаена под уставното име од најмоќните три светски држави: САД, Русија и Кина.

## 4.3. Динамика на потрагата по стратегиската определба за членство во НАТО

### 4.3.1. Република Македонија на патот кон НАТО: предизвици и причини

Во првите години по осамостојувањето, целата енергија на сите субјекти во државата била насочена кон меѓународно признавање, градење на државните институции, верификација на конститутивните елементи и симболи на државата, членство во ООН, ослободување од сенката на СФРЈ и преземање на мноштво реформи со цел зајакнување на државниот капацитет. Во тие години, прв безбедносен концепт што се разгледувал била неутралноста. Но, понатаму, со оглед на политичките и стратегиските односи во светот и Европа, Македонија се одлучува за интеграција во НАТО пактот, како стратегиска определба. Причина за таа определба било настојувањето на НАТО да се изгради нова безбедносна архитектура во Европа, да се обезбеди поголема стабилност и безбедност без да се повлекуваат линии на поделба, да се гради мир и безбедност во сите држави. Овие принципи се совпаѓале со политиката и стратегијата што почнала да ја гради Република Македонија, при што оттука потекнува стратегиската определба за членство во НАТО.

Сепак, особено важно за Македонија е што таа треба да се соочи со фактот дека – не постојат вечни пријатели и сојузници, туку вечни национални

[76] Извор: Министерство аа надворешни работи на Република Македонија http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?itemID=324&id=1266

интереси. Оттука, требало да се искористи заинтересираноста на НАТО за функционирањето на „македонскиот мултиетнички модел", интересите на големите сили за безбеден пренос на нафтата од Кавказот до Средоземјето, чија траса гравитира со Македонија, и потребата да се стабилизира Балканот. Исто така, сето ова се поклопувало со интересите на Република Македонија.[77] Овие начела, биле главна причина за трасирањето на македонската безбедносна политика кон НАТО интеграцијата, подоцна конципирани во Националната стратегија за одбрана и безбедност, како официјална доктрина и стратегија на Република Македонија.

### 4.3.2. Хронологија на стратегиските чекори за пристапување на РМ во НАТО

Имајќи ги во предвид претходните согледувања дека Македонија одбранбено се осамостои, беше примена во ООН и ги изгради своите доктринарно – стратегиски определби, таа започна со процес на реформи, тенденции и прилагодувања со цел зачленување во НАТО алијансата. Зачленувањето во согласност со членот 10 од Договорот на НАТО, со кој се овозможува проширување и пристапување на нови членки. На тоа се гледа како на битен предуслов за траен мир, стабилност и економски просперитет, како на РМ, така и на поширокиот регион на југоисточна Европа.

Најпрво, процесот започнува уште од 11.06.1992 година, кога министерот за одбрана со писмо се обраќа до НАТО и до соседните држави во кои ги објаснува принципите врз кои ќе се гради одбраната на Република Македонија и намерите за нејзиното интегрирање во НАТО.[78]

Потоа, следува „Одлуката за стапување на РМ за членство во Северноатлантската договорна организација – НАТО" донесена од собранието

[77] Никола Кљусев, Трајан Гоцевски, Стојан Славески, Оливер Бакрески, „*Интересите на Република Македонија за членство во НАТО*", МАНУ-Центар за стратегиски истражувања, 2007 стр. 201

[78] Гоцевски Трајан, „*РМ на патот кон евроатлантските структури*", списание: „*Современа македонска одбрана*" – вонреден број, 30 години од формирањето на Институтот за Одбрана и мир, Министерство за одбрана и Филозофски факултет, Скопје, 2006

на РМ на 23.12.1993 година.[79] Оваа одлука се смета за почеток на НАТО интеграцијата на РМ.

Понатаму, Македонија е една од првите држави која во Јануари 1994 година ја поздрави иницијативата – Партнерство за мир. Следува предавање на Презентациониот документ (27.11.1995) во кој биле содржани документите: Основни принципи на безбедносната политика на РМ и Основни принципи на одбраната на РМ. Конечно, во Ноември 1995 година стана 27 земја членка на ПзМ. Согласно членот 10 од Договорот на НАТО, остануваат отворени за членство на други европски држави, кои се во позиција да ги унапредуваат принципите на Договорот. Поради тоа, започната е практична програма која ќе ги преобрази односите меѓу НАТО и земјите учеснички. Таа програма оди понатаму од дијалог и соработка, да искова едно вистинско партнерство - Партнерство за мир, кое ќе има особено важна улога во еволутивниот процес на ширењето на НАТО.[80]

Во 1996 година Македонија го потпиша договорот СОФА и Дополнителниот протокол на договорот Република Македонија – НАТО, со кој се регулира статусот на силите меѓу државите – членки на алијансата и на Партнерството за мир. Веќе истата година од јули месец, Македонија има свои офицери за врски во седиштето на НАТО во Брисел и во Координативната ќелија на ПзМ во Монс – Белгија. Во Јуни 1997 година РМ станува членка на ЕАПС, кој претставува широка рамка за соработка помеѓу партнерите.[81]

На 09.12.1997 Владата на РМ донесува одлука за формирање на Комитет за евроатлантски интеграции, а тој Комитет ја донесува „Стратегијата за интеграција на РМ во НАТО“.[82] Како резултат на активностите и соработката помеѓу НАТО и ПзМ, Македонија учествувала во околу 180 активности, од кои 21 во Македонија, меѓу кои позначајни се: мултинационална командно – штабна вежба „Спасител 96“, финалниот практичен дел на вежбата „Спасител 97“ и најголемата дотогаш „Најважен кооперативен зафат 98“. Од Октомври 1998 година е отворена Мисијата на РМ при НАТО.

[79] Службен весник на РМ, бр. 78/93
[80] Кузев Стојан, „*Збирка документи од областа на безбедноста и одбраната*“, Скопје, Југореклам, 2002 стр.219
[81] Гоцевски Трајан, „*Унификација на системите во услови на глобализација*“, Филозофски факултет, Скопје, 2008 стр. 404
[82] Службен весник на РМ, бр. 51/98

Од Април 1999 година Република Македонија е земја – кандидатка за членство во НАТО, а од Мај 1999 година НАТО отвара Мисија во РМ. Согласно преземените мерки до тогаш, Македонија изготвува „Годишна национална програма за подготовка за членство во НАТО“, за 1999/2000 и 2000/2001 година.

Поради НАТО интервенцијата врз СР Југославија во 1999 и конфликтот во Република Македонија во 2001, практичните заложби за интеграција во НАТО се привремено стопирани или стагнирани.

Самитот на НАТО во Прага[83] одржан во 2002 година објави зелено светло за проширување на Алијансата, по што покани добија седум држави да се прикучат кон НАТО, со што се дојде до доближување и граничење со својот поранешен непријетел, Русија.

Самитот во Истанбул[84] во 2004 значеше континуитет на политиката за проширување. На овој самит, НАТО го поздрави прогресот постигнат во имплементацијата на Годишните национални програми од страна на земјите од Јадранската група, меѓу кои и РМ, и ги охрабрија да продолжат со реформите неопходни за добивање покана за членство.

Според практиката на НАТО после Студената војна да организира самит на секој две – три години, самит се одржа и во 2006 година Рига.[85] Но, до проширување не дојде. Причината беше потребата од внатрешна консолидација помеѓу членките на НАТО, адаптација на новопримените членки.и промените во глобалното опкружување.

Самититот на НАТО во Букурешт 2008 година[86] претставува прв самит на подрачјето на една балканска држава. Овој самит има особена важност за Македонија, затоа што претставува репер за најновите политички случувања во РМ, кои сеуште траат. На овој самит се случи радикална пресвртница на очекувањата на Република Македонија за интеграција во НАТО. Сите навестувања говореа дека на овој самит како полноправни членки ќе бидат примени Македонија, Хрватска и Албанија, кои ги имаат исполнето условите за членство во НАТО. САД целосно застанаа зад овие планови на алијансата, кои лично ги изнесе претседателот Џорџ В. Буш. Но, се случи големо фијаско.

[83] http://www.nato.int/docu/update/2002/11-november/e/1121c.htm
[84] http://www.nato.int/docu/comm/2004/06-istanbul/home.htm
[85] http://www.nato.int/docu/comm/2006/0611-riga/index.htm
[86] http://nato.int/docu/comm/2008/0804-bucharest/index.html

Обично, ветото дотогаш го употребуваа само големите сили кон помалите, покажувајќи ја надмоќта. Но, ретко кој дипломат или аналитичар предвидувал дека Грција ќе го употреби ветото во консоцијалниот систем за гласање на алијансата. Сите предвидуваа дека Македонија ќе биде примена под привремената референца БЈРМ. Национализмот и шовинизмот на една земја членка на НАТО ги шокираше сите. Дури и САД испаднаа немоќни. За првпат Европа се спротивстави на САД во трансатлантските односи. Грција ја блокира Македонија за влез во НАТО. Причината официјално е проблемот со името на РМ и наводниот иредентизам. Најтрагично е што и НАТО излезе со став дека кога ќе се реши проблемот со името, веднаш ќе се упати покана на Македонија без да се чека нов самит.

Од овој самит (02 – 04.04.2008) па наваму, дојде до отрезнување од дотогашниот занес и убеденост во принципите на Европа и НАТО. Проблемот со името стана главна политичка преокупација која трае до денес, а најверојатно и во иднина. НАТО наложи да се смени името на Македонија, па потоа да се влезе кај нив. Но, овде се појавува друга дилема. Ако се смени името, сериозно се загрозува националната безбедност на Република Македонија, бидејќи автоматски се менува идентитетот на мнозинскиот народ како најважна придобивка. А ако мнозинскиот народ се избрише од лицето на земјата, НАТО тогаш е сосема небитен и воопшто не е важен. Грција во случајов го прекршила Привремениот договор од 1995 година,[87] со кој се обврзала дека нема да ја блокира Македонија кон евроатлантските интеграции. Поради тоа, Владата на Република Македонија реши на 02.12.2008 година да ја тужи Грција пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг[88]. Со тој чин, спорот се преселил во доменот на дипломатијата и правото. Овде се наметнува дилемата дали еден политички проблем може да се реши со правни средства? Дали по донесување на евентуална позитивна пресуда на судот во Хаг ќе се изнајде механизам таа одука да се почитува во свет во кој владее реалполитиката на сила? Овие прашања ќе бидат одговорени во иднина. Проблемот за името е прашање кое е секуритизирано до максимални граници во Македонија. Засилено се вршат притисоци и пропаганди од разни светски фактори за промена на името и влез во НАТО и ЕУ. Но, сепак се наметнува

[87] Привремената спогодба е достапна на: http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?itemID=392
[88] Хронологијата на процесот е достапна на: http://www.mfa/gov.mk/dafault1.aspx?itemID=412

дилемата – НАТО или името, слободата на самоопределување. Оваа дилема е лесно решлива за мнозина од граѓаните, кои сепак се одлучувачки фактор.

Република Македонија во оваа ситуација е практично уценета. НАТО и самоукинување или нема НАТО. Овие состојби актуелни во постбукурешкиот период, актуелни се денес, а и во иднина. Македонија е пред голем и сериозен предизвик за својата иднина. Таа неминовно е принудена да бара алтернативи на НАТО, имајќи ги во предвид претешките последици по националната безбедост ако го смениме вековното име на државата, кое е единствен столб на македонското општество.

### 4.3.3. Јавното мислење за членството во НАТО

Се смета дека НАТО е семејство на најголемите светски демократии. Буквално, демократија значи – владеење на народот. Во денешните демократии владеат легално избрани влади или елити кои својот легитимитет го црпат од народот, односно граѓаните на таа демократија. Основен елемент на секоја модерна демократија е непосредното партиципирање на народот во демократските текови. Мислењето и ставовите на народот се особено важни при креирањето на стратегиските определби на државата, затоа што народот е тој што ја чини државата, а не елитите. Притоа, народот секогаш треба да се прашува при исклучително важни прашања и предизвици, затоа што во спротивно, тој систем го губи значењето на предзнакот – демократски.

Во тој контекст се движи и прашањето за аспирациите на РМ за полноправно членство во НАТО пактот. Елитите одамна се едногласни, политичикте субјекти се единствени (можеби единствено прашање по кое владее консензус во РМ) по ова прашање и промовираат константа во надворешната политика, но дали е таков случајот и со македонските граѓани и кои се причини делуваат на нив за нивните ставови? Од есенцијална важност за демократските вредности во Македонија е јавното мислење за интеграцијата на РМ во НАТО, неговата динамика во периодот по осамостојувањето до 2010 година и факторите кои влијаат на него.

Во Македонија се правени повеќе истражувања на јавното мислење во врска со рејтингот на НАТО од повеќе аспекти, како што се позицијата на НАТО во очите на граѓаните, па се до нивните емоции, ставови, стравови и очекувања. Притоа, мора да се истакне дека најчесто на рејтинг се мисли на популарноста на организацијата, иако во суштина тоа е покомплексен поим и вклучува прашање колку граѓаните всушност знаат што е тоа НАТО и кој е неговиот рејтинг како институција во општи рамки.[89]

Истражувања во врска со безбедноста во Република Македонија се правеле уште од осамостојувањето. Но сепак во тој период прашања во врска со НАТО не биле поставувани затоа што во тие мигови тоа најмалку било важно. Во тој период фокусот на јавноста и на раководството на Република Македонија бил насочен кон другите меѓународни институции кои биле најрелевантни за меѓународно признавање на Македонија. Тогаш, РМ само што се здобила со независност и целата енергија била насочена кон ООН, ОБСЕ, Советот на Европа и слично. НАТО во тој период претставувал енигма за јавноста и истата била сосема дезориентирана во тој поглед.

Понатаму, слично мислење преовладува и во годините што следат. Но, сепак период кога почнува да се насочува вниманието на НАТО е годината 1995. Тогаш Македонија е вклучена во програмата „Партнерство за мир" и автоматски се зголемува фокусот и информираноста на граѓаните за НАТО. Според една објавена анкета во ноември 1995 од дневниот весник „Нова Македонија"[90], 60% од граѓаните на РМ негувале одредени симпатии кон НАТО и ја подржувале програмата Партнерство за мир.

Агенцијата за испитување на јавното мислење „Дата Прес" спровела истражување кое финиширало во мај 1998 година.[91]. Според резултатите од оваа анкета, околу 40% од испитаниците изразиле желба и стремеж за членство во НАТО.

Понатаму, истражување во врска со рејтингот на НАТО во РМ прави и Brima Gallup International во периодот од октомври 2000 до јануари 2001 година. Резултатите добиени со ова истражување се поклопуваат со

---

[89] Симоска Емилија, *„Рејтингот на НАТО во Република Македонија"*, Публикација *„Медиумите како нужност во поддршката за членство на Република Македонија во НАТО"*, Министерство за одбрана, www.morm.gov.mk/morm/dms/NATO/forum_mak_7.pdf

[90] извор: НВО Институт за Демократија, www.idscs.org.mk

[91] извор: Бакрески Оливер, *„Поддршката на јавноста за членство во НАТО и ЕУ"*, списание: *Современа македонска одбрана*, Министерство за одбрана, година 5, број 14, декември 2006

претходното истражување на „Дата Прес", при што процентот на подржувачи на НАТО изнесува околу 40%.

Истражувањата спроведени во март 2001 година[92] покажуваат благ пораст на рејтинот на НАТО во Република Македонија. Овој пат тој изнесувал окоу 47%

Според друго исражување спроведено во август 2001 година, во екот на кулминацијата од конфликтот во Македонија позитивните ставови на граѓаните во врска со НАТО одат во надолна линија и се движат околу 33,7%. Најнизок рејтинг на НАТО граѓаните му даваат во март 2002 година. Овде е забележан рекордно низок процент на позитивни ставови за НАТО, кој изнесувал само 25,5% од испитаниците.[93]

Но, во периодот што следи, има континуиран раст на довербата на граѓаните во НАТО. Според истражувањето спроведено во мај 2003 година од страна на Институтот за социолошки, политички и правни истражувања, е забележан значителен пораст на довербата и поддршката на граѓаните за НАТО интеграција. Од вкупниот број на испитаници, дури 63,8% се изјасниле позитивно во поглед на перцепцијата кон НАТО.[94]

Но, една година подоцна, во мај 2004 година, спроведено е истражување од страна на Министерството за одбрана[95] (извор: НВО Институт за Демократија). Според ова истражување, има мал пад на поддршката за НАТО, која овојпат изнесувала 53,7%.

Неколку месеци подоцна, односно во октомври 2004 година е спроведено испитување на јавното мислење во врска со позитивниот став за зачленувањето на РМ во НАТО од страна на НВО „Македонски центар за мир и евроатлантски интеграции". Резултатите покажале зголемување на позитивниот рејтинг до 74,78% од репрезентативниот примерок на испитаници.[96]

---

[92] Талески Дане, „*Јавното мислење во РМ за НАТО - подршка за НАТО е поддршка за реформите во Македонија*", Институт за Демократија, . стр. 2 www.idscs.org.mk
[93] Ibid стр. 2
[94] Бакрески Оливер, „*Поддршката на јавноста за членство во НАТО и ЕУ*", списание: *Современа македонска одбрана,* Министерство за одбрана, година 5, број 14, декември 2006 стр.83
[95] Талески Дане, „*Јавното мислење во РМ за НАТО - подршка за НАТО е поддршка за реформите во Македонија*", Институт за Демократија, , стр. 2 www.idscs.org.mk
[96] Бакрески Оливер, „*Поддршката на јавноста за членство во НАТО и ЕУ*", списание: *Современа македонска одбрана,* Министерство за одбрана, година 5, број 14, декември, 2006 стр.83

Понатаму, карактеристично е едно истражување од страна на Министерството за одбрана во јуни 2005 година, забележано од Институтот за Демократија. Во споредба со последното истражување има пад на рејтнгот на НАТО, кој овојпат изнесува 63,8% од вкупниот број на испитаници.

НВО „Македонски центар за мир и евроатлантски интеграции" пак прави истражување , овојпат подетално, во јуни 2006 година, според кое дури 85% од испитаниците ги изразуваат своите позитивни ставови и гледишта за НАТО. Овде за првпат се прави и испитување на ставовите според етничката припадност. Така, припадниците на албанската заедница за нијанса имаат процентуално повеќе позитивни ставови за НАТО.[97]

Според едно истражување објавено на медиумот А1 телевизија, спроведено во септември 2006 година (НВО Институт за Демократија), позитивниот рејтинг на НАТО во Република Македонија расте значително, па процентот овојпат изнесува 89%.

Северноатлантската алијанса или НАТО, својот најголем рејтинг или поддршка го имал во октомври 2009 година, според Агенцијата за испитување на јавното мислење „ИРИ". Во тој период во неколку медиуми се анализира анкета спроведена од агенцијата според која дури фамозни 94% од испитаниците поддржуваат зачленување на РМ во НАТО.

Во периодот што следи се правени уште неколку истражувања, но повеќе никој не ги анализира и дискутира добиените резултати, затоа што константно рејтингот на НАТО се движи околу или над 90% од вкупниот број на испитаници во Република Македонија. Но, овде се појавува еден нов момент во досегашната формулација на анкетите. По фијаското со недобивање на покана за членство на РМ на самитот во Букурешт, се наметна нова непозната варијабла во врска со интеграцијата во НАТО. Едногласното решение донесено од страна на земјите членки на НАТО е дека дефинитивно Република Македонија мора да го смени името на државата или „да изнајде компромис со Грција", по што автоматски ќе се добие покана за членство во алијансата.

Согласно овие импликации, Институтот за политички истражувања – Скопје објавува анкета во април 2010 година во дневниот весник „Утрински

[97] Ibid стр.86

весник"[98] од 04.04.2010 година. На прашањето – Дали би прифатиле промена на уставното име на РМ како услов за членство во НАТО?, 62,2% од испитаниците одговориле негативно, 30,3% одговориле позитивно, додека 7,6% немале одговор. Интересно во сето ова е што дури 78,7% од испитаниците што одговориле негативно се етнички Македонци, додека 14,5% се етнички Албанци. Ова претставува голем јаз помеѓу перцепцијата за иднината на државата од страна на двете најголеми етнички заедници во РМ, што претставува значаен индикатор за понатамошни анализи.




Графикон 1

Дали би прифатиле промена на уставното име на РМ како услов за членство во НАТО?

Истиот Институт за политички истражувања прави друга анкета во ноември 2010 година, според која резултатите речиси се поклопуваат со претходната. Имено, „Утрински весник"[99] од 17.11.2010 година пренесува различно формулирано прашање, односно – Дали на референдум би подржале промена на името со цел да станеме членка на НАТО и ЕУ? Одговорот бил следниов: 62,6% од испитаниците одговориле негативно, 30,7% одговориле позитивно, додека 6,7% незнаеле или немале мислење. Овие испитувања значеле дека ако треба да се стави на вага членството во НАТО и зачувувањето на вековниот идентитет, мнозинството од граѓаните на РМ го преферираат името и идентитетот. Се разбира, најидеално се смета зачувување на идентитетот, името и влегување во НАТО, но засега оваа можност ја нема, т.е таа е блокирана, така што останува единствено да се одбере само една опција.

[98] Пренесено од: *Утрински весник* 04.04.2010 година
[99] Пренесено од: *Утрински весник* 17.11.2010 година

Вака поставени работите и перцепциите, рејтингот на НАТО произлегува дека е околу 30%. Карактеристично е дека дури и овие 30% ги прават припадниците на албанската етничка заедница со високи 85% од оние кои се изјасниле безусловно за членство во НАТО. Овие бројки се во расчекор со единствениот став на стратегијата и доктрината за национална безбедност.




Графикон 2

Структура на етничката припадност од испитаниците кои би прифатиле промена на името на државата со цел влегување во НАТО




Графикон 3

Структура на етничката припадност од испитаниците кои негативно се изјасниле за промена на името

Резултатите од овие анкети неминовно наметнуваат посебни анализи и мерки кои би резултирале со вклопување во стратегијата за национална безбедност на Република Македонија.




Графикон 4: Резултанта од позитивните ставови на граѓаните на РМ за членството во НАТО за периодот од 15 години ( % )

*напомена: испрекинатата линија го означува рејтингот на НАТО во РМ, но под препоставка ако ја исклучиме варијаблата – промена на име и идентитет

### 4.3.4. Анализа на динамиката на јавното мислење за членство во НАТО

Во годините што следат по осамостојувањето на Република Македонија, интензивно се вршат подготовки за прием во ООН, ОБСЕ, Советот на Европа итн. Овој период е познат како значително турболентен и опасен за македонската самобитност затоа што на просторот на поранешна Југославија беснеело војна, се распаднал реалсоцијализмот и се создала една непозната и сложена ситуација. Основна цел била да се одржи и меѓународно да се етаблира државата. Уште со самото осамостојување на РМ, се спротивставила Грција, која целосно ја негирала новата државна творба, изразувајќи страв по својата национална безбедност. Следува ембарго, притисоци и закани кон Македонија со цел да се промени името на државата, а по можност и да се распадне. Во 1995 година под притисок на ООН Грција се принудува да го укине ембаргото

но како резултат на тоа се потпишува Привремената спогодба,[100] а истата година Македонија пристапува кон Партнерството за мир.

Произлегува дека македонските граѓани во тој период се под влијание на притисоците од Грција, а воедно за првпат се информираат за НАТО како организација преку Партнерството за мир и во неа гледаат некоја сигурност.. Одовде е логичен процентот на подршка од 60%.

Понатаму, раководството на РМ веќе одлучно и недвосмислено се заложува за интеграција во НАТО, донесувајќи Одбранбена стратегија[101] и Стратегија за интеграција на Република Македонија во НАТО[102]. Македонија во периодот што следи се обидува економски да застане на здрави нозе по извршената приватизација на општествениот капитал, но сепак зголемувањето на невработеноста и сиромаштијата се посилни фактори од НАТО. Од графиконот се гледа дека во периодот од мај 1998 година до јануари 2001 година, рејтингот на НАТО се движи некаде околу 40%. За релативно нискиот рејтинг придонес има и интервенцијата на НАТО во СР Југославија, каде без мандат од ООН се презема акција со цел соборување на Слободан Милошевиќ. Како културолошки блиска нација, македонскиот народ сочувствуваше со народот на Србија и Црна Гора и на тоа се должи овој рејтинг.

Интересен е процентот за подршка на НАТО во предвечерјето на воениот конфликт од 2001 во Македонија, односно од март 2001 година. Овде имаме мал раст на позитивните ставови за НАТО кои одат до 47%. Сето ова се поклопува и објаснува со тогашната изјава на Џорџ Робертсон дека нарушители на безбедноста во Македонија се убијци и разбојници со кои треба одлучно и решително да се постапи. Оваа изјава и тогашниот став на НАТО влијаеле позитивно за јавноста во Македонија.

Сосема спротивен тренд се покажува во август, истата 2001 година, кога наместо убијци и разбојници, овој пат за НАТО тоа се востаници и борци за права. Следува подршка на паравоените и терористички формации против РМ, финализирано со кулминација на воените дејства и притисок за потпишување на фамозниот Рамковен договор[103], кој сеуште не се знае што ќе и донесе на Македонија во иднина. Според анкетите, процентот на поддршка за

[100] http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?itemID=392
[101] Службен весник на РМ бр.45/98
[102] Службен весник на РМ бр.51/98
[103] Рамковниот договор е достапен на: www.president.gov.mk

НАТО изнесува 33,7%. Периодот што следи означувал капитулација на Македонија, принудно променет устав, амнестија на терористите, економски истрошена држава со пад на брутонационалниот доход, бран внатрешно раселени лица, делумно разрушена инфраструктура во кризните региони. Сето ова придонесувало во март 2002 година да биде забележан рејтнг на НАТО, кој се сметало дека е директен причинител за наведената состојба, од само 25,5%. Голем недостаток од истражувањето во тој период е тоа што не се анализирани овие 33,7% и 25,5% од аспект на етничката припадност на лицата кои негувале позитивни ставови, затоа што најверојатно поголемиот процент би бил од албанската заедница, додека од македонската тој процент би бил мал и незначителен.

Понатаму, како што одминува времето од конфликтот и стабилизирање на општествено – економската состојба, рејтингот на НАТО расте. Во мај 2003 година е забележан висок рејтинг од 63,8%.

Една година подоцна, во мај 2004 година е заебележан мал пад и поддршката овојпат изнесувала само 53,7%. Причината за овој мал пад се гледа во нарушувањето на безбедноста на државата олицетворен преку т.н „кондовска криза" каде група криминалци предводена од Агим Красниќи[104] предизвикаа безбедносен проблем, понатаму притисоците од меѓународната заедница за претстојната територијална општинска поделба на РМ, каде имаше преседан и правеа притисок да не се одржи референдум, кој сепак се одржа неуспешно, и зголемување на насилствата во Ирак, кои доживеале кулминација.

Во октомври 2004 според одредени истражувања поддршката е зголемена дури до 74,78%. Во јуни 2005 имаме пад на поддршката која овојпат изнесува 63,8%. Овој мал пад се должи на ангажманот на НАТО во Ирак и Авганистан, зголеменото учество од страна на македонските безбедносни сили кои веќе остваруваат мисии во овие држави и приличните загуби во жива сила на НАТО војниците.

Во јуни 2006, во пресрет на Самитот во Рига и позитивните сигнали кои доаѓале од НАТО за голем напредок на Македонија, Албанија и Хрватска, поддршката рапидно расте и овојпат изнесува околу 85%. Еуфоријата за НАТО постојано се подгрева преку сите медиуми и од сите пори на општеството.

[104] http://www.vreme.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=1&EditonID=1021&ArticleID=67245%20

НАТО интеграцијата е константа на сите политички субјекти во РМ. Во септември 2006 година рејтингот изнесувал околу 89%.

Веќе во октомври 2009 година е измерен највисок рејтинг на НАТО досега во РМ. Тој изнесувал дури фрапантни 94%. Агресивната пропаганда и стекнувањето на Косовската независност влијаеле заплашувачки кај македонското население, кои не ги криеле своите симпатии спрема НАТО, во кој гледале единствен спас за Македонија од немирните балкански случувања и единствена алтернатива. Според овие показатели, сериозно е загрозена демократијата во Македонија затоа што имаме ситуација на едноумие кое е карактеристично за најтоталитарните режими. Толку висока поддршка на населението за НАТО досега не е евидентирано ниту во самите земји членки на НАТО, како основачите, така и новопримените членки.

Според одредени испитувања на јавното мислење во Европа, само 53% во 2007 година и во 2008 година само 57% од граѓаните во земјите членки на НАТО од Европа сметаат дека Алијансата е од есенцијална важност за нивната национална безбедност. Податокот е објавен на официјалната страна на НАТО.[105]

Но, во овој период сепак се создава нова ситуација. Се одржа самитот во Букурешт каде се случи целосно фијаско на надежите дека Македонија ќе биде примена во НАТО, макар и со привремената референца. Покрај сите најави дека влегувањето на РМ во НАТО е веќе завршена работа, сепак грчкото вето се покажа посилно. На Македонија и беше наложено јасно и недвосмислено дека треба да го реши спорот со името, па потоа веднаш ќе биде примена во НАТО.

Најновите истражувања на јавното мислење спроведени во текот на 2010 година, налагаат нова формулација на прашањето за поддршка на НАТО и внесување на друг фактор при перцепцијата на алијансата. Тој фактор е името на државата, како културно – историско обележје на мнозинскиот народ и темелник на неговото битие. Ако го исклучиме проблемот со името, поддршката за НАТО во континуитет се движи околу 90%. Но, имајќи во предвид дека на Македонија и е наложено дека за да добие покана, мора да го смени името, перцепцијата или поддршката за НАТО нагло опаднува на 30%. Околу 62% од

[105] http://www.nato.int/docu/update/2008/09-september/e0911c.html

граѓаните на РМ предност му даваат на неменување на името и задржување на вековниот идентитет, традиција, во споредба со заложбата за зачленување на НАТО без име и идентитет. Едноставно, изборот помеѓу НАТО или името, мнозинството граѓани недвосмислено го избираат името, без разлика на разни притисоци и убедувања од странски и домашни фактори кои го преферираат НАТО.

Оваа настаната ситуација отвора многу прашања за иднината на Македонија. Многумина не признаваат или не сакаат да и погледнат на вистината во лице дека е неопходна алтернатива за НАТО. Со тоа, се признава дека се нема никаков план или идеја што понатаму ако знаеме дека засекогаш сме блокирани во НАТО. Никој релевантен субјект ниту не помислува на барање на алтернатива, со тоа што се плаши да излезе од состојбата на конформизам. Другата страна од медалот вели да го смениме името на државата по мерка на Грција, и да се зачлениме во НАТО, каде би биле безбедни, среќни и богати. Но, со промена на името се загрозува националната безбедност на РМ. Со промена на макар една буква, се губи историскиот континуум на интеракцијата помеѓу народот и географската средина на живеење на тој народ, со што тој автоматски исчезнува или се асимилира. За цврстата врска помеѓу географската средина, влијанието на релјефот врз културното и политичкото формирање на народите, етникумот кој живее на тие простори, формирањето на таканаречена геобиосредина, детално пишува Фридрих Рацел во своето дело „Антропогеографија"[106](1882). Во тој момент би настанал автогеноцид и колективна амнезија. Тој процес неминовно би создал вакуум простор на македонската територија. Раѓањето на нова држава под друго име на овие простори ќе создаде неизбежни конфликти со тоа што ќе ги разгори националистичките духови на повеќето балкански земји кои охрабрени од потиснувањето и исчезнувањето на Република Македонија ќе продолжат со своите територијални претензии. На тој начин, се нарушува безбедноста во поголем обем во цела југоисточна Европа.

[106] Цитирано според: Дугин Александар, „*Основи геополитике*", Екопрес, Зрењанин, 2004 стр.39

## 4.4. Динамиката на јавната дебата и јавното мислење во Македонија за НАТО низ призмата на современите демократски теории

Теориите за партиципативна и дискурзивна демократија видени низ призмата на критичката и трансформациона теорија претставуваат камен темелник на секое современо и демократско општество. Кон такво општество се стреми и Република Македонија, како врвна придобивка и финална станица на нејзиниот пат од осамостојувањето кон развојот и вклучувањето во друштвото на слободните и развиени демократии, сконцентрирани во НАТО и ЕУ.

Затоа што врвна стратегиска цел на Република Македонија е влез во овие елитни клубови и врвни демократии, општествено – политичката реалност во Македонија ќе биде „филтрирана" низ теоријата и праксата на партиципативната и дискурзивната демократија, со цел да се искристализираат сите предности, но и маани кои активно ја спречуваат државата во својот демократски развој. Реалната ситуација е особено критична во Република Македонија, затоа што јавноста е речиси целосно исклучена од дебатите за развојот на општеството, а особено од стратегиските одлучувања. Пример се само влезот во НАТО и проблемот со името. Додека за проблемот со името сепак има дебати, трибини, активно учество на граѓаните и слично, за интеграцијата во НАТО нема никаква дебата, никаква полемика и расправа. Високите околу 90% некритичка поддршка за интеграција во НАТО, само го рефлектира дефицитот од дискусија, полемика, како меѓу граѓаните, така и меѓу елитите. Оваа реалност во Македонија е спротивна од партиципативните и дискурсивните демократски стремежи.

Општествена тенденција е стремење кон општество ослободено од притисоци или принуди кои би ги терале поединците да ги прифатат одредени

ставови или да молчат. Неопходно е да се развива и истакне автономијата на индивидуите и тоа претставува процес на учење. Само така востановена дискусија или дискурс на вредности, норми, закони, политики и поведенија создава – политички релевантно јавно мислење. Во тоа придонесуваат разни асоцијации, движења, религиозни организации, клубови, локални организации, блогосферата, неформалните социјални интернет мрежи, форуми итн. Во контекст на ова, граѓанското општество е определено како инструмент за лимитирање, ограничување на моќта на државата. Граѓанското општество осигурува целосно учество на граѓаните во државата. Политичката легитимност на модерната партиципативна демократија се темели на принципот дека нормите ориентирани кон дејство, практика, политика и барање за авторитет можат да бидат поднесени од страна на граѓаните и мораат да бидат потврдени или повратени во јавниот дискурс (Тед Флеминг). На овој начин настанува партиципативната демократија кон која се стреми Македонија.

Како е ситуацијата во РМ гледано од овој агол? Демократијата како систем е релативно кратко време присутен во Македонија, па затоа јавниот дискурс е во рудиментирана форма. Односите во младата демократија сеуште влечат корени од тоталитарното минато, хиерархијата се гради по законите на моќта, а не по квалитетот на субјектот. Граѓаните во глобала се плашат да изразат јавно свои ставови, затоа што чувствуваат страв од моќни авторитети, кои несакаат контакт и интеракција со граѓаните (освен на избори, спортски или верски собири).

Во контекст на ова, Асоцијацијата за граѓанска толеранција и соработка АГТИС[107] (поддржано од National endowment for democracy[108]) направила истражување на репрезентативен примерок од 1030 лица во период од една и пол година (2009, 2010 и 2011) во врска со подготвеноста на македонските граѓани јавно да говорат, да се изразуваат и да се собираат, нивниот однос кон власта и функцијата на НВО-те во македонското демократско општество. Резултатите се фрапантни и поразувачки:

---

[107] www.agtis.org.mk

[108] www.ned.org *National endowment for democracy.* Приватна непрофитна организација за поддршка на слободата и демократијата во светот. Подржува над 10 000 проекти во околу 90 држави.

- 69% од испитаниците не се подготвени да ги бранат своите права на јавно изразување и јавно собирање зашто стравуваат дека можат да ја изгубат работата
- 28% мислат дека ќе бидат приведени доколку јавно ја критикуваат власта
- 37% мислат дека ќе добијат кривична пријава од обвинителот
- 47% стравуваат од прекршочна пријава од МВР
- НВО-те се сосема маргинализирани во општеството, малку се видливи во медиумите и третират неприоритетни теми, затоа што се плашат од конфронтација со власта[109]

Во Македонија голем проблем е што партиципативната демократија не се практикува со интелектуалната моќ на поединецот, со дебати и полемики (борба на мислења), туку веднаш преминува во отворен конфликт, омраза, субверзија према опонентот, па дури отворена физичка пресметка и употреба на разни оружја. Сето ова е далеку од отворен и чист дискурс, кој треба да биде во центарот на теоријата за дискурзивна демократија и истиот буквално се практикува во многу развиени демократии.

## 4.5. Јавноста во Република Македонија низ теоријата за конформизам и спиралата на молкот

Според Големиот лексикон на странски зборови и изрази[110], поимот конформизам/конформист потекнува од латинскиот јазик и е кованица од зборовите con и forma. Конформизам означува сообразување, приспособување, прифаќање на нечија идеологија, мислење и слично од користољубиви или опортунистички причини. Конформист значи лесно приспособлив човек, кој оди по линијата на помал отпор, опортунист.

Конформизмот е состојба која е присутна во сите општествени системи, но и надвор од нив. Законот за конформизам е универзален, како од филозофски аспект, така и според законите на физиката. Атоми се групираат во

[109] Анкетата е пренесена во дневниот весник „*Утрински весник*" од 1 јуни 2011 година, а целосната анкета и анализа ја има на http://agtis.org.mk/15/images/analiza na finalna anketa.pdf

[110] „*Голем лексикон на странски зборови и изрази*", Топер, Скопје, 2006

молекули, сите клетки се групираат во ткива, повеќето животински видови, кои немаат свест, се групираат и живеат во групи со цел да не бидат изолирани, затоа што така повеќе би биле подложни на смрт. Конформизмот е многу моќна сила.

На оваа сила не е имун ниту човекот. Тој живее во заедници во кој важат соодветни закони. Секое отстапување, макар и најмало, предизвикува неугодност кај индивидуата што го практикува. Со тоа се зголемува можноста да биде отфрлен и осуден од средината, што е многу тешка состојба и повеќето луѓе по секоја цена ја избегнуваат. Во светот живеат многу малку луѓе кои се целосно изолирани од остатокот на светот, додека останатите мора да се конформираат до одредена мера.

Во контекст на оваа теорија пишува и германката Елизабет Ноел – Нојман. Во своето дело од 1974 година „Спирала на молкот"[111]ја истражува конформноста на јавното мислење. Оваа книга се смета како задолжителна за секој истражувач во општествените науки. Спорд неа, моќта на јавното мислење е толку голема, што неа не може да ја отфрлат ниту граѓаните, ниту властите или која било друга група. Таа моќ извира од заканата со изолација на индивидуата. Спиралата на молкот доаѓа од стремежот на индивидуата да ја намали разликата и да обезбеди конформност во општеството, каде мас - медиумите се кохерентно ткиво, односно контрола над власта и на граѓаните. Спиралата на молкот доаѓала од стравот од изолација кај индивидуите, кои отстапуаат од мнозинството, без разлика што нивниот здрав разум им вели нешто сосема поинаку. Луѓето секогаш станувале максимално внимателни кога имале впечаток дека се малцинство, и чувствувале слабост. Има и ретки исклучоци, кои поседуваат голема ментална сила и својата енергија ја црпат од неконформноста. Ваков тип на луѓе, ако станат авторитети, со помош на конформноста дури можат да влијаат на другите и да предизвикаат иновација (Московици).

Мнозинството од популацијата што е подложено на масовните медиуми се приклонува кон конформност и молк, со што индивидуите не се подготвени да ги изразат своите мислења или ставови за некоја тема. Доказ за ова претставуваат новинарите кои со камера во рака се обидуваат да извлечат

[111] Neumann – Noelle Elizabet, *"The spiral of silence – Public opinion, our social skin"*, Chicago: University of Chicago press, 1993

некое мислење од обичен граѓанин. Повеќето ги избегнуваат новинарите по секоја цена и несакаат да дадат свое мислење. Оваа теорија ја знаат и луѓето од филмската уметност, па затоа комедиите со вештачко смеење и аплаузи во ток шоута ги предизвикуваат гледачите да се конформираат и да се смеат, односно да аплаудираат, секогаш кога ќе им се даде знак. Иако одредена сцена можеби е далеку од смешна, сепак во пракса мнозинството од гледачите се смеат и се конформираат со вештачкото смеење.

Состојбата во Македонија е специфична. Овде конформизмот е премногу силен на сите нивоа во општеството, Граѓаните целосно се придржуваат кон спиралата на молкот. Но, причината за тоа се наоѓа во традицијата. Имено, долгите години на ропство во кое живеел македонскиот граѓанин, а и педесетина години под тоталитарен режим, го предизвикале народот во глобала безусловно да им верува и да им се потчинува на авторитетите. Секое отстапување од правецот кој им го зацртал авторитетот, се сметало за најголема ерес. Кон тоа придонеле и авторитетите (султанот, царот, комунистичкот лидер итн) кои за секое најмало отстапување од масата сурово казнувале. Оваа долговековна пракса не може да биде прекината едноставно само за дваесетина години самостојност на РМ. Пасивноста на јавноста денес во Македонија своите корени ги влече од овој период. И денес, кога имаме демократија, луѓето се максимално исплашени да кажат свој став, свое мислење, плашејќи се по својот живот и интегритет, иако денес санкциите не се ни блиску опасни како тие во минатото.[112] Едноставно, силата на конформизмот е многу силна во РМ. Стравот е максимално присутен, кој достигнува ниво на параноја. Во Македонија, елитите креираат одредена политика, која граѓаните беспоговорно ја прифаќаат, повторно од опортунистички причини и конформизам, иако знаат дека тие политики можат да бидат кобни за него. Општеството во Македонија иако е демократско, сепак се сведува на владејачка елита и народна маса. Немањето на развиен јавен дискурс, ослободување од стравот, придонесе јавноста да стане само една обична маса, која пак е можен извор на тоталитаризам.[113] Таа маса, е сосема лесно подложна за манипулирање. Притоа, за да се импресионира масата, потребно е да се исклучи разумот, за да не влијае негативно неговото влијание. Масата го исклучува разумот и прифаќа

[112] Види го истражувањето на АГТИС елаборирано на стр.66
[113] Види пошироко: Арент Хана, „*Изворите на тоталитаризмот*", Култура, Скопје, 1990

само груба асоцијација на идеја од авторитетот.[114] Тоа е причина поради која харизматичните оратори своето тежиште на говорите го придаваат на сентименталност, а не на разум. Во сите слободни општества имаме интеракција помеѓу граѓаните и власта во владеењето. Таа интеракција е повеќе од потребна за граѓаните да не се претворат во обична маса или толпа. Затоа изборите во Македонија се прашање на живот и смрт, затоа што резултираат со голема неконтролирана моќ, имајќи го предвид авторитативниот страв на граѓаните, нивната нееднинственост, поделеност, и склоност за формирање на обична маса.

## 4.6. Високиот рејтинг на НАТО во РМ виден низ објективот на Експериментот на Соломон Аш

Анкетите се инструмент за мерење на јавното мислење за некоја тема. Но, сепак анкетите не ја чинат сами по себе демократијата, бидејќи само отсликуваат јавно мислење, без истото да го формираат. Во случајот со Македонија, имајќи ја во предвид амбивалентноста на масата и конформизмот, анкетите се средство за формирање на јавното мислење. Имено, факт е дека аспирациите за членство во НАТО на Република Македонија уште од самиот почеток се креација на владеачките елити. Од осамостојувањето до денес, не е забележано или многу малку имало практикување на партиципативната и дискурсивната демократија во врска со членството во НАТО. Оваа стратегиска определба догматски е прифатена од сите слоеви на македонското општество без истата да подлежи на критика или со активно учество на граѓаните да се потврди, одбие или трансформира.

Самиот рејктинг од околу 90% поддршка е симптоматичен, затоа што е многу голем. Влез во една восна алијанса треба детално да се проучи, анализира, да се изнесат сите аргументи за и против, затоа што целата иднина на Македонија ќе зависи од тоа. За таа цел, треба да се искористат сите можни механизми на партиципативната и дискурзивата демократија , на сите и меѓу

[114] Le Bon Gustav, *"Psihologija gomila"*, TISAK KR. ZEMALJSKE TISKARE, ZAGREB, 1920 стр. 64

сите нивоа (власт, интелигенција, граѓани). Но, согласно со Теоријата на конформизам, овој процент е сосема логичен. Мас медиумите во Македонија не се независни (според светските агенции и според извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија)[115] и континуирано вршат пропаганда, исклучиво со дневно-политичка агенда. Некои прашања (како влезот во НАТО) не се третирани критички. Напротив, во содејство со политиката и партиите, направија догма и илузија дека сите што се за НАТО се умни, демократски и европски настроени, а другите доколку ги има се националисти, комунисти и антиевропејци. Согласно вака поставената догма и предрасуда, граѓаните конформно изразуваат симпатии према НАТО, иако потсвесно има многу неодговорени прашања на таа тема. Но, стравот од етикета во македонското општеството си го прават своето. Друг доказ за влијанието на конформизмот кон високите проценти на поддршка претставуваат фамозните 100% со кои бил избран Садам Хусеин во Ирак[116] пред да биде насилно соборен од САД и 100% со кои е избран Сапармурат Нијазов за претседател на Туркменистан.[117]

Што претставува експериментот на Соломон Аш?[118] Тој ја докажува експериментално Теоријата за конформизам. Овој експеримент[119] на полскиот научник кој емигрирал во САД е во корелација со популарниот Милграм експеримент со затворот во Стенфорд, по кој е сниман и филм. Овие експерименти се прогласени за едни од најконтроверзните експерименти за човековото однесување. Имено, во 1951 година Соломон Аш експериментот го извел на следниот начин: организирал осуммина луѓе кои престојувале во една просторија. Од нив, само еден партиципиент бил оригинален субјект на експериментот, додека другите биле претходно инструирани што да прават и како. Експериментот бил едноствен. Секој учесник во експериментот бил прашан да одговори на серија многу едноставни прашања, како на пример:

[115] Извештаите на Европската комисија за напредокот на Македонија се достапни на: www.sobranie.mk
[116] www.news.bbc.co.uk/2/hi/2331951.stm
[117] www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article/2006/12/21/AR2006122101653.html
[118] www.psychology.about.com/od/profilesol/p/solomon-asch.htm
[119] http://www.experiment-resourses.com/ash-experiment.html#ixzz1GJ4ToZJ7 уште попрецизно експериментот може и да се види на www.youtube.com/watch?v=TrNIuFrso8I&feature=related




Слика 3: Која од линиите под A, B и C е идентична со примерокот?

Учесниците на почетокот сите давале точни одговори за да не доведат до сомнеж на оригиналниот субјект. Но, потоа на просто прашање намерно сите одговарале погрешно. Цел била резултатот на надгледуваниот субјект во истата група. Резултатите биле многу интересни. Преку 30% од субјектите дале погрешен одговор кога биле опкружени со луѓе кои давале неточни одговори. 75% од субјектите дале погрешен одговор на барем едно прашање. Се постави прашање дали луѓето не и веруваат на сопствените очи или пак тоа е резултат на стремежот да не отстапуваат од средината. Иако надгледуваниот субјект со своите очи гледал дека едната линија е најдолга, тој поради притисокот на средината, влегувал во конформност и помалата линија ја прикажувал како поголема, исто како и останатите инструирани учесници.

Со овој експеримент Соломон Аш докажал дека перфектно нормален и здрав човек под притисок или принуда на невообичаеното однесување од авторитети или средина, може да се однесува спротивно здравата логика и сопствените убедувања.

Според Ашовиот експеримент, прашањата и дилемите биле лесни, чисти, како на илустрираниот пример, но сепак само под психолошки и конформистички притисок луѓето давале погрешни одговори. Ако во случајот со ставовите на јавното мислење во Македонија во врска со НАТО, ги вклучиме и: патолошкиот страв од авторитети; психолошкиот, социјалниот, економскиот, медиумскиот, општествениот притисок; опасноста од маргинализација; опасноста од етикетирање; последиците по личниот и телесниот интегритет; опасноста од губење на работно место (69% од македонските граѓани стравувале од губење на работното место ако јавно ги изразат своите ставови,

според истражувањето на АГТИС) како ретрограден елемент и дисидент; граѓанска и елитистичка изолација, излегува дека согласно овој докажан експеримент и Теоријата за конформизам се објаснуваат овие високи околу 90% поддршка за НАТО. Придонес кон овој висок процент имаат и албанските партии во Македонија, кои ги претставуваат како плашило за народот, затоа што се закануваат со војна и сецесионизам ако Македоноја по секоја цена не влезе во НАТО. (Мнозинството Албанци, 85% се за влез на РМ во НАТО по секоја цена, дури и да се промени името)[120]. Поголемиот дел од јавноста може и да немаат мислење на оваа тема, или пак да имаат спротивно мислење од интеграцијата во НАТО, но сепак поради овој моќен „притисок", конформизмот, даваат поддршка за НАТО, иако не се убедени во тоа, исто како и субјектот во експериментот што кажува спротивно од она што го гледаат неговите очи. За поголема точност на оваа констатација оди во прилог и фактот дека во Ашовиот експеримент изборот бил едноставен, избор на здрава личност помеѓу нешто очигледно и пак правање грешка, додека во случајот со поддршката на НАТО, се одлучува за сосема непознати, хипотетички ситуации, (претпоставката дека влезот на Македонија во НАТО ќе обезбеди постојан мир) па веројатноста да се направи грешка е огромна.

Од сето ова произнесено, излегува дека дури и тие 90% се малку, па по примерот на Ирак и Туркменистан би можело да станат и 100%. Од овој експеримент произлегува консеквенца дека граѓаните во Република Македонија се под конформистички притисок за оваа одлука која е произведена од владеачките елити без поминување низ филтерот на партиципативната и дискурсивната демократија.

[120] Види графикон бр. 2

## 4.7. Јавниот дискурс на некои држави во врска со НАТО интеграцијата

### 4.7.1. Словенија

Словенија во НАТО влезе во 2002 година со поканата од самитот во Прага. Оваа држава се покажа најстабилна по балканските случувања во деведесетите кога беснееја војни на просторите на бивша Југославија. Економски најстабилна, Словенија си го трасираше патот кон евроатлантските интеграции. Но, таму кон тој пат се покажа голема доза на партиципативна и дискурсивна демократија. За важните прашања, како што била НАТО интеграцијата, јавниот дискурс бил значително активен и влијаел од сите можни аспекти, без разлика што Словенија влезе во НАТО. Едноставно, демократијата била етаблирана во голема мера во сите сегменти на општеството.

Сепак, и во Словенија имало значителни пропусти од демократски аспект. Во прилог на ова е апсењето и прогонувањето на словенските интелектуалци Владо Михелјак и Андреј Курник,[121] жестоки критичари на НАТО. Исто така, и таму имало континуиран притисок на граѓани и личности. Ректорот, професор и истражувач на универзитетот во Љубљана, Јоже Менцингер бил исто така под притисок од власта затоа што тврдел дека НАТО не и треба на Словенија бидејќи е економски неисплативо да се влезе во тој остаток од социјализмот. Тој изнел теза дека е потребно што побргу да влезат во НАТО сите земји соседи на Словенија, за таа да биде безбедна без да влезе во тој сојуз и да заштеди пари исто како Швајцарија, Австрија, Ирска.[122] После неколку години откако Словенија влегува во НАТО, Менцингер прави анализа и во интервју за белградски НИН анализира дека Словенија немала никаков економски бенефит од влезот во НАТО. Тој влезот во НАТО го илустрирал со примерот дека тоа е исто како да се купи кола од 150 000 евра. Истата е луксузна и скапа за одржување, а истиот ефект ќе се постигне ако се купи кола

[121] www.geocites.com/recinenato.html

[122] www.24ur.com/servisi/klepetalnice/joze-mencinger-vstop-v-nato-nipotreban.html

од 20 000 евра. И двете коли ќе ги вршат истите функции, само што во вториот случај се работи за заштеда на огромни пари, а во првиот за чист престиж.[123]

Понатаму, Словенија била активна во сите сегменти на пропагандата за влез во НАТО. Главни подржувачи и агитатори биле министерот за надворешни работи Димитриј Рупел и министерот за одбрана Андреј Гризолд, како и претседателот на северноатлантскиот совет Антон Беблер. Но, сепак, во рамките на сите слоеви од општеството, цела армија од припадници на НВО секторот, новинари, интелектуалци, активисти и граѓани со сите сили и средства активно, преку сите елементи на партиципативната и дискурсивната демократија влијаеле на јавноста во врска со критичкиот став за НАТО интеграцијата. Оваа иницијатива вродила со плод, се издале и зборници со критички текстови „Не НАТО – мир нам дајте"[124]кои претставувале збирка од текстови на интелектуалци, а рејтингот на НАТО паднал на 39,6% според анкетите. Владата се исплашила од таквиот тек на настаните, по што одобрила дополнителни 80 милиони тогашни толари за појачување на кампањата за НАТО. Подоцна, сепак Словенија станува членка на НАТО. Но, таму никогаш рејтингот на НАТО не достигнал 90% кај граѓаните, за што значителен придонес има граѓанскиот сектор.

### 4.7.2. Хрватска

Хрватска од самитот во Букурешт во 2008 година е членка на НАТО. Но, слично како и во Словенија, хрватскиот граѓански сектор беше значитено активен во дебатите за НАТО, можеби и повеќе од Словенија. Во оваа држава рејтинзите на НАТО и ЕУ се во континуитет релативно ниски. Тоа е показател дека граѓанскиот сектор е исклучително силен, наспроти настојувањето на владата за безусловна НАТО интеграција. Можеби во прилог на Хрватска кои релативниот песимизмот за евроатлантски интеграции удел има и прогонувањето од хашкиот трибунал на хрватски ветерани и генерали од времето на татковинската војна во деведесетите. Сепак, граѓанскиот сектор се

[123] Пренесено од: www.diplomatija.com/sr/1545/news/joze-mencinger-od-ulaska-u-nato-nema-nikakvog-efekta-samo-steta-posto-se-javljaju-dodatni-troskovi/

[124] Зборник „*Ne NATO – mir nam dajte*", Mirovni in{titut, Ljubljana, 2002

покажал во најдобро светло. Премиерот Иво Санадер тогаш со сите сили се залагал за влез во НАТО, во што и успеал. Но силната граѓанска акција правела притисок да се распише референдум[125] за граѓаните да одлучат дали да влезе Хрватска во НАТО  или не. На тоа се спротивставил Санадер тврдејќи дека така ќе го навредат претседателот на САД Џорџ Буш. Граѓаните рекле дека ако не го стори тоа, ќе ги навреди нив, што и се случило. Понатаму позната е и судбината на Иво Санадер, завршувајќи со апсење и судски процес[126]

Во Хрватска, освен граѓанскиот сектор, преку одржување на бројни трибини, дебати, мировни демонстрации, акции, кампањи, активна блогосфера и студентски движења, забележана е активност и кај политичкиот сектор. Хрватската партија на правдата ХПП отворено застанува зад тезата дека НАТО не и треба на Хрватска и се против влез на Хрватска во овој воен сојуз. Нивниот претставник, Дражен Келеминац, сосема практично и отворено изјавувал[127] дека НАТО и ЕУ претставуваат ново ропство за Хрватска, затоа што Хрватите ќе мора да ги штитат светските нафтени полиња, наместо да се занимаваат со туризам и да рибарат. Тој изјавил дека НАТО и ЕУ ги принудуваат и уценуваат Хрватите да донесат некои закони и мерки, со цел да бидат примени таму. Тоа претставувало сосема недемократска мерка затоа што е принуда.

Исто како и во Словенија, рејтингот на НАТО во Хрватска е далеку помал од 90% како во Македонија. Во периодот пред да влезе Хрватска во НАТО, според агенциите за мерење на јавното мислење, рејтингот на Алијансата изнесувал 29%, додека според официјални владини проценки изнесувал 43%,[128] што е доказ дека и таму е заобиколена партиципативната демократија, а владејачката елита донела одлука спротивна од граѓаните.

[125] www.natonareferendum.org
[126] http://antinato.bloger.hr
[127] www.dalje.com/hr-hrvatska/hrvatski-pravasi-hpp-protiv-ulaska-u-nato-i-eu/97996
[128] www.balcanicaucaso.org/bhs/Regions-and-countries/Hrvatka/Hrvatska-gradani-razlicito-od-vlade-o-ulasku-u-NATO

### 4.7.3. Финска

За разлика од Хрватска каде што е заобиколена јавноста и е донесена одлука спротивна од нивното мислење, интересен за анализа е демократскиот амбиент на Финска во врска со ова прашање. Анализата на оваа држава дава сосема спротивен тренд од балканските држави, каде граѓаните и властите се во расчекор. Таму, јавното мислење и дебата се огледало за власта и таа воопшто не се осмелува нешто да превземе спротивно од тој правец. Според анкетите направени во 2010 година дури 56% од населението е против влез во НАТО, додека само 26% го поддржуваат.[129] Главни причини за прагматичниот став на народот е можноста Финска да биде вовлечена во конфликти кои воопшто не ја засегаат. Сосема конкретен и јасен став. Воедно, граѓаните на Финска сметаат дека НАТО само може да и донесе конфликт и влошување на добрососедските односи со Русија која е економски партнер на Финска и делат заедничка граница долга 1 340 км. Според тоа, поважни се националните интереси од влегување во организација како НАТО. Партиципативната и дискурсивната демократија во оваа нордиска земја се на највисоко можно ниво. Оваа земја сепак соработува со алијансата, а нејзините државници покажуваат тенденција за зачленување во Алијансата. Но, сепак никој од нив ниту се осмелува да донесе некоја одлука која би била во расчекор со граѓаните, кои несомнено се покажуваат како главен и одлучувачки фактор за одлуки кои ги засегаат нив самите, за разлика од балканските земји каде што граѓаните никој не ги прашува и се подредени на одлуките на елитите.

### 4.7.4. Македонија

Во евроинтеграцискиот процес на Македонија, јавниот дискурс е сосема ограничен. Конкретно со случајот за активностите за влез во НАТО, граѓаните се прашуваат само со анкети. Но, анкетите не се најрелевантни елементи на партиципативната и дискурзивната демократија. Тие повеќе се статистика. Јавната дебата, организирањето на трибини, тркалезни маси, дуели,

[129] www.hs.fi/english/article/suport+for+joining+NATO+appears+to+haveslightv+increased/1101581569344

медиумски кампањи, форуми и слично речиси и да не се присутни во јавната сфера. Факт е дека при формулирањето на стретегијата за влез во НАТО и подготовката на Стратегискиот одбранбен преглед се одржувани многубројни дебати, но сите тие беа од ограничен карактер и со одбрани учесници. Имено, на нив земале учество претставници од владеачките елити, експерти за безбедноста, професори, генерали, офицери од армијата, дипломати и слично, но најтрагично е што граѓаните немаат земено никакво учество. Значи, имало дебата меѓу елитите, а најмногубројниот фактор во државата, граѓаните, не се вклучени. Тоа ограничување во јавниот дискурс е практично ограничување и на демократијата.

Јавни дебати во врска со зачленувањето на РМ во НАТО од осамостојувањето до денес во кое се вклучени граѓаните се водени многу малку, речиси незначително. Поготово јавни дебати кои се соема отворени за мислења и ставови, во кој е вклучена и критиката се многу малку. Единствено, одредени невладини здруженија како што се „Ленка“[130] и „Мировна акција“[131] во неколку наврати имаат организирано дебати и форуми во кои критички се третира НАТО интеграцијата. Но, овие граѓански здруженија, иако се само одлика на партиципативната и дискурсивната демократија, се соочени со притисок и маргинализација од елитите и од медиумите. Критички настроени претставници од интелектуалнта фела кон НАТО се исто така многу малку, само неколкумина, кои се соочени со притисоци и етикетирања. Политичката елита, односно политичките партии, сите до една се единствени и едногласни во тој поглед, можеби единствена ситуација каде што практикуваат национален консензус. Сите до една се за членство на РМ во НАТО, без ниту една критичка забелешка. НАТО интеграцијата е главна приказна во нивната политичка платформа, без да понудат стратегија што ќе се прави отпосле кога би влегле во алијансата. Напластените проблеми, како од економски, така и од безбедносен план, ќе продолжат да опстојуваат и понатаму.

Ако направиме споредба помеѓу Македонија и другите балкански држави како Словенија и Хрватска во врска со јавната дебата и јавниот дискурс во еден стратегиски процес како што е НАТО интеграција, ќе видиме значителна разлика. Македонија е далеку зад овие две држави во

[130] www.lenka.mk
[131] www.mirovnaakcija.org

практикувањето на партиципативната и дискурсивната демократија. Кај нив општествено – безбедносната состојба е на повисоко ниво, нивната национална безбедност е помалку загрозена отколку кај нас, но сепак граѓанинот ја покажува својата сила и влијае многу повеќе во општествените текови. Пример за ова се многубројните дебати и демократски механизми со кои граѓанинот го искажува својот глас. Во Македонија, граѓанинот е релативно ограничен, и сосема лесно допушта елитите да му го креираат текот на живеење и секојдневието. Со тоа, се нарушува самата природа на демократијата, а тоа е владеењето на народот. Процесот на евроинтеграција сеуште трае во Македонија, па затоа никогаш не е доцна граѓанинот да земе поголемо учество во креирањето на политиката на владеачките елити.

# *Глава 4*

## Теориска рамка за формулација на безбедносни алтернативи на Република Македонија

## 5.1. Проблемот со името – нов Гордиев јазол за Европа или Дамоклов меч за Република Македонија

Од изнесеното досега, произлегува дека единствена пречка за интеграцијата на Македонија во НАТО претставува нејзиното име. Од кај е коренот на овој проблем? Дали може да се реши и како? Што ќе се случи доколку не се реши проблемот? Дали треба или не да го менуваме името? Овие прашања се особено сложени, но неопходно е изнаоѓање на прецизен одговор.

После букурешкото фијаско за зачленување во НАТО, овој проблем се наметна како централен во општествено - политичкиот живот во Република Македонија. Буквално целата енергија на јавноста и политичките елити е насочена кон ова прашање, со целосно запоставување на економијата, безбедноста и слично. На оваа прашање се добиваат или се губат избори, избиваат конфликти и етикетирања, се водат секојдневни жестоки дебати, а и се води судски процес во Меѓународниот суд на правдата. Овој проблем ги надминува границите на Македонија.

Проблемот со името е широка и комплексна тема за елаборирање, и бара посебни истражувачки трудови. Реалноста и аргументите се апсолутно на страната на Македонија. Докази кои укажуваат дека македонскиот народ е посебен народ различен од другите со посебни обележја како генетска различност, култура, јазик, територија, фолклор, битие и историјат се изнесени досега во многубројни истражувања од релевантни фактори од сите можни провиниенции, како од општествените, така и од природните науки. Изнесувањето на сите аргументи е сосема непрактична работа поради нивната голема обемност. Но фактите се едно, е реалполитиката е друго.

Што е име? Според онлајн речникот Миријам - Вебстер[132] дефиницијата за име е следната: „Збор или фраза што претставува посебна идентификација на лице или предмет". Консеквентно на ова, имињата се важни бидејќи ни даваат идентитет. Зборот име потекнува од средновековниот англиски јазик од 12 век, а можеби и порано. Од овие аксиоми произлегува дека

[132] www.merriam-webster.com/dictionary/name

името од епистемолошки, гносеолошки и филозофски аспект е неразделно сврзано со идентитетот. Името е само збор кој се идентификува со нешто. Името не е важно како субјектот (човек, држава итн) се гледа самиот себеси, туку како другите субјекти гледаат на него и како го именуваат.

Согласно со наведеното, невозможно е да се раздели името од идентитетот. Опортунистите и поборниците за промена на името на РМ за членство во НАТО алаудираат на тезата дека ако се смени името, и се додаде некоја географска или некоја друга одредница, немало да се смени идентитетот. Тоа се коси со самата логика. Тоа е исто како некој да продолжи да пие вода понатаму во животот, но таа да не содржи водород во себе. Тоа е контрадикторен поим сам по себе, затоа што ќе остане кислородот и материјата што ќе преостане воопшто нема да биде вода. Аналогно на ова е името и идентитетот. Ако се смени или модифицира името, ќе се смени или модифицира и идентитетот. Особено е дискутабилна географската одредница, затоа што означува физичка и територијална различност од фундаментот и дисконтинуитет со историските текови. Таков совршен пример е Северна и Јужна Кореја каде географската одредница отсликува радикално различни општества, посебни идентитети, иако тие генетски се еден ист народ.

Еден од најсилните аргументи кои одат во прилог на Македонија е Повелбата на Обединетите нации.[133] Во оваа повелба која е еден вид демократски „устав на светот", во член 1, став 2 изричито се гарантира *правото на самоопределување* како врвна придобивка во односите почеѓу државите. Тоа е основата на општото меѓународно право – ius cogens. (Марјан Попески – правен аналитичар и адвокат). Членките на ЕУ во својот став према Македонија се повикуваат на солидарноста, која произлегува од европските законски и правни регулативи. Меѓутоа, ставовите на ЕУ се во спротивност со Повелбата на ООН. Во тој случај, „доколку постои противречност помеѓу обврските на членовите на Обединетите нации според Статусот и нивните обврски по кој било меѓудржавен договор, преовладуваат обврските од овој Статут"[134] Едноставно, сите закони и регулативи што се во спротивност на императивите и начелата на Повелбата на Обединетите нации, општото меѓународно право, се

[133] Кузев Стојан, „*Збирка документи од областа на безбедноста и одбраната*", Скопје, Југореклам, 2002 стр. 57 - 83 На англиски јазик во оригинал ја има на www.un.org
[134] Конфорти Бенедето, „*Меѓународно право*", Љубљана, 2005, стр. 177

ништовни и неважечки. Македонија мора секаде и секогаш да го потенцира овој факт, како природно право на постоење. Ова право никој не смее и не треба да и го оспорува на Република Македонија.

Друг важен факт во прилог на неменување на името за членство во НАТО е тоа што ниту една држава во светот не го носи ова име, или слично име. Со тоа, нема потреба од никакви одредници, претставки и наставки. Едноставно, *слободата и правдата се врховни придобивки на човечкиот род и апсолутно ништо, најмалку НАТО, не е и не смее да биде над нив.*

Името Македонија потекнува уште од најстари времиња. Најстарите пронајдени записи се од VI-VII век пред Новата ера. Неговото настанување никој прецизно не може да го потврди. Прв името Македон го споменува Хезиод во VII век пр.н.е. Некои научници тврдат дека е кованица од зборовите Маке и Дон, што означува мајка – земја. Други тврдат дека ја основал митолошкиот јунак Македон. Есхил (524 – 456) во својата трагедија „Персијци“ пишува: „Ние пристигнавме во Магнетската земја и во земјата на Македонците, до реката Аксиј (старото име на Вардар)“. За Македонија и Македонците пишуваат или спомнуваат античките писатели и историчари Херодот, Диодор, Помпеј Трог (Историја на Македонија, напишна I век пр.н.е), Плутарх, Квинт Курциј Руф. Постои објаснување дека името доаѓа од античкиот збор – макединос, кој означувал „висок“, „строен“, а со тоа и Македонија, земја на високите луѓе.[135] Во еден историски континуум, ова име на овој народ на овие простори опстојало до денес. Затоа, никој нема право да го менува и модифицира. За опстанок на тоа име загинале неброено многу луѓе во последните 2,5 милениуми. Дури и јавноста, граѓаните немаат право да го менуваат, да се самоукинуваат, зашто се коси со универзалното право на живот, а најмалку политичките елити кои би можеле да посегнат по таква лудост. Секое решение по ова прашање во никој случај не смее да помине без јавна дебата и учество на граѓаните. Аргументи за неменување на името, сепак, постојат неброено многу, а споменатите се само најосновните.

Ова прашање не смее да се разгледува без активно учество на сите граѓани во Република Македонија, кои се носители на суверенитетот. Неопходно е да се спроведува партиципативна и дискурзивна демократија.

[135] Цитирано според: Поп Атанасов Ѓорги, „*Библијата за Македонија и* Македонците“, Менора, Скопје, 1995 стр. 50, 51 и 52

Секое решение на елитите мора да помине активно преку критичкото око на јавноста, особено во ситуации од голема важност за иднината на таа јавност. Ова е одлика на секоја развиена демократија. Ако вакво најважно прашање сепак помине без филтерот на јавноста, тоа автоматски не е легитимно. Оваа констатација е универзална и важи насекаде, некаде повеќе (развиените демократии), некаде помалку или воопшто не важи (тоталитарните режими), каде владејачките елити го креираат јавното мислење. Каде се наоѓа Македонија во оваа рамка?

По случувањата на букурешкиот самит на НАТО во 2008-та, Македонија се најде во нова специфична меѓународна положба. Таму беше испратен сигнал и порака дека единствен пат кој води до НАТО е промената на името на државата. Тој чин пак е загрозување на националната безбедност од најголем обем затоа што се менува идентитетот на конститутивниот народ и така би настанала сосема нова творба. Македонија моментално се наоѓа пред историска крстосница и сериозно и детално треба да се анализираат сите можни чекори и алтернативи за понатаму.

## 5.2. Дали Република Македонија има алтернативи надвор од НАТО?

Од филозофска, епистемолошка, научна, теоретска и практична гледна точка, секогаш постојат алтернативи, во сите сегменти на човековото живеење. Оваа аксиома е константна. Дали едната алтернатива е добра, а другата или другите лоши, е сосема друго прашање. Сепак, секогаш постојат алтернативи. Во македонското општество постојано се форсира тезата дека нема алтернативи за НАТО. Оваа теза е сосема погрешна сама по себе, но сепак во медиумска и политичка конотација се мисли дека нема друга добра или подобра алтернатива за Македонија. Оваа теза е само теорија, претпоставка. Целата енергија во Македонија оди во тој правец, кон оваа претпоставка која немора да испадне точна. Никој во Македонија, па и надвор, не знае со сигурност како ќе се одвиваат овие сложени општествено – политички процеси.

НАТО како организација несомнено има многу лоши критики и атрибути, (остаток од социјализмот, империја на САД, светски полицаец, оска

на злото, произведувачи на војни итн.) но има и несомнено позитивни карактеристики во светски рамки (статусот светски полицаец ја одржува безбедносната рамнотежа во светот, овозможување политичка и економска стабилност, промовирање на демократијата итн.). Состојбата во Македонија не е црно - бела. Таа е посложена, особено со директното вклучување на билатералниот спор за името со Грција во евроатлантските интеграции.

Уцената/притисокот од страна на НАТО за промена на името и идентитетот за влез во оваа воена алијанса е кристално чист сигнал дека конечно мора да се разгледаат алтернативните решенија за влез во НАТО, слично како што тие биле разгледувани во 1992 година по осамостојувањето. Потоа, овие алтернативи мора да поминат низ филтерот на партиципативната и дискурсивната демократија, по што најсоодветната од нив би требало да се примени.

Засега, теориски, па дури и практично се издвојуваат неколку алтернативни препоставени решенија за безбедносниот вакуум во кој моментално се смета дека се наоѓа Република Македонија.

**Првата алтернатива** е прогласување на статусот „неутралност", односно неутрална Македонија.[136] Веднаш по осамостојувањето на РМ почнаа процеси за формирање на доктрина и стратегија, која најадекватно ќе ги детектира заканите и ќе формира план за нивно елиминирање или спротивставување. Во тој период, Македонија сеуште немала формирано безбедносен идентитет, па сите опции биле разгледувани. Една од тие опции била и статусот – неутрална Македонија, кој бил на разгледувања од тогашната влада. Поттикнат од таа цел, професорот Гоцевски Трајан пишува феноменален труд „Неутрална Македонија". Таму тој детално го елаборира неутралниот статус, како и придобивките кои би ги имала земјата од таков статус, правејќи компарација со таквиот систем во Швајцарија, Австрија, Шведска, Финска, Андора, Лихтенштајн, Монако, Сан Марино.

Неутралноста е меѓународно – правен институт, со кој една суверена држава обезбедува можност да не биде вклучена во вооружени судири од било каков вид, во војна која се води во моментот или во било која идна војна.[137]

---

[136] Гоцевски Трајан, *„Неутрална Македонија"*, Македонска ризница, Куманово, 1995
[137] Ibid стр. 13

Неутралност претставува и статусот на неучествување во сите идни војни или во една конкретна војна.[138]

Како и да е, од теориска гледна точка неутралноста е најдобрата солуција за Република Македонија на безбедносен план. Со овој статус, на Македонија и останува само да се надградува на економски и на културен план, со што за кратко време би можела да постане релативно стабилна и економски развиена држава. Неутралноста на Македонија би имала добри и лоши страни.

Добри страни би биле:

- Обезбедување од воени загрозувања и надворешна агресија
- Давање на цврсти гаранции на нашите соседи дека со неутралниот статус се обврзуваме дека нема да посегнеме кон агресија или некакви форми на иредентизам.
- Давање на позитивни сигнали кон балканот и светот дека културниот натпревар може да започне, според визионерот Гоце Делчев
- Самиот неутрален статус ќе создаде неограничени можности за голем економски подем и странски инвестиции без опасност од ризици
- Создавање на еден вид „брана" за национализмот на Балканот и негово скротување
- Непречен развој на коридорите 8 и 10
- Давање на политички сигнали за постепена демилитаризација на Балканот

Лоши страни од неутралниот статус:

- преголем ризик имајќи го предвид опкружувањето на соседите, нивниот национализам и нивните доктринарно – стратегиски визии во поглед на Македонија
- создавање на безбедносен вакуум
- слаба гаранција за неутралноста од ООН и меѓународното право во светот на реал-политиката
- големиот ризик од сецесионизам и внатрешни конфликти од етнонационален карактер.

Ова е анализа од теориска гледна точка, додека од практична гледна точка, неутралноста е тешко возможна од следниве причини:

[138] Манговски П. Фрчковски Љ. Ортаковски В. *„Меѓународно јавно право"*, ФИТКО, Скопје, 1994 стр. 268

- исклучиво важната геополитичка положба на РМ, како крстосница на коридорите 8 и 10,[139] и како центар на Балканот, го оневозможуваат неутралниот статус. Овој статус би претставувал пречка за НАТО затоа што го кине и стеснува маневарскиот простор на јужното крило на НАТО во евентуална регионална или светска војна (иако малку веројатни). Со самата неутралност, се исклучува странско воено присуство на територија на РМ. Постојаното заобиколување на РМ и исклучувањето на вардарската долина како стратегиски правец е недозволиво и скапо за НАТО.
- Статусот на Македонија како „монета за поткусурување" низ историјата. Неутралниот статус, едноставно ќе ја „девалвира" вредноста на монетата за поткусурување и големите сили ќе немаат со што да манипулираат. Едноставно, ќе исчезне морковот со кој се тераат балканските магариња. Историски факт е дека големите сили ја користеле Македонија како мамка во Првата и Втората балканска војна, Првата и Втората светска војна. Сите соседи на РМ се поголеми и по територија и по жители, така што како и во минатото, поважно на големите сили ќе биде да ги придобијат нив, отколку Македонија.
- Самата неутралност ќе биде цврст гарант за суеренитетот на РМ, а со тоа и опстанок и зацврстување на македонската култура и идентитет. Оваа констатација е погубна за доктринарно-стратегиските ставови на Грција и Бугарија, членки на НАТО и ЕУ, кои со сите сили би ја саботирале Македонија во тој поглед. Секој статус со кој опстојува Македонија, тие го сметаат како закана, а неутралниот статус би бил скротување на нивните територијални и националистички тенденции.

Консеквентно на ова, иако теориски одличен модел на безбедносна алтернатива за НАТО, од реал – политички и практични причини ниту една европска сила не би го поддржала неутралниот статус на Република Македонија, поготово не од страна на НАТО.

[139] За важноста на овие коридори за Република Македонија види повеќе во: Милески Тони, „*Македонија – рубикова коцка на балканот*", Филозофски факултет, Скопје, 2005

**Втората алтернатива** би била склучување на билатерално стратегиски договори со држави докажани сојузници на Македонија, како од рамките на НАТО, така и надвор од него.

Пример за таков договор е Декларацијата за стратегиско партнерство и соработка со САД, потпишан на 7 мај 2008 година.[140] Но, овој договор не е стратегиски документ, туку само документ за продлабочување на билатералната соработка во полето на економијата, безбедносниот сектор и културата. Според одредени аналитичари, овој договор нема поголема безбедносна тежина, затоа што е само продлабочување на односите со САД, а не и одбранбен документ. Овој договор не е потврден од конгресот на САД и нема стратегиска тежина како договорите за безбедност помеѓу САД и Израел, Грција, Јапонија.

Но, сепак во иднина овој договор би можел да претставува рамка за договор кој ќе се повикува на нашиот сестран ангажман на сите полиња во интерес на САД, по што и би се склучил таков договор, со тежина како и членството во НАТО. Освен со САД, ваков стратегиски договор за заедничка одбранбена и безбедносна соработка Македонија би можела да потпише и со Турција, како и Израел. Потребен е само поголем дипломатски напор и усогласување.

Ваков стратегиски договор со Израел би претставувал огромна корист за Македонија, имајќи го предвид влијанието на Израел во светот. Македонија ќе добие поголема сатисфакција и искуство од прва рака од државата која е во перманентна криза, но сепак е успешна. Сличноста по многу аспекти со Израел (историски, географски, геополитички, безбедносни) ќе помогне на Македонија полесно да ги лоцира за полесно да одговори на заканите и ризиците по националната безбедност.

Според извори[141] од македонското МВР, во последниве години се превземаат конкретни чекори за приближување со Израел. Набавена е опрема за следење на телекомуникации од Израел; специјалните единици се опремени со најмодерните израелски автоматски пушки Тавор[142]; управата за обезбедување на функционери и дел од специјалните сили биле на специјалистичка обука во Израел, а во Скопје е отворен центар на Холокаустот, еден од најголемите во

[140] Списание „*Одбрана*", година XVII, бр. 146, јуни 2008 (текстот на договорот е од доверлив карактер и не е достапен за јавноста)
[141] Идентитетот на изворот е конспиративен од разбирливи причини
[142] Повеќе за карактеристиките на ова оружје: hr.wikipedia.org/wiki/IMI_Tavor_TAR-21

светот, со што освен на безбедносен, се отвара патот за соработка со Израел и на културен и економски план.

**Третата алтернатива** е еквивалентна со алтернативата што ја трасирал Центарот за мировни студии во Загреб.[143] Имено, РМ треба да ги продолжи процесите за приклучување во Европската Унија, но да ја преиспита стратегијата за членство во НАТО. Притоа да продолжи со реформите за влез во ЕУ. Понатаму, треба да се засилат активностите во склоп на Партнерството за мир и со помош на овој механизам да се одржава контакт со НАТО на највисоко ниво. Да се основа и активира Национална програма за изградба на мир. Да се основа Агенција за изградба на мир која ќе ги координира меѓуресорските процеси во врска со реализацијата на Националната програма за издградба на мирот. Вклучување на Македонија во меѓународната мрежа на хумана безбедност и да предложи до ООН основање на Меѓународна агенција за хумана безбедност, со седиште во било кој град во Македонија. Да се ревидира активното воено учество во мисиите во Авганистан и слично, а за таа сметка да се формираат мировни и цивилни тимови, кои несомнено повеќе ќе допринесат за мирот во светот отколку војниците.

**Четвртата алтернатива** е најадекватна за Република Македонија. Имено, таа во одредена мера е во согласност со моменталната безбедносно – вакуумска состојба на постојано адаптирање дури се чека влез во НАТО. Оваа алтернатива е трансформација и надополнување на тезата[144] на професорот Јоже Менцингер од Љубљана.

Оваа алтернатива би била продолжување на ЕУ реформите (самото концентрирање кон ЕУ интеграцијата е еден вид алтернатива), активно учество во програмата Партнерство за мир со која ќе бидеме во дослух и консултации со НАТО за сите прашања, и поддршка за зачленување во НАТО на сите соседи на Република Македонија, вклучувајќи ги и Србија и Косово. На тој начин, Македонија од сите страни ќе биде опкружена со НАТО, ќе биде надворешно безбедна и нема да имаме големи економски издатоци од евентуален влез во Алијансата. Со овој најрационален потег би се решила сосема практично иднината на Македонија. Безбедност, по ниска цена. Овој принцип сосема

[143] Centar za mirovne studije, *"ALTER-NATO-R, PLATFORMA ZA IGRADNJU MIRA KAO PRIKLUCENJU RH NATO SAVEZU"*, 2007
[144] www.24ur.com/servisi/klepetalnice/joze-mencinger-vstop-v-nato-nipotreban.html

практично го применуваат Швајцарија, Австрија, Ирска и донекаде Шведска. Овие земји не учествуват директно во војни, освен одредени логистички заложби, средствата за таа намена ги прераспределуваат во социјалната сфера, економски стануваат помоќни, а истовремено се безбедни затоа што се опкружени со НАТО. Македонија речиси е во таква ситуација. Од соседите на РМ, три се членки на НАТО, една е создадена од НАТО, а петтата е демократска земја со евроатлантски амбиции. Следува дека ова е најадекватното, најдоброто и најевтиното сценарио и алтернатива за НАТО, каде РМ е блокирана.

Едноставно кажано, ова се најоптималните алтернативи за Македонија надвор од НАТО. Со ова се докажува дека сепак Македонија има и план Б, Ц, Д и така натаму. Само треба да се разработат, да се одбере или искомбинира најдобрата и да се разбие догмата дека НАТО е прашање на живот или смрт, дека е без алтернатива. Со поголема вклученост на јавниот дискурс, можеби ќе се предложат уште десетици подобри и поквалитетни алтернативи, но бидејќи тој е рудиментиран во Македонија, доволни се и овие.

За волја на вистината, во прилог на оваа теза оди и ироничниот факт дека во светот постојат точно 168 (сто шеесет и осум)[145] држави кои не се членки на НАТО, а сепак опстојуваат и меѓу нив има и исклучиво безбедни и економски моќни држави. Ако пак направиме споредба само за Европа, од вкупно 46 држави, само 26 се членки на НАТО. Другите 20 европски држави што не се членки на НАТО, ниту се изолирни, ниту без перспективи. (Ристо Никовски). Како ли тие нашле подобра алтернатива за НАТО? Затоа, сите тези дека нема подобра алтернатива на РМ отколку влезот во НАТО се неиздржани и се еднострано анализирани и прифатени, без критичка опсервација. Овие тези се само едната страна од паричката, без да се види и другата. Бидејќи не се развиени и потврдени во граѓанската сфера, тие се апологетски прифатени само од елитите, кои сепак се малцинство во државата во споредба со граѓаните.

[145] Бројката е добиена со одемање на бројот на членки на НАТО, кој изнесува 28 (извор: www.nato.int/cps/en/natolive/topics_52044.htm), од вкупниот број на држави во светот, кој изнесува 196 (извор: www.geography.about.com/cs/countries/a/numbercounties.htm)

## 5.3. Цената за влезот во НАТО

### 5.3.1. Цената како економски параметар

Членството во НАТО само по себе значи и економско оптоварување, затоа што се плаќа еден вид членарина за тој елитен клуб. Според пресметките на Нано Ружин во своето дело „НАТО во современите меѓународни односи" од 2010 година, тој дава еден приказ колку приближно би ја чинела Македонија членството во овој клуб. Имено, финансиското учество би изнесувало од 700 000 до 1 000 000 американски долари. Од нив, околу 150 000 во цивилниот буџет, и околу 800 000 во воениот буџет. Понатаму, има простор за дополнителни финансиски издатоци во зависност дали РМ ќе се вклучи во инвестиционите програми. Овде не се вклучени цената за националната делегација во рамките на НАТО која би броела од 24 до 28 дипломати и офицери. Нивните трошоци ќе бидат на товар на Министерството за надворешни работи и на одбрана.[146]

Вака презентирана цената реално и не претставува некое оптоварување на буџетот. Но, паричката има и друга страна.

Согласно НАТО стандардите, секоја членка е пожелно и треба да учествува во доменот на својата национална одбрана со релативно високи 2% од БДП. Овој висок процент ќе ги редуцира средствата наменети за другите поважни сфери како социјалата, здравството, економијата итн. Новите членки ќе мора да се ослободат од вишокот оружје што не е по НАТО стандарди, а и тоа чини многу пари. Понатаму, неформална обврска е сите новопримени членки на НАТО да ја модернизираат својата армија со опрема што ќе им се наметне и најчесто не ја произведуваат домашните компании.

За споредба, при влезот во НАТО на Бугарија и Романија, воените индустрии паднаа во криза поради немањето нарачки. Овој проблем е далеку од Македонија, затоа што тука нема воена индустрија. Кај Романија е интересен примерот дека таа земја своите потреби за одбраната ги задоволувала со својата домашна воена индустрија со преку 85%. Но, влезот во НАТО овозможил таа да се задолжи кај комерцијалните банки, бидејќи на странски компании морала да

[146] Ружин Нано, *„НАТО во современите меѓународни односи"*, Фондација „Фридрих Еберт", Скопје, 2010 стр. 321

им исплати 292 милиона евра, наспроти домашните фирми на кои им исплатила 194 милиона евра.[147]

Новите членки исто така имаат и обврска да платат и дел од трошоците за учество на нивните единици во меѓународни мировни мисии. Пример, ангажманот на војниците од Бугарија во Авганистан годишно ја чини државата околу 68 милиони евра, додека 300-те војници на Хрватска лани ја чинеле од 30 до 35 милини евра.

Консеквентно на ова, сумата што кревката економија на РМ би ја исплаќала за потребите на НАТО и одбраната би била многу висока, која никој неможе точно да ја предвиди. Несомнено, и статистички е потврдено дека влезот во НАТО на Романија и Бугарија придонесол за зголемување на странските инвестиции и пораст на БДП. Но тоа не значи дека во иста мера ќе се зголемат и во Македонија. За разлика од овие земји, Македонија е Land locked country[148] држава, односно нема пристап кон море, и неможе да се прават директни споредби.

Најголем адут на апологетите за НАТО е зголемувањето на странските инвестиции во Македонија и значително зајакнување на економијата од евентуален влез. Несомнено, самиот влез ќе продуцира позитивни сигнали за зголемување на инвестициите, но факт е дека ова не е главната причина за да влеземе во НАТО. Имено, принципите на либералниот капитализам и глобализацијата се премногу силни за ваква пречка. Тие не познаваат граници. Македонија не е членка на НАТО, но и досега од осамостоувањето има многубројни странски инвестиции. Зар тие незнаат дека не сме членка на НАТО? Според многумина економски експерти, недостигот или стагнацијата од директни странски инвестиции во РМ (за разлика од Бугарија, Хрватска, Албанија, Романија) се должи највеќе на: корупцијата која е висока според сите светски параметри; неприменливите внатрешни закони; политичката нестабилност; малиот пазар и квантум на понуда и побарувачка; неизлегувањето на море и недоволно изградената сообраќајна инфраструктура, поготово на коридорите 8 и 10, која е голем проблем. Согласно овие параметри, произлегува дека неможе да се препишува катастрофалната економска состојба

[147] Пренесено од „*Политика*" во дневниот весник „Нова Македонија"

[148] Милеси Тони, „*Македонија - рубикова коцка на балканот*", Филозофски факултет, Скопје, 2005 стр.209

во РМ на фактот што не сме членка на НАТО, затоа што законите на економијата поинаку функционираат од дневно – политичките интриги што се продуцираат овде.

### 5.3.2. Цената како епистемолошки, нееокономски фактор за влезот во НАТО

Освен економски, евентуалното членство во НАТО ќе предизвика повеќе домино – ефекти во македонскиот општествено – политички живот. Најпрво, Македонија ќе се милитаризира со самото зачленување во воен сојуз. Милитаризмот е негативна општествена одлика, која претставува спирала што тешко се одмотува. Понатаму, Македонија како миротворна држава, станува окупатор затоа што праќа вооружени војници на мисии во туѓи држави што немаат врска со мировни, ниту пак со националната безбедност на Македонија. Од овде произлегува дека ако во иднина НАТО повторно води некоја војна, македонските војници би биле топовско месо, а со тоа и можноста да има непотребни жртви се зголемува. Со НАТО интеграцијата се ограничува маневарскиот простор за економски непречен развој на РМ, затоа што секаква интензивна соработка со Русија, Кина и други не НАТО држави догматски се означува како предавство. Со тоа, се блокира можноста за економски развој преку поинтензивна економска соработка со овие држави, кои рапидно стануват економски сили.

Понатаму, со влезот во НАТО тотално се губи функцијата на армијата, чија прва и примарна функција е заштита на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на земјата, или пошироко, на нејзините граѓани,[149] а не да војува без никаква причина оддалечена илјадници километри од дома. Со интеграцијата во НАТО, во случајот со Македонија, начисто се запоставува националната бебедност за сметка на кооперативната. Логички, НАТО е формиран за да ги штити националните безбедносни системи на неговите членки. Ако тие се нарушуваат за да се влезе во НАТО, тогаш исчезнува секоја логика за влез во НАТО. Едноставно, Македонија не смее и неможе да се укине

[149] Центар за демократска контрола на вооружените сили (DCAF) – Интер парламентарна унија (ИПУ), *„Парламентарен надзор на секторот за безбедност“*, Женева, 2003 стр.53

како држава, а пред се како народ, за да влезе во алијанса со многу непознати параметри. Самоукинувањето на нацијата за влез во НАТО е перверзија што и се наметнува врз РМ. Тоа е преголема цена што треба да се плати од народот и државата за да стане Македонија членка на НАТО. Едноставно, есапот не излегува. Правото на самоопределување што е едно од најважните човекови права се потиснува за некаква емоционална сатисфакција на елитите во Македонија. Тоа е недозволиво од морална и правна гледна точка. Граѓанинот го има последниот збор.

Од друга страна, кои би биле придобивките од НАТО за обичниот граѓанин во РМ? Дали со тоа ќе се зголеми хуманата безбедност, социјалната правда, дали ќе исчезне корупцијата, дали ќе се збогати државата, дали ќе се заузда национализмот и тероризмот? Дали ќе се спречат климатските промени и дали ќе се зголеми озонската обвивка? Дали ќе се намали организираниот криминал, дали ќе се намали сиромаштијата и криминалот? Овие, а и многу други реторички прашања ќе продолжат да се поставуваат со несмален интензитет дури и по хипотетичкиот влез во НАТО. Според одреден сублимат направен од повеќе истражувања, граѓаните во светот како најголеми опасности ги сметаат: Криминал (27%), Тероризам (15%), Здравствена и економска несигурност (13%), Несреќи и природни катастофи (12%) и војни (8%).[150] Според друга статистика, најчести причини за смртни случаи во светот во 2001 година биле:

| | |
|---|---|
| Болести | 91 |
| Несреќи | 4.1 |
| Сообраќајни несреќи | 2.1 |
| Самоубиства | 1.5 |
| Убиства | 0.9 |
| Колективно насилство | 0.4 |
| Природни катастрофи | 0.05 |

Табела бр. 1: Причини за смртни случаи во светот во 2001 (%)

Извор: Светска здравствена организација[151]

[150] Пренесено од: Хју Питер, *„Поим за глобална безбедност"*, Табернакул, 2009, стр.11
[151] Ibid стр.19

Алијансата е тотално немоќна против овие облици на загрозување на човекот. Произлегува уште едно реторичко прашање. Зошто тогаш е потребен влез во НАТО, кога со тоа не може да се решат најосновните и најнеопходните проблеми на народот?

## 5.4. Безбедносно резиме на Република Македонија и детекција на вистинските загрозувања

Република Македонија, како и да е, сосема некритички чекори кон фамозниот сојуз НАТО. Последиците никој не може да ги предвиди. Но, коцката е фрлена. Сепак, најсликовито состојбата во Македонија ја има претставено бригадниот генерал на НАТО Денис Блис, поранешен командант на јужното крило на Алијансата. На трибина на правниот факултет во Скопје при универзитетот Св. Кирил и Методиј, одржана на тема НАТО интеграцијата на РМ, во периодот на 2005 година, генералот со хируршка прецизност ги детектираше заканите по националната безбедност на Македонија, и улогата која ќе ја има НАТО.

Имено, по завршеното излагање пред преполниот амфитеатар на Правниот факултет, во соработка со Министерството за одбрана и надворешни работи, модераторот постави прашање дали некој од публиката сака да му постави прашање на генералот во врска со НАТО. Авторот на овој труд прв се јави за прашање, по што е запрашан – дали НАТО и гарантира мир и безбедност на Македонија ако влезе таму? Дали Македонија ќе биде ставена под целосен безбедносен чадор или сепак може да се продуцираат конфликти?

По изнесеното прашање, генералот на НАТО, потстана од своето столче и почна да се врти лево – десно во амфитеатарот. Речиси сите се збунија од таквиот потег, но тој имал причина. Потоа рече, цитирано „добро е, си отидоа сите новинари, па може отворено да зборуваме“. Понатаму, само кратко одговори – „не, не ви гарантира НАТО целосна безбедност и мир“. Атмосферата во салата се исполни со извици на чудење и шепоти. Генералот продолжи „НАТО согласно членот 5 ви гарантира безбедност и солидарност при евентуален напад од страна на држава што не е членка на алијансата. Тоа значи ние ќе одговориме заеднички против заканата согласно внатрешните

договори и акти. Но, мир и безбедност не ви гарантираме во целосна смисла на зборот, Зошто? Видете ја состојбата кај нас во НАТО. Во Шпанија дејствува сепаратистичката оранизација ЕТА и предизвикува чувство на загрозување на безбедноста, но НАТО не се меша. Во Ирска има верски и етнички конфликт, дејствува ИРА, но исто така НАТО не се меша. Грција и Турција се на работ на војна, но НАТО не се меша барем засега. Така и при евентуален конфликт во Република Македонија во иднина, НАТО нема да се меша! (нешто слично како конфликтот 2001, м.з)." Овој прецизен и искрен одговор на еден генерал на НАТО ги вчудовиде сите, но набрзо модераторот ја префрли темата.

Надворешно – политичката и безбедносна ориентација не е лек за внатрешните проблеми на Република Македонија.[152] НАТО да би можело да ги решава внатрешните проблеми во консоцијалните демократии, прво ќе го решеше проблемот во Белгија која е членка на НАТО и седиштето на оваа организација се наоѓа во Брисел. Оваа НАТО членка буквално се распаѓа, подолг период нема влада и НАТО нема ингеренции да се меша во внатрешните работи.

Амбициите на Македонија во НАТО се дискутабилни, затоа што дури и да влеземе под уставно име, никој не може да го скроти национализмот и сепаратизмот, верската нетрпеливост и внатрешните конфликти. Македонија од нив е загрозена реално, а не од класична воена агресија од некоја си сосема трета држава при што НАТО би интервенирало. Едноставно, повторно може да се појави некој конфликт сличен на тој од 2001 година, па дури и поголем, дури и да сме членка на НАТО. Повторно, државата ќе биде пред граѓанска војна и распад, но НАТО согласно Договорот нема да реагира. Тие тоа и сега јасно го сугерираат, само што тоа не се перцепира во Република Македонија.

Според едно емпириско[153] истражување на ЏонВаскез, направена е компарација помеѓу историското искуство на воените сојузи и нивниот допринос за мирот во светот. Тој во својата педантна анализа заклучува дека воените сојузи низ историјата повеќе поттикнуваат војни или не ги спречуваат, отколку што допридонесуваат до мирот. Искучок бил само периодот на 19 век и

[152] Билјана Ванковска, интервју во списанието „*Одбрана*", Година XVII, бр.151, ноември 2008
[153] Vasquez A. John, *"The War Puzzle Revisited"*, Cambrige University Press, 2009, стр.186-191, 375-383

Студената војна. Реалистите твделе дека мирот се постигнува со сојузи. Напротив, праксата покажала дека на тој начин се намалува безбедноста.

Има една уште пострашна хипотеза во контекст на ова. Имено, да се влезе во НАТО по сите процедури. Потоа, се разгорува конфликт од етнонационален карактер во Македонија (Албанците имаат акумулирано преголема моќ и процесите на федерализација тешко некој може да ги спречи) сличен, па дури и со помал или поголем интензитет. Поради опасноста од граѓанска војна, веднаш НАТО би ги активирало своите сили во некаква мировна или дипломатска мисија на територијата на РМ. Главнината од тие сили би биле грчка и бугарска војска, кои на почетокот би се „криеле" под НАТО превезот, но со текот на времето ќе ги потенцираат националните обележја, би формирале свои пунктови и зони на влијание на територијата на Република Македонија и со тој чин практично би започнала финалната подеба на Македонија, затоа што националните струи се далеку помоќни од принципите на НАТО. Македонија би немала алиби да ги избрка, затоа што тоа се сојузници дојдени во мировна мисија да помогнат да спречат поширока ескалација на граѓанска војна. Иста тактика како и во 1913 година. На чуден начин историјата се повторува. Со процесот на промена на уставното име, овој процес само ќе се забрза до максимум. Овие лекции од историјата мора да се научат.

Едноставно, Македонија има и мора да бара алтернатива. Секогаш постои излез, само треба да се побара.

# II. Емпириски дел

## *Глава 5*

### Истражување

## 6.1. Интервју

Интервјуто е таква методолошка постапка која се применува во истражувањата со цел да се дојде до собирање податоци непосредно насочени кон вербално комуницирање меѓу интервјуистот и интервјуираното лице,[154] а податоците по правило се употребуваат за научни цели.

Заради потребите на ова истражување како методолошки најадекватно би се искористило полуструктурираното интервју. Тоа е составено од 4 отворени прашања. Преку овие прашања интервјуираните лица ги изнесуваат своите ставови, позиции и мислења во однос на проблематиката и предметот на ова истражување. Понатаму, остварени се 50 барања за интервју, односно авторот на истражувањето барањата ги изнесе лично до потенцијално интервјуираниот испитаник, преку телефон, e-mail или преку социјалните мрежи на интернет. Барањата за интервју се однесуваат на поранешни и актуелни државни функцонери, компетентни лица од агенциите за испитување на јавното мислење, навладини организации, тинк тенкови, студенти и научни работници во сферата на безбедносните студии.

Од остварените 50 барања за интервју, позитивен одговор и согласност за интервју е добиено од 22 лица, додека другите 28 лица на директен или индиректен начин (презафатеност, лични и здравствени проблеми, страв, некомпетентност и слично), не се согласија за интервју, односно не возвратија на барањето за интервју.

Структурата на испитаниците според транспарентноста, односно дали се согласуваат нивните идентитети да бидат објавени во овој труд или пак сакаат да остаат анонимни, може да се види од следнава табела бр. 2:

| | |
|---|---|
| Јавни | 20 |
| Анонимни | 2 |
| Вкупно | 22 |

Табела бр.2

[154] Милошевиќ Н. Милојевиќ С. „*Основи методологије безбедносних наука*". Полицијска академија, Београд, 2001 стр. 239

Структурата на испитаниците во однос на полот, може да се види од табелата бр. 3:

| | |
|---|---|
| Машки | 20 |
| Женски | 2 |
| Вкупно | 22 |

Табела бр. 3

Структурата на испитаниците во однос на државната припадност, може да се види од табелата бр.4:

| | |
|---|---|
| Македонски државјани | 19 |
| Странски државјани | 3 |
| Вкупно | 22 |

Табела бр. 4

Структурата на испитаниците според државјанството и етничката припадност може да се види од табелата бр. 5:

| Македонски државјани | | Странски државјани | |
|---|---|---|---|
| Македонци | 14 | Хрвати | 1 |
| Албанци | 2 | Срби | 1 |
| Бошњаци | 1 | Американци | 1 |
| Други | 2 | | |
| Вкупно | 19 | Вкупно | 3 |

Табела бр.5

Структурата на испитаниците во однос на стекнатото образование може да се види од табелата бр. 6:

| | |
|---|---|
| Средно образование | 2 |
| Високо образование | 7 |
| Повеќе од високо образование (м-р или д-р) | 13 |
| Вкупно | 22 |

Табела бр. 6

Социјалната структура на испитаниците спрема своите занимања и активности може да се види од табелата бр. 7:

| | |
|---|---|
| Професори | 12 |
| Државни службеници | 2 |
| Новинари | 3 |
| Претставници на НВО и активисти | 4 |
| Тинк тенк аналитичари | 1 |
| Вкупно | 22 |

Табела бр.7

Во врска со табелата бр. 7 каде што е прикажана социјалната структура на испитаниците спрема своите занимања и активности, исклучително важно е да се напомене дека помеѓу наведените сегменти не може да се подвлече цврста линија. Тоа значи дека еден новинар може да биде  и активист или член во НВО. Исто така и професор може истовремено да е член и активист во НВО, како и претставник на НВО да биде истовремено државен сужбеник. Поделбата на испитаниците статистички е направена по своите примарни професии.

## 6.2. Анализа на прашањата/одговорите од интервјуто

Прашање бр.1

***Дали сметате дека треба да се консултира јавноста во Репубика Македонија во врска со стратегиската определба – членство во НАТО?***

Прашањето бр. 1 треба да ги изнесе ставовите на испитаниците во врска со дилемата – дали треба да се консултира јавноста и граѓаните како најважен елемент во сите современи демократски системи во врска со едно важно прашање од кое се токму тие најзасегнати, а тоа е стратегиската определба за членство во НАТО или пак тоа да им се препушти на елитите сами да одлучат во името на граѓаните.

Во глобала, повеќемината од испитаниците апсолутно се согласни дека треба да се консултира јавноста за вакво сериозно прашање од кое зависи иднината на државата и граѓаните. Некои од одговорите на испитаниците се следните:

- Повеќе од потребно е да се консултира јавноста во РМ околу евентуалното зачленување во НАТО. Постојат повеќе причини. Една од тие причини е следнава: НАТО е воена организација, која во својата основна природа е да војува. Кога се војува, или одите да убивате, или ве убиваат. Никој не сака македонските војници да се убиваат во други земји или да бидат убиени. Сериозни прашања бараат сериозен пристап и мора да се консултира јавноста. (Љ.Ц)
- Мора да се консултира јавноста затоа што оваа стратегиска определба е од димензии кои наложуваат плебисцитарна согласност. (К.К)
- Секако јавноста треба да даде свој суд за оваа определба. По ова прашање мора да се отвори јавна и стручна дебата, но да се размисли дали да се инволвира целокупната јавност или да се остави на стручната јавност. Ако се инволвира целата јавност, прашањето ќе се

разводени и нема да се изгради заеднички став во интерес на Македонија.(Т.С)

- Апсолутно мора да се консултира јавноста, затоа што тоа е комплексно прашање. Сепак, не може да се очекува дека пошироката јавност има одредени предзнаења во врска со НАТО, но мора истата широко да се вклучи во дебатата. Најмалку што може да се направи е информативна кампања која ќе ги објасни позитивните, но и негативните ефекти од евентуално членство во НАТО. (Д.З)
- За секој битна работа за граѓаните истите мора и треба да бидат прашани, без притоа да и се наметнуваат мислења и стратегиски политики.(Анонимен активист)
- Граѓаните несомнено треба да се прашаат. Станува збор за прашање од витален интерес за целата држава, сите граѓани и секој поединец. Карактерот на ваквите консултации треба да биде реализиран како низа информативни акции, дебатни средби на сите нивоа. (Ф.М)
- Демократијата директно зависи од јавниот дискурс. Изградбата на критичка свест кај граѓаните во Република Македонија ќе придонесе за изградба на здрава демократија. За жал, во РМ нема критичка свест или ја има сосема малку, а во континуитет се работи истата да ја снема, се манипулира со јавноста, што е особено лошо за демократијата. (З.С) Во контекст на ова прашање, испитаникот ги посочи делата на Московици и Џон Стјуарт Мил како соодветни автори кои ја разработуваат врската помеѓу граѓаните, демократијата, критичката свест и придобивките од неа.

Во иста или слична линија со одговорите на ова прашање се движат и ставовите на испитаниците С.Т, Е.Р, И.Д, Д.П, И.Н и В.Б.

На истото прашање странските државјани кои беа интервјуирани дадоа комплементарни одговори.

- Секоја стратегија која ја донесува некоја држава треба да биде претходно јавно расправана, а тоа се однесува и во врска со членството во НАТО. Освен јавна расправа за членство во НАТО од национално стојалиште, потребна е и јавна расправа во врска со самата смисла на постоење на оваа организација. (Ж.П)
- Тоа е стратегиска определба и пожелно е да се праша јавноста (М.Т)

- Сигурно граѓаните би требало да партиципират во такво решение (Н.Ч)

Но, одредени испитаници имаат релативно спротивно мислење во врска со консултирањето на јавноста за зачленувањето во НАТО на Република Македонија.

- Формално, би требало да се консултираат граѓаните и потребни се широки јавни дебати, но бидејќи сите анкети покажуваат исклучително високо ниво на поддршка за политиката за зачленување во алијансата, не би требало да биде спорно ако се одлучи целокупната процедура да помине во собранието. (Р.Н)
- Високиот процент на поддршка за НАТО кој надминува 80% самиот по себе кажува доволно. Сепак, факт е дека јавноста не е информирана доволно и за таа цел би требало да се создаде атмосфера за дебата помеѓу граѓанскиот сектор и политичката елита (Анонимен аналитичар ).
- Самата поддршка што граѓаните ја даваат за членство во НАТО е резултат на пропаганда, а уште повеќе на ширење страв. Членството во НАТО се доживува како „потврда" на државноста на Македонија, внатрешна стабилизација, спас од агресивноста на соседите и предуслов за странски инвестиции и членство во ЕУ. Со други зборови тешко дека може да се зборува за вистинска јавна дискусија за прашање кое е наметнато од страв. Оттука, јавната дискусија секако е пожелна по секое прашање, но во дадениов случај со НАТО таа би била крајно обременета и со тоа необјективна. (А.Б)
- Јавноста треба да се консултира по сите демократски стандарди, но сето тоа кај нас во пракса е завршена приказна уште од 1993 година, со донесувањето на стратегијата за пристапување на Република Македонија во НАТО. Сега јавна дебата би била бесцелна, затоа што не би можела да влијае на елитите. (Г.А)

Во контекст на ова прашање, на испитаниците им е поставено дополнително потпрашање, односно дали сметаат дека јавноста е доволно информирана за НАТО и неговата суштина. Повеќето од испитаниците сметаат дека граѓаните во Република Македонија не се доволно или воопшто не се информирани во врска со НАТО.

- Јавноста треба точно да се информира како за предностите, така и за мааните во однос на членството во НАТО. (И.Д)
- Граѓаните немаат претстава што е НАТО. (Е.Р)
- На граѓаните не им се јасни интеграциите во НАТО. Никој не ги зема во предвид последиците од такво членство по буџетот и финансиските обврски. Недостига длабочинска јавна дебата со вклучување и на економски експерти. ( С.Т)
- Јавноста во Република Македонија може во толку голем процент да го подржува НАТО само поради неупатеност и незнаење. Се има впечаток дека најголем дел од граѓаните поима немаат кои се придобивките од тој сојуз ниту колку би ја чинело годишно државата членството во НАТО, а сепак цврсто го подржуваат членството. Во ниту едно општество не е нормално и природно дури 80% од популацијата да има позитивно мислење за членство во воено-политички сојуз, при тоа имајќи во предвид дека тој сојуз без мандат на ОН ја бомбардираше Србија, има(ше) инвазја во Авганистан и низа други активности кои не беа добро прифатени од македонската јавност.(Д.З)
- Ако јавниста се запознае со суштинското дејствување на НАТО, се очекува поддршката од над 90% да се намали или преполови. НАТО е гломазна организација која мора да се реформира за предизвиците во 21 век. (З.Т)

Останатите испитаници исто така во одредена мера се согласуваат со тезата дека граѓаните не се информирни доволно во врска со суштината на НАТО. Но, некои испитаници делумно размислуваат поинаку:

- На формален начин пошироката јавност е информирана за статегиската определба за влез во НАТО и врз таа основа релевантен дел од таа јавност изградила или гради ставови за таа определба. (Г.А)

Прашање бр.2

***Што мислите, дали од 1993 година, од донесувањето на стратегијата за влез во НАТО, па до денешен ден во Македонија имало јавна дебата во врска со интеграцијата во НАТО?***

Прашањето бр.2 треба да ги изнесе ставовите и перцепциите на испитаниците во поглед на тоа дали сметаат дека од 1993 година па досега се практикувала партиципативна и дискурзивна демократија во општеството, односно дали имало организирани дебати, трибини, полемики околу членството во Северно – атлантската алијанса НАТО или пак за суштината за самото постоење на НАТО. Во целост гледано, повеќемината од испитаниците се согласни дека досега во Република Македонија немало дебати за НАТО, како за неговата суштина, така и за неговите негативни и позитивни последици од евентуалното зачленување на Република Македонија. Поготово се сигурни дека немало некој облик на критичка дебата. Помал дел од испитаниците се децидни дека имало дебати, но и тие признаваат дека биле со недоволна вклученост на одредени сегменти од општеството, како јавноста и граѓаните. Дебатите што досега се организирале биле еднострани, најчесто помеѓу елитите, односно политичарите и интелектуалците, а граѓанскиот сектор бил исклучен. Во продолжение следуваат некои од одговорите на испитаниците.

- Колку што ми е мене познато, немаше ниту една сериозно подготвена дебата од компетентни учесници со експонирање на стојалиштата според методолошкиот модел на pro et contra. (Ф.М)
- Не ми е познато дека во Македонија се водела сериозна дебата за нејзиното зачленување во НАТО. Ова важи како за експертите, така и за граѓаните. Членувањето во НАТО се прифаќа здраво за готово, како да е само по себе разбирливо, што е во духот на секој догматски пристап. Ако кои нешто треба да имаме резерва, тогаш тоа е слепиот догматизам, кои своите верувања ги издига до ниво на аксиоми, на нешто што, наводно, нема потреба да се докажува, туку само да се прифати. (Љ.Ц)

- Во Македонија никогаш немало јавна дебата во врска со интеграцијата во НАТО. Никогаш на спротивставени позиции – политичка јавност, долж целокупниот политички спектар. Политичарите се едногласни дека членството во НАТО е нешто кон кое оваа нација мора да аспирира. (К.К)
- Во Македонија немало вистинска јавна дебата за НАТО интеграцијата. Имало некои мали дебати, но тоа било на квазиинтелектуална основа.(Е.Р)
- Во Македонија никогаш немало суштинска јавна дебата за членството во НАТО. На јавноста оваа определба и се продава како гарант за безбедносна и политичка стабилност без притоа детално да и се објаснат суштински ( не ) придобивките од членството. (Д.З)
- Досега немало јавна дебата. Постојат обиди за организирање јавна дебата, но тоа не е систематизирано. Дебата значи континуитет, говорење, размена на мислења, ставови, идеи, а не ad hok интервенции по барање на некој новинар или по напишана книга на некој професор. Ние се обидуваме да дебатираме, но неуспешно. Дали е дебата тоа што еднаш во 5 месеци се организира телевизиска емисија по барање на некој новинар и потоа половина година не се говори ништо? (Т.С)
- Колку што јас знам, досега не се консултирани нашите компетентни интелетуалци, ниту граѓанскиот сектор. (Анонимен активист)
- Во врска со ова прашање во Република Македонија досега немало јавни дебати. Имало само еднострано пласирање на информации до јавноста. Поради немањето јавни дебати граѓаните незнаат што е НАТО. Причината што нема јавни дебати е што се злоупотребува моќта на посилните елити. Мировните здруженија и невладините организации се потиснати, иако немаат директни притисоци од властите и елитите, не можат да допрат до јавноста поради финансиски причини. Притоа, со немањето пари не може да се води медиумска кампања, за разлика од проНАТО организациите кои имаат пари, со што се пореметува рамнотежата во пристапот до јавноста. Ако мировните здруженија и невладини организации најдат

некако начин да допрат до пошироката јавност, голем процент од граѓаните ќе ја преиспитаат својата поддршка за НАТО. (З.С)

Одрдени испитаници сметаат дека сепак имало некаква форма на јавна дебата во Република Македонија од 1993 година до денес:

- Дебата за потребата на интеграција на Македонија во НАТО е започната уште со самото осамостојување па до ден денес. Истата има многу во квантитет, но не толку во квалитет. Дебатата беше пред се насочена кон придобивките кои Македонија би ги имала од НАТО и не беше суштинска. Во граѓанскиот сектор дебатите за реформите кои беа дел од НАТО интеграциите не беа широко дискутирани. Истото се однесува кон новиот стратегиски концепт на НАТО кој освен импликациите кои истот би ги имал кон проширувањето на НАТО не беше дискутиран во другите сегменти. (Анонимен аналитичар)
- Дебати имало, но сите до сега биле еднонасочни. Во нив биле вклучени само политичарите и експертите. Граѓаните досегаа не се вклучувани. (С.Т)
- Некакви дебати имало, ама неспорен факт е дека малку кој разбира што значи членството во НАТО, какви обврски тоа повлекува, какви погодности носи. Такви, пред се едукативни дебати немало и секако дека треба да има. (Р.Н)
- Досега се организирани многу тркалезни маси, трибини, но граѓаните не се доволно консултирани. (И.Н)
- Не е доволно искористена јавната дебата, иако досега беа организирани неколку трибини, текстови, тркалези маси. Но, со оглед на високата стапка на поддршка за влез во НАТО, сето тоа е непотребно, одвишно.

Подробни одговори во врска со ова прашање даваат поранешните министри за одбрана на Република Македонија Т.Г и В.Б.

- Во периодот по осамостојувањето на Република Македонија, се работеше за најтурбулентни времиња. Во Белград траеја преговори, почнаа војните на просторите на бивша Југославија. Мора да се признае дека во тој период дебати со пошироката јавност не беа правени. Дебатите се нужни согласно сите демократски критериуми,

но во тоа време не беше можно. Во Македонија тогаш имаше една специфична ситуација. По уставот имавме прогласено суверена и независна држава, а на нашата територија се наоѓаше ЈНА, односно туѓа војска. Тогаш не можеше да се прави јавна дебата, првите чекори на нашата АРМ мораше да се креираат во тесни кругови, надвор од јавноста, бидејќи отворање на такви проблеми ќе значеа отворен судир со ЈНА. Во тој период ни беше укажано од командантот на II-та област на ЈНА дека до колку преземеме било какви чекори за создавање на сопствена војска, тие се подготвени за 4 – 6 часа воено да ја запоседнат територијата на Македонија.

За позициите на Македонија во настанатата безбедносна ситуација од 1992 година одлучуваше Советот за безбедност, и тогаш за првпат се изнесе предлогот дека на подолга патека Република Македонија треба да влезе во НАТО. Овој предлог е доставен до владата на одлучување, а таа ја прифати сугестијата.

После 1995 година, по потпишувањето на Партнерството за мир со НАТО, почнаа интензивни дебати и подготовка на јавното мислење. Мое мислење е дека до самитот на НАТО во Букурешт, во научната јавност се водеа поприлично добри дебати и јавноста беше информирана за нашите позиции и бенефитите кои произлегуваа од членството во НАТО.

После Букурештkиот самит на НАТО, се случува интересна појава, односно како да спласнува јавната дебата и јавноста се држи во друг фокус. Од страна на НАТО се проретчени посетите, а од македонската страна престанаа посетите и престана да се мери јавното мислење. (Т.Г)

- Од ноември 2002 година до декември 2004 година се изработи Стратегискиот одбранбен преглед. Во тој период почна трансформацијата на АРМ, регрутната обврска се замени со квалитет, односно се изврши професионализација на армијата.

Уште од 2002 година поддршката за НАТО е неверојатно висока. Јавноста е за членство во НАТО. Овој став е поддржан и од невладини институции. Притоа, се одржаа промоции, трибини, тркалезни маси. Ставот е поддржан како од Македонците,

така и од другите заедници во Македонија. При промоцијата на Стратегискиот одбранбен преглед се консултирани сите можни претставници од воената академија, професори, интелектуалци. (В.Б)

На испитаниците од другите држави им беше поставено истото прашање, но преформулирано со цел да ги презентираат искуствата во нивните држави. Истите ги дадоа следниве одговори:

- Во Хрватска е водена повеќемесечна јавна дебата во врска со влезот во НАТО, но воглавно помеѓу стручњаците, со одредени интервенции на младите мировни активисти. Но, бидејќи речиси сите политички партии беа за зачленување на Хрватска во НАТО, јавната расправа и дебата не беа во центарот на јавното внимание. (Ж.П)
- Во Србија пристапувањето кон НАТО сеуште не е на дневен ред за политичко одлучување. Сеуште се живи сеќавањата од бомбардирањето во 1999 година, така што политичките партии не го ставаат ова прашање на дневен ред. Меѓутоа, во медиумите, особено во весниците (Политика и НИН) има многу полемички написи во врска со НАТО, што значи дека јавна дебата сепак постои. Освен ова, се вршат и бројни испитувања на јавното мислење за ставовите во врска со НАТО, но мислењата на јавноста се генерално негативни. (М.Т)

Прашање бр. 3

***Дали во Република Македонија би требало да се рапише референдум со кој граѓаните непосредно ќе одлучат за евентуално влегување во НАТО пактот?***

Одоворот на ова прашање би требало да ги изнесе ставовите на испитаниците во врска со ова прашање, како и образложение зошто дошле до тој став и со што го поткрепуваат нивното убедување. Резултатите од одговорите даваат една дихотомна слика во врска со референдумот. Мислењата генерално се поделени, односно околу половина од испитаниците се за референдум како форма на најнепосредна демократија и можност граѓаните да одлучат за такво особено важно прашање како што е влез во воена алијанса, а другата половина не се согласува со тезата дека треба да има раферендум затоа

што тоа би било само губење време и пари, со оглед на евроатлантската стратегија на Република Македонија и високиот процент на поддршка што го има НАТО во јавноста.

По ова прашање еден од испитаниците изнесе теза дека според Уставот на Република Македонија, правно е ограничено распишувањето на референдум при што единствен надлежен орган за влегување или излегување од меѓународни организации е собранието на РМ. Оваа теза придонесе да се дојде до заклучок дека ништо друго туку самиот Устав на Република Македонија не е целосно во склад со принципите на партиципативната и дискурсивната демократија, што се создава една специфична ситуација за која е потребна детална анализа. Следуваат некои од одговорите на испитаниците во врска со ова прашање:

- Референдум не е неопходен. Општата перцепција кај граѓаните е позитивна. Јавното мислење во врска со интеграцијата на Република Македонија во НАТО е особено високо. Референдумот повеќе би бил од формален, него од суштински карактер.(С.Т)
- Не, никако! Референдум значи само трошење пари, а постои можност и од манипулации со крајните резултати. Мислам дека тие пари треба да се потрошат на дебати, трибини, работилници со новинари, универзитетски предавања, учество во емисии, посети на училишта. Се рабира, сето ова да биде систематизирано и организирано, со јасна цел, визија, мисија...Да покажеме дека можеме да функционираме организирано. (Т.С)
- Формално, би требало да има референдум затоа што се работи за важно прашање. Меѓутоа, со оглед на високата поддршка од јавноста што може да се види преку анкетите, процедурата може да помине и во собранието. Сепак, за нас е клучно дека ако цената за влез во НАТО е промена на името на државата и неизбежните последици кои тоа ги носи, загрозување на националниот идентитет на македонскиот народ, тогаш опцијата за влез во НАТО треба да се отфрли. Прво политички, што нема да биде ниту лесно ниту едноставно. Во тава ситуација се потребни широки јавни дебати и – референдум. (Р.Н)

- Со оглед на политичкиот консензус и граѓанската поддршка, референдумот би бил само трошење пари. Но, доколку членството во Алијансата е обременето со услови (спорот со името, понатамошно учество во т.н. мировни мисии, или пак поставување стратегиско оружје насочено против други земји), тогаш потребно е власта тие услови детално да ги образложи, да се изјасни за тие услови и да распише референдум за членство. На референдумот треба детално да бидат опишани условите и со тоа да се бара изјаснување на граѓаните. (А.Б)
- Одлуката е донесена уште во декември 1993 година на легален начин, така што не гледам елементи, од тогаш до сега, кои би изградиле легитимитет за распишување на референдум по тоа прашање. Инаку, кога би постоеле елементи кои би оправдале референдумско изјаснување за членство во НАТО, кои секако би произлгле од мнозинството, тогаш организирање на референдум би било легитимно и неопходно. (Г.А)

Следниве испитаници имаат делумно или дијаметрално спротивно мислење во врска со ова прашање:

- Несомнено е дека за вака витални прашања мора да се консултира мислењето на граѓаните. Значи, неопходен е референдум. Некои персони инсистирањето на референдумско изјаснување го сметаат како обид на власта да ја одбегне сопствената одговорност. Со други зборови, според овие персони, тоа би било кукавичлук. Меѓутоа, јас мислам дека само храбра власт, власт која верува во себе и во своите ставови, нив ги изнесува на критичка проценка пред целата граѓанска јавност. Обратниот пристап не е ништо друго освен репресија на сопствената држава и народ. (Љ.Ц)
- Ова прашање е од витален интерес за целата држава и се решава со референдум како решавачки инструмент за финална одлука (Ф.М)
- Не можам да се сетам на подемократски метод преку кој би се одлучувало за влез во НАТО. Иако се плашам дека поради медиумската пропаганда и лошата информираност, грото од граѓаните ќе гласаат во прилог на членството. Сепак, со оглед на тоа дека јавна дебата нема или е сосема мала, а плус тоа ниту еден

политички табор не се спротивставува на ваква агенда, до референдум тешко дека ќе дојде. Дури и да има референдум, големи се шансите да се повтори сценариото од 2004 година за територијалната поделба, кога власта вршеше голем притисок против референдумската иницијатива и тоа резултираше со слаба излезеност поради што референдумот се прогласи за неуспешен. (И.Д)

- Апсолутно треба да има. Не сум сигурен дали е уставна/законска обврска на власта прашањето за вклучување во сојузи да го постави пред граѓаните, но мислам дека референдум мора да има. Ако заради ништо друго, барем заради многуте дебати и дискусии кои неминовно ќе се отворат доколку има референдум, а со тоа и ќе се едуцира јавноста околу членството во НАТО и што тоа конкретно значи. (Д.З)
- Мора да има консензус за името како единствена пречка за влез во НАТО Алијансата. Но, конечно е добро што се усогласија власта и опозицијата дека референдум треба да има во врска со одобрување, потврдување на договореното компромисно име на државата. Ова мора да се реши, затоа што е единствена пречка за влез во НАТО и затоа што притисокот е голем од страна на меѓународната заедница, со тенденција да се зголемува. (В.Б)
- Сметам дека треба да има референдум. Но, гледано од правен аспект влезот на Македонија во НАТО не подложи на референдум заради тоа што според самиот назив „Северно Атлантска Договорна Организација", НАТО би требало да се смета за меѓународна организација, а според член 121 од Уставот на Република Македонија одлука за стапување во членство во меѓународни организации донесува Собранието. Според сите досегашни мерења на јавното мислење, поддршката за НАТО е многу висока и изнесува над 80%. Овој тренд не бележи опаѓање и според тоа не се очекува некоја значителна промена и по донесувањето на одлука за распишување на референдум. Но, со ваква одлука, јавноста во Македонија би била подобро запознаена со придобивките, но и со предизвиците со кои се соочуваат земјите членки на НАТО. Би се создала атмосфера за дебата помеѓу граѓанскиот сектор и политичката елита со што би се

допринело до подобро информирање на јавноста. Истовремено, одлуката би добила на легитимитет имајќи предвид дека со членството во НАТО, Македонија станува дел од колектив со што дел од суверенитетот се споделува со остатокот, како што е пример членот 5 од самиот Договор.

Ова мислење е дадено под хипотеза ако референдумското прашање би било: „Дали би сакале Република Македонија да стане членка на НАТО?“. Постои веројатност дека заради актуелниот политички контекст прашањето да биде модифицирано: „Дали би сакале Република Македонија да стане членка на НАТО, под референцата БЈРМ?“ или пак да биде заеднички поставено со прашање за членство во Европската унија, како што беше случајот со Словенија. Во тој случај би била потребна посеопфатна анализа за да се одговори ова прашање. ( Анонимен аналитичар)

Во врска со прашањево за референдум, некои од странските испитаници ги дадоа следните одговори:

- референдум секако ќе допринесе до легитимност при одлуката за пристапување во НАТО, али тоа зависи од националното политичко раководство. Ако тие прагматично оценат дека референдумот ќе им го искомпликува процесот на политичко одлучување, тогаш тие ќе донесат одлука во склад со нивната политичка проценка. (М.Т)
- Јас во Хрватска бев меѓу оие кои сметаа дека референдумот е потребен. За таа цел се собрани 125 000 потписи, но тоа не беше доволно според уставните одредби.(Ж.П)

Прашање бр. 4

***Дали сметате дека постои безбедносна алтернатива за НАТО? Дали Република Македонија може да се замисли надвор од НАТО, со оглед на тоа што е постојано блокирана од Грција во врска со името?***

Одговорите на ова прашање треба да дадат една слика, односно перспектива како испитаниците ја замислуваат општествено, политичката, геополитичката и безбедносната ситуација на Република Македонија во

актуелната светска констелација на односи. Ова прашање досега е многу ретко поставувано и е недоволно третирано во јавната сфера, како од граѓаните, така и од интелектуалците и политичарите. Сепак, актуелната политичко - безбедносна состојба неминовно налага да се дебатира за алтернативите на Република Македонија. Причина за тоа е што сосема јасно и недвосмислено на Самитот на НАТО во Букурешт (2008) беше укажано дека мора да се најде компромис за името со Грција, по што веднаш, дури и без да се чека нареден самит на НАТО, ќе и биде врачена покана за полноправно членство на Република Македонија во Алијансата. Но, овде се појавува друг проблем. Ако се смени името на Македонија, тоа автоматски значи и губење на идентитетот, со што во голема мера се загрозува националната безбедност на државата. А кој би бил мотивот за влез во НАТО ако со тоа се наруши националната безбедност на Република Македонија? НАТО е сојуз кој една од целите на негово постоење е да гарантира безбедност на неговите членки. Македонија е ставена во уникатна историско-политичка ситуација, мора да се укине мнозинскиот народ, за да биде примена во НАТО. Цената едноставно е преголема.

Ставовите на испитаниците се поделени по ова прашање. Околу половината од испитаниците се убедени дека нема алтернатива за Република Македонија, барем во пракса, од влезот во НАТО. Можеби имало порано, но сега апсолутно немало. Другата половина од испитаниците се убедени во сосема спротивното: алтернатива не само што постои, туку самиот притисок врз Македонија наметнува да се изнајде алтернатива како единствено пожелно добро решение за иднината на Македонија, апострофирајќи дека НАТО и неговите експанзионистички аспирации не се потребни на нашата земја и неможат да спречат евентуален внатрешен конфликт во никој случај. Следуваат одговорите и ставовите на испитаниците кои тврдат дека Македонија нема алтернатива:

- Во Република Македонија политичките елити веќе 20 години не се способни да направат конкретна државна агенда, стратегија. За алтернативи можеше да се размислува и дебатира во деведесетите години, по осамостојувањето. Сега практично нема алтернатива. Теоретски, алтернатива може да се гледа во некаков безбедносен договор со Турција, формирањето на таканаречената „мала антанта" и слично. Но, најважно, во НАТО може да се влезе. На пример,

можеме да го смениме името на државата во Северна Република Македонија, да влеземе во НАТО, потоа пак да смениме името во Репубика Македонија, со што ќе се направи идеално решение. Во пракса вакво решение спровела Словачка, која ги сменила законите за дискриминација пред влегувањето во ЕУ, но по влезот, истата ги сменила законите, ги вратила по старо и никој не и замерил. (Е.Р)

- Мислам дека Република Македонија нема алтернатива, освен ЕУ и НАТО. Интеграцијата во овие организации ќе овозможи политичка и економска стабилност. Но, друга алтернатива и воопшто не е понудена. Бидејќи друга алтернатива едноставно не е понудена, останува само оваа алтернатива. Владата треба да каже што понатаму, што ако не се реши името? Потоа, да се отворат прашањата за алтернативи, преку ангажирање на медиумите, невладините организации и граѓаните. (С.Т)
- Таква алтернатива не постои. Но, по самитот на НАТО во Букурешт, се поставија алтернативи за незачленувањето. Такви алтернативи би биле стратегиски договори слични како договорот помеѓу САД и Израел, САД и Грција, потоа приближување до Русија која енергетски сака да го наметне влијанието итн. (В.Б)
- Политичката и економската зависнот на Република Македонија, како и нејзината позиционираност во меѓународниот политички систем, реално не дава многу простор за алтернативи. Едноставно, Македонија од порано развива процес на адаптирање со нејзиното непосредно и глобално опкружување, кое адаптирање е изразено генерално низ познатиот стратегиски правец, а тоа е развивање на оптимално успешен исход во процесот на евроинтеграции. Македонија може да се замисли надвор од НАТО само ако се променат одредени константи во меѓународните политички односи. Освен илузорниот проблем кој го генерира и развива Грција во врска со името на Република Македонија и целиот идентитетски комплекс, има најмаку две главни причини зошто досега не сме во НАТО. Првата се однесува на отсуство на католицизмот како доминантна религија кај нас, а втората се однесува на етничката реалност, односно етничката хетерогеност во Република Македонија. (Г.А)

- Нема алтернатива за Република Македонија. Прво, во денешно време не е можна неутралност. Второ, Русија не е вистинска алтернатива. Трето, некои сметаат дека тоа е можно со членувањето во Партнерството за мир, но во глобала нема алтернатива. (Н.Р)
- Треба да има алтернативи, но кога станува збор за актуелната безбедносна констелација, според моето длабоко убедување, не треба да бараме алтернатива. Состојбата со безбедноста е таква што НАТО во случајов може само дополнително да ја гарантира. Прашањето со името е исполитизирано, како кај нас, така и во Грција. Според тоа, ќе мора да има компромис. Тоа нема да значи промена на името, туку ќе има некаква додавка или одредница, ќе означува дека не е само ова Македонија, туку една поширока територија, а по влегувањето во НАТО и ЕУ тоа ќе има позитивни последици, односно регионално поврзување на Македонија. Според ова, политичарите треба прагматично да го гледаат прашањето, да се направи национален консензус, а кога ќе се изнајде решение, ниедна политичка партија да не се почувствува загрозена. (Т.Г)
- За жал, во моментов не постои алтернатива. Не верувам дека во догледно време ќе се создаде алтернатива. А велат среќа е кога човек има алтернатива. Затоа, единствена алтернатива за Македонија е во НАТО, но со неприфаќање на обврски, доколку тоа е можно, од аспект на агресија врз невини народи. Во тој случај и ние стануваме агресори, омаловажувачи, а како народ добро знаеме што значи да се биде репресиран или омаловажуван. ( Т.С)
- Членството на Македонија во НАТО треба да се гледа од две перспективи и ова е клучно за развивање квалитетна дебата. Првата е дека со зачленувањето во Алијансата стануваме стабилна земја каде ризиците за дестабилизација се сведени на минимум и не постои друг извор на стабилност во оваа смисла. Сето ова има импликации и врз економските текови во делот на зголемување на довербата кај странските инвеститори. Членство во НАТО е повеќе од потребно. Втората перспектива е тоа дека Македонија придонесува кон мирот, стабилноста и просперитетот низ целиот свет. Како кандидат за членство во НАТО, Македонија учествува во повеќе мисии, како на

пример ИСАФ во Авганистан. Иако не сме членки на Алијансата, нашата држава се покажа како значаен фактор во рамките на мисијата. Дополнителен пример може да се земе од земјите како Финска и Шведска кои иако не се членки на Алијансата, сепак активно придонесуват со своите капацитети во мисиите на НАТО и пошироко.(Анонимен аналитичар)

- Секако дека постои алтернатива, но мислам дека таа алтернатива е многу полоша од актуелната. Реална можност за демилитаризација и пацификација на општеството веќе нема, односно ја пропуштивме. Лично сметаме дека Македонија не треба да членува во воено – политички сојуз кој се користи за остварување на интересите на големите сили. Но, локалниот и регионалниот општествно политички контекст наметнуваат потреба од членство во НАТО, при што меѓународно ќе се гарантира безбедноста и ќе се зголеми сигурноста во општеството. Следствено на ова, неминовно ќе дојде до зголемување на странските инвестиции во државата, нешто што се случи со сите држави од непосредното опкружување по нивното влегување во НАТО. Последните блокади од Грција се најголемиот апсурд во меѓународното право, но тоа прашање мора да го надминеме заради нас самите и заради вклучување во светските процеси кои ќе го повлечат членството нагоре бидејќи политичките центри на моќ и лидерите очигледно немаат капацитет да го направат тоа. (Д.З)

Следуваат ставовите и мислењата на испитаниците кои се убедени во спротивното, односно тврдат дека Македонија има друга алтернатива и дека треба што побргу да се тргне по тој пат:

- На Македонија не и е загрозена надворешната безбедност и апсолутно немаме потреба од НАТО. Најголема гаранција е подобрување на меѓуетничките односи во земјата на кој начин ќе се спречи да избие граѓанска војна. Со безбедност Република Македонија ќе се здобие ако активно се бори против албанскиот и македонскиот национализам, а не преку милитаризам. НАТО во својата суштина е остаток од студената војна, кој е одбранбен сојуз само по име и дефиниција, а во пракса се повеќе станува офанзивно –

агресивен. Доказ за тоа се војните што ги започна во Либија, Ирак, Авганистан. Овој воено – политички сојуз ја загрозува демократијата, како во светот, така и во земјите членки на Алијансата. (З.С)

- Алтернатива секогаш постои скоро за се во животот. На некој начин, во случајот со Македонија, таа е веќе направена. Веднаш по фијаското во Букурешт 2008-та, САД и Македонија потпишаа договор за безбедносна соработка. САД имаат потпишано слични договори со други земји, како Израел, Австралија, Египет, со кој ги остваруваат своите интереси врз база на американските закони за „сојузник од прв ред". На тој начин се формира второ НАТО, кое истото не можат да го направат внатре во Алијансата. Од политички причини, ваков договор не е направен со Македонија, туку спогодбата беше направена во форма на класичен билатерален договор. Македонија de jure е членка во НАТО преку учеството во бројни нејзини мисии, а може да се каже дека е членка и de facto ако се земе предвид суштината на Алијансата. НАТО е формиран од САД за да служи како меѓународен чадор преку кој тие ќе ја остваруваат својата доминација во светот. Околу 90% од силите и средствата на НАТО се всушност американската војска. Меѓу другото, се има и една илузија околу тоа што се добива со членството во НАТО. Според Договорот, Алијансата би требало да не штити од надворешен непријател, но што е со заканата од другите членки на НАТО? Грција и Турција како членки на НАТО влегоа во отворен судир во 1973 година. НАТО не ја гарантира внатрешната стабилност (актуелните примери со Грција и Албанија), ниту гарантира странски инвестиции (иако делува поволно во тој правец), ниту гарантира членство во ЕУ (примерот со Турција). Не смее да се заборави дека денес НАТО е претворен во инвазиона сила во која ние не треба да учествуваме. Ова значи оставање на крваво наследство со други земји со кои немаме конфлики, а што подоцна може да изроди многу проблеми за Македонија. Согласно овие параметри, Македонија нема никаква причина да се „потепува" за влез во НАТО. (А.Б)
- Се разбира дека постои алтернатива. НАТО не и е потребен на Македонија. Всушност, тој не е потребен никому. Притисоците од

Грција нема да попуштат без оглед на тоа дали ќе станеме членка. Зошто ни треба НАТО? Состојбата во Македонија е мирна и не и се закануваат надворешни напади. Дали навистина ни треба заштита од НАТО? Дали треба да двоиме буџетски средства и да ги ризикуваме животите на нашите војници за нивните војни за нафта? (И.Д)

- Алтернативи секогаш има. Од 46 европски држави, 26 се членки на НАТО, а 20 не се и ништо не им фали. Не треба да се заборава дека Алијансата ја гарантира надворешната безбедност, а кај нас безбедносните предизвици доаѓаат одвнатре. Впрочем, не треба да се исклучат и воени судири помеѓу самите членки. Што тогаш? Кого ќе брани НАТО? Најверојатно, Македонија ќе биде последна на листата за одбрана. Денес, Македонија не е уценета од Грција, туку од НАТО. Тоа значи пред се од САД кои се неспорен лидер не само во светот, туку и во Алијансата. Ако оваа ситуација продолжи, а така изгледа дека ќе се случи, Македонија ќе треба да ја преиспита својата политика кон НАТО и да бара други решенија. (Р.Н)
- Секако постои алтернатива за Република Македонија. Европските интеграции треба и може да се гледаат независно од НАТО интеграциите. ( К.К)
- Мислам дека нема поголема алтернатива од тоа секој човек да биде урнек самиот на себе. Истото важи и за која било држава или народ. Имено, државите кои држат до себе не треба да се сообразуваат со вредностите на некои други држави или алијанси, туку треба да ја следат сопствената природа и сопствените интереси. Тоа не значи изолација од другите, туку самопочитување на самите себе. Вака гледано, јас негледам дека во сегашнава ситуација Македонија треба да избира друг пат, макар тоа било и патот кон НАТО, туку таа треба да оди по сопствениот пат и по сопствените интереси, кои, во секој случај, не се милитаристички, ниту експанзионистички. (Љ.Ц)
- Секогаш постојат алтернативи. За секој човек, па така и за секоја држава, вклучително и Македонија. Проблемот е што НАТО како организација не остава реален избор. Тоа е радикална форма на организација според принципот на вазалството. Сите земји членки ги имаат ставено своите потенцијали на само една земја членка. Како

што класичен вазал имал обврска да стави претходно договорен број на војници, коњаници и стрелци на господарот во минатото. Земјата членка нема никаква слобода во формирање сопствен воен потенцијал, што значи и дека нема своја автономна армија. Идејата е сите земји – членки, а подоцна и сите земји во светот да се стават под еден команден центар, под целосна контрола - in ultima linea. Со тоа се создава неоколонијалистичка верзија за тотална глобална доминација. Суверенитетот на САД се засилува, на сметка на сите други држави кај кои се намалува истиот. Сите држави одговараат пред едната, а оваа не одговара пред никој, дури и без разлика што нејзините граѓани или војници ќе сторат на туѓа територија. (Ф.М)

- Секогаш има простор за алтернатива. Ако демократските стандарди се на високо ниво, како и културните права на малцинствата, силна економија, без проблем ќе функционираме надвор од НАТО. После одреден период, спорот со името ќе стане ирелевантен и времето ќе биде на наша страна. Секако, во меѓувреме е потребно да има единство помеѓу граѓаните. (Д.П)
- Уверен сум дека Македонија може без членство во НАТО, затоа што таа организација нема смисла после распадот на комунистичиот систем. Влезот во таа организација не би го подигнало нивото на државна сигурност, затоа што евентуална опасност на Македонија и претстои токму од некои членки на НАТО. Плус, тоа би значело само повеќе македонски војници по Авганистан и светските фронтови. (Ж.П) Хрватски професор.

## 6.3. Список на интервјуирани испитаници за потребите на емпирискиот дел од истажувањето

1. Сефер Тахири – новинар и професор по комуникации
2. Ристо Никовски – поранешен амбасадор
3. Есад Рахиќ – претседател на собраниската комисија за безбедност и контрола на разузнавачките служби ( 2006 – 2008 ), актуелен универзитетски професор
4. Александар Божиновски – новинар
5. Љубомир Цуцуловски – универзитетски професор на УКИМ
6. Дамјан Здравев – НВО активист
7. Илија Николовски – генерал на АРМ во пензија, поранешен воен претставник на РМ во воениот комитет на НАТО во Брисел (2002 – 2004)
8. Ива Додевска – НВО активист и студент
9. Ферид Мухиќ – универзитетски професор на УКИМ
10. Драге Петрески – професор на Воена Академија
11. Трајан Гоцевски – поранешен министер за одбрана и член на советот за безбедност на РМ (1992), актуелен универзитетски професор на УКИМ
12. Тодор Стојчевски – новинар
13. Здравко Савевски – НВО активист и универзитетски професор на ФОН
14. Гоце Аризанковски – претседател на здружение на граѓани – Форум за безбедност
15. Катерина Колозова – универзитетски професор на УКИМ
16. Владо Бучковски – поранешен премиер на РМ, министер за одбрана и член на советот за безбедност на РМ, актуелен универзитетски професор на УКИМ
17. Нано Ружин – поранешен амбасадор на РМ во НАТО, основач и претседател на евроатлантскиот клуб на РМ, актуелен универзитетски професор на ФОН
18. Анонимен аналитичар во тинк – тенк организација

19. Анонимен НВО активист
20. Милорад Тимотич – проект – координатор во Centre for civil-military relations, Белград – Србија
21. Жарко Пуховски – член на Етикон институтот во Лос Анџелес, универзитетски професор на факултетот во Загреб - Хрватска
22. Ноам Чомски – лингвист, филозоф, универзитетски професор на МИТ, Масачусетс - САД

# *Глава 6*

## Заклучок

## 7.1. Заклучни согледувања

Безбедносната парадигма околу дилемата: колку безбедност, дали таа безбедност вреди за цената која треба теба да се плати, е надвисната и над Република Македонија. Овој проблем е комплексен и не е лесно решлив.

Суштината на овој проблем, на оваа безбедносна парадигма се состои во стратегијата на Република Македонија за полноправно зачленување во северноатлантската алијанса, позната како НАТО пактот. Од 1993 година, две години по осамостојувањето политичките елити донесуваат одлука дека Република Македонија мора да се зачлени во оваа организација. Тоа е логичка одлука, затоа што сметале дека само на тој начин Македонија успешно ќе опстојува и ќе ја задржи својата сувереност и независност. Но, со текот на времето, општествено политичките односи на Балканот и во светот се менуваат, така што и оваа догматска одлука мора да се преиспита. Така налага новата реалност после пресвртната точка, односно самитот во Букурешт во 2008. Аспирациите за членство во НАТО се блокирани поради ирелевантниот спор за името со соседната Грција. Македонија е блокирана, односно уценета со образложение дека мора да го смени вековното име, да не провоцира, па потоа би била примена во НАТО. Оваа недвосмислена порака од НАТО, ако ја видиме низ призмата на безбедносната парадигма, едноставно резултира со заклучок дека цената е преголема. Македонија не може да плати толкава цена, да ја загрози својата национална безбедност, се со цел за влез во една воена организација со сосема нејасна иднина. Како и да е, сепак во светот постојат точно 168 држави кои не се членки на НАТО, па сепак опстојуваат.

Проблемот во Република Македонија е што НАТО интеграцијата од 1993 година па наваму не е доволно критички третирана. НАТО е поставен како идол, како нешто совршено, догматски, апологетски и аксиоматски се третира како константа во македонската политика. А се што е со догматски карактер е потенцијален обид за задушување на вистината. Јавноста и јавното мислење се сосема маргинализирани и потиснати во врска со интеграцијата во НАТО. На јавноста еднострано им е наметната идеологија преку медиумите и елитите дека

само НАТО е спас за државата. Во целиот изминат период, во континуитет, интензитетот на јавна критичка дебата или полемика на сите нивоа во врска со НАТО или за безбедносните алтернативи е многу низок и симболичен, што го покажаа и резултатите од ова истражување. Сите овие сознанија се поразителни за демократијата, односно партиципативната и дискурсивната демократија како најадекватни форми на владеење. Се создаде и една опасна состојба, каде што имаме стигматизација на сите оние што се обидуваат да размислуваат поразлично од толпата, масата. Според сите теории за демократијата, овие постапки се погубни.

Цела плејада на научници, психолози, филозофи низ историјата, како на пример, Аристотел, Жан Жак Русо, Џон Милтон, Џереми Бентам, Џон Стјуарт Мил, Серге Московици, Волтер Липман, Елизабет Ноел Нојман, Јирген Хабермас, Џорџ Орвел, па дури и Карл Маркс и многу други истакнувале дека јавноста, слободното мислење, критичкото мислење, слободата на говорот треба да бидат основни постулати на едно општество, со цел да се дојде најлесно до вистината и на тој начин да се контролираат властите во нивната природна тенденција за апсолутна моќ[155]. Моќта е една од најголемите човекови слабости и лесно излегува од контрола. Јавноста, јавната дебата и влијателната јавна сфера се најефикасни контролори на владејачките гарнитури во овој орвелијански свет. Притоа, општествата што не оставаат доволно простор за јавна расправа како начин на доаѓање до вистината и во кои индивидуата е во опасност ако застапува мислење различно од мнозинството, немаат голема перспектива и бавно напредуваат.

Овие закономерности ги знаат и практикуваат сите развиени, слободни и отворени општества, во кои јавната сфера е моќен општествен фактор, во кој мислењето на секоја индивидуа не се стигматизира и во кои ставовите на јавноста не се во расчекор со ставовите на властите.

Кон ваков модел на општество се стреми и Република Македонија, но за жал, во пракса состојбата е сосема спротивна. Јавноста е сведена на пасивна толпа, која се повеќе го употребува рефлексниот нервен систем (рбетниот мозок), наместо когнитивниот нервен систем.[156] Таа е неутрален посматрач. А секоја толпа, маса, е `ркулец од кој се раѓа тоталитарен систем на владеење.

[155] Види пошироко: Галбрајт Џон, *„Анатомија на моќта"*, Култура, Скопје, 1995
[156] Le Bon Gustav, *"Psihologja Gomila"*, Tisak kr. Zemaljske tiskare, Zagreb, 1920 стр.20

Џон Стјуарт Мил во своето дело „За слободата"[157] укажува дека слободното мислење и слободната јавна расправа и дебата се единствен начин да се дојде до вистината во едно општество. Таму каде што нема услови за јавна дебата, слобода на говор и на печат, општеството може долго да остане во канџите на религиозни или идеолошки догми, кои можат значително да го забават неговиот развој. Некој рекол дека претпоставката за непогрешливост значи задушување на вистината. Ова истражување, со примена на компаративниот метод, направи јасна слика во разликата на демократските системи со развиена партиципативна и дискурсивна демократија, и демократските системи во кои сепак елитите го имаат главниот збор, иако нивната одлука не е во склад со мислењето на мнозинството граѓани.

Ако направиме споредба помеѓу државите Хрватска и Финска, се добиваат јасни резултати. Имено, во текот на 2006 и 2007 година, според неколку статистички показатели рејтингот на НАТО во Хрватска изнесувал околу 29%, а според информации на хрватската влада, тој изнесувал 43%. Од бројките се гледа дека повеќето од граѓаните во Хрватска не го подржуваат НАТО. Сепак, поради одредени причини референдум по ова прашање во Хрватска не е одржан и по желба на елитите, хрватската влада ја прифаќа поканата за членство во НАТО од 2009 година. Каква е состојбата со Финска? Во повеќето анкети правени во последната деценија, најголемиот процент на поддршка за НАТО достигнал 26%, додека во континуитет процентот на граѓани кои не го сакаат НАТО изнесува 55%. Освен овие факти, Финска дели и граница долга 1 340 км со поранешната опасност за западната цивилизација, а тоа е Русија. Едноставно, Финска има потенцијално поголема закана по својата национална безбедност отколку Хрватска. Елитите често одржуваат контакти со НАТО, имаат блиски односи и соработка, дури и помагаат во учество во разни мисии, заедно со Шведска, но сеуште никој од тамошните власти не се осмелил да ја приклучи Финска кон НАТО. Таму, властите се плашат да донесат одлука која е сосема спротивна од јавното мислење на јавноста, граѓаните. Токму тоа е причината во големата разлика помеѓу нордиските земји и балканските земји во глобала, по практикувањето и спроведувањето на демократијата.

---

[157] Mill Stuart John, *"On liberty"*, Batoche Books, Kitchener, Ontario, Canada, 2001 достапна во дигитален формат PDF на: http://socserv.mcmaster.ca/~econ/ugcm/3ll3/mill/liberty.pdf

НАТО како организација е несомнено моќен и влијателен светски фактор. Но, заканите по глобалната безбедност се менуваат, а за најактуелните светски закани, од кои умираат најголем број луѓе, НАТО е немоќен да одговори со својата гломазна и голема воена машинерија. Питер Хју пренесува податок од Светската здравствена организација, според кој најголем број смртни случаи во светот предизвикуваат болестите, различните несреќи, самоубиствата, криминалот, колективното насилство и природните катастрофи. Овие закани бараат соодветен одговор и стратегија во областа на хуманата безбедност. НАТО не може да одговори на овие закани, барем не во доволна мера. Целта на НАТО сликовито ја опишал Лордот Исмеј, кој рекол – Русија да се држи надвор, Американците внатре, а Германија долу! Несомнено, НАТО е средство за надворешната политика на САД, кое мора да се трансформира со цел да опстои.

Јавното мислење во Република Македонија е несомнено релативно високо во континуитет, освен за време на конфликтот во 2001 година и после самитот на НАТО во Букурешт, кога името на државата е ставено како пречка за интеграцијата. Причината за високиот процент на поддршка е недоволното информирање на граѓаните, немањето на јавна граѓанска дебата по принципот на pro et contra, силната медиумска кампања иницирана од елитите преку медиумите, конформизмот, опортунизмот и стравот кај граѓаните. Ова истражување генерираше консеквенци кои би можеле да бидат предмет на дополнителни истражувања. Таква консеквенца е судирот, конфликтот и интеракцијата помеѓу Теоријата за конформизам, докажана експериментално од Соломон Аш и Теоријата за малцинствата како моќен извор на влијание кои може да предизвикаат иновативна социјална промена, експериментално докажана од Серге Московици.[158] Едноставно, елитите или политичарите кои се малцинска група, решаваат Македонија да стане членка на НАТО, нивната идеја преку силното лоби и медиуми предизвикува социјална иновација (ја прифаќаат граѓаните, се укинува воената обврска и многу други), со што се потврдува Теоријата на Московици. Но, поголемот број од граѓаните не е информиран за НАТО, не ја знае неговата суштина, не сака да војуваме, но

[158] http://www.psy.tcu.edu/jury.pdf

поради силната склоност кон конформизам и опортунизам, големо мнозинство од нив сакаат во НАТО, со што се потврдува Теоријата за конформизам.

## 7.2. Потврда на хипотезата

По добиените резултати од истражувањето, односно од полуструктурираното интервју со релевантни фактори од одбраната и безбедноста, поранешни носители на јавни функции, професори, новинари, граѓани, аналитичари, странски државјани, се покажа дека во континиутет од осамостоувањето на Република Македонија до денес интензитетот на отворена и критичка дебата за безбедносните алтернативи и ангажмани е многу низок. Притоа, доминира еднострана елаборација и генерирање информации фокусирани исклучиво на зачленување во воено - политичкиот сојуз НАТО. Според резултатите од интервјуто, дел од испитаниците тврдат дека воопшто немало јавна дебата во врска со НАТО интеграциите и безбедносните перспективи на Македонија од осамостојувањето до денес, додека пак друг дел тврдат дека имало јавна дебата, но се категорични дека тие се со смален интензитет, еднострани и во ограничени елитистички кругови, каде обичниот граѓанин нема земено учество, а и немало потреба да земе учество. Како и да е, ако се направи сублимат на сите резултати од истражувањето, како од теорискиот, така и од емпирискиот дел, целосно се потврдува хипотезата на ова истражување.

Несомнено, динамиката на јавната дебата во континуитет е детерминирана од динамиката на евроатлантските интеграции. Најголемиот број испитувања на јавното мислење се сведуваат на поддршка за членството во НАТО, без да се вклучат сите аспекти, како цена на чинење, учество во воени мисии, промена на името и слично. Оваа помошна хипотеза од истражувањето се покажа како делумно точна. Имено, точна е од осамостојувањето до 2008 година, односно Букурешткиот самит на НАТО. Оттогаш се искристализира геополитичката реалност и испитувањата на јавното мислење неизбежно го поставуваат и прашањето дали се поддржува влезот во НАТО, а притоа да се

смени името на државата за таа цел. После 2008 година се правени неколку вакви испитувања каде акцентот е ставен на ова прашање, и сите резултати укажуваат дека македонските граѓани не се подготвени и не сакаат да се промени името на државата со цел влез во НАТО. Од теорискиот и емпирискиот дел на истражувањето се покажа дека граѓаните генерално не се добро и целосно информирани околу сите аспекти и околности за влегувањето во НАТО. Тие се конзументи на еднострано елаборирани информации пласирани од елитите, немало јавни дебати по принципот pro et contra, по што следува нивното мислење, најчесто од конформистички и опортунистички причини. Поддршката за НАТО се покажа дека е најниска во 2001 година, за време на конфликтот, а сега е исто така најниска, само ако ја вклучиме и варијаблата промена на името со цел влез во НАТО. На дебатите не можело да се утврди дали учествувале доволно експерти, како по квалитет, така и по квантитет, затоа што тие се одржувале во тесни кругови и далеку од очите на јавноста, додека во малкуте јавни дебати организирани од мировни движења и невладини организации учествувале мал број експерти. Во Република Македонија сепак се одржувани неколку јавни трибини кои критички го третираат НАТО, организирани од движењето за социјална правда „Ленка" и „Мировна акција", но истите се игнорирани од медиумите. Како главна причина се наведуваат оскудните финансиски средства кои ги обезбедуваат од свој џеб, за разлика од апологетите на НАТО, кои немаат проблем со финансиски средства. Од осамостојувањето до сега, сите дебати и информации се фокусирани исклучиво на НАТО како единствена стратегиска цел, поготово од страна на политичките елити, кои на тој начин признаваат дека немаат осмислен план што би се правело со државата доколку проблемот со името не се реши во подолг временски рок. Според испитаниците од истражувањето, алтернативи секогаш постојат, но тие треба да се разгледаат, за нив да се дебатира и по можност да се применат. Еден испитаник тврдеше дека досега се нема понудена алтернатива за разгледување во Македонија, а бидејќи нема понудена друга, тоа е причината да се фокусира погледот само кон актуелната.

Од анализата на емпирискиот дел од истражувањето, еден испитаник потенцираше дека според Уставот на РМ, од правна гледна точка не смее да се распише референдум на кој граѓаните ќе одлучат за евентуален влез во НАТО. *Членот 121 од Уставот вели: „Одлука за стапување во членство или за*

*истапување од членство во меѓународни организации донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници по предлог од претседателот на Републиката, Владата или најмалку 40 пратеници*"[159] .

Ако го земеме предвид фактот дека НАТО е меѓународна организација[160], тогаш сите заложби за дебата и јавна расправа паѓаат во вода, сите активности за промоција на аргументите се блокирани. Произлегува дека што и да се случи во иднина, сосема исто како и во Хрватска, граѓаните ќе бидат заобиколени и игнорирани, иако одлуките нив најмногу ќе ги засегаат. Прашањето не се однесува само за НАТО, туку од истражувањево произлегува дека сите идни дебати и расправи, по било кое прашање за државата, ќе бидат игнорирани и малубројна елита има бланко дозвола да одлучува за целиот народ.

Од овој факт, произлегува единствен заклучок дека ништо друго, туку самиот Устав на Република Македонија е спротивен на принципите на партиципативната и дискурсивната демократија, поготово членот 121 кој мора да се промени. Едноставно, одлуката за стапување во воен сојуз, во идно учество во војни и соочување со последиците од тие војни и од тој сојуз, не смее да не помине низ филтерот на граѓаните, односно на јавноста преку референдум. Во XXI век, за разлика од минатите времиња, на граѓаните треба да им се дозволи сами да си ја креираат иднината, сами да одлучат дали ќе влезат во воен сојуз или не, дали ќе водат војни или пак како што резонирал Гоце Делчев, во мир ќе водат културен натпревар помеѓу народите.

---

[159] Во дигитален формат PDF е достапен на: www.okno/mk/sites/dafault/files/009-USTAV-na-RM.pdf

[160] Киркова Рина, „*Иднината на НАТО – редефинирање на трансатлантското сојузништво*", Аутопринт. Т.А, Скопје, 2010 стр. 183

# Библиографија

## 8.1. Книги


Andrews M. David (ed.), *„The Atlantic alliance under stress: US-European relations after Iraq*, Cambridge university press, 2005

Арент Хана, *„Изворите на тоталитаризмот“*. Култура, Скопје, 1990

Асмус Д. Роналд, *„Отварање на вратата на НАТО: како се пресоздаде Алијансата“*, Правен факултет “Јустинијан I“ Скопје, 2007

Бакрески Оливер, *„Координација на безбедносната заедница во Република Македонија“*, Маринг, Скопје , 2005

Бакрески Оливер (ед.), *„Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и Европската унија“*, Министерство за одбрана на РМ, Скопје, 2006

Bentham Jeremy, *„On the liberty of the press and public discussion“*, London, 1821

Brenner M, *„Lessons of Western response to the crisis in former Yugoslavia“*, Centro studi di political internacionale, 1995

Bržežinski Zbignjev, *„Velika shahovska tabla“* , Štampa, Zagreb, 1996

Buden Boris, *„Kaptolski kolodvor“*, Centar za sovremenu umetnost, Beograd, 2002

Buzan B. *„Security a new framework for analysis“*, Boulder CO Linn Reinner, 1998

Ван Кревел Мартин, *„Трансформација на војната – најрадикално повторно толкување на вооружениот конфликт по Клаузевиц“*, Табернакул, 2009

Ванковска – Цветковска Билјана, *„Војската и демократијата“*, Детска Радост, Скопје, 1995

Ванковска Билјана, *„Меѓународната безбедност во XXI век“*, Бомат графикс Скопје 2007

Ванковска Билјана, *„Политички систем“*, БОМАТ ГРАФИКС, Скопје, 2007

Василевски Воислав, *„Меѓународно воено право“*, Воена академија, Скопје, 1998

Vasquez A. John, *„The War Puzzle Revisited“*, Cambrige University Press, 2009

Викс Д. „*Разрешување конфликти*", Балкански центар за мир, Скопје, 1998

Vukadinovi~ Radovan, „*Me|unarodni odnosi od hladnog rata do globalnog poretka*", Agencija za komercijalnu djelatnost, Zagreb, 2000

Vukadinovi~ Radovan, „*Me|unarodni politi~ki odnosi*", Politi~ka kultura, Zagreb, 2004

Галбрајт Кенет Џон, „*Анатомија на моќта*", Култура, Скопје, 1995

Гелнер Ернст, „*Нациите и национализмот*", Култура, Скопје, 2001

Георгиева Лидија, „*Менаџирање на ризици*", Филозофски факултет, 2006

Гилпин Роберт, „*Војните и промените во светската политика*" Меѓународна политика, Правен факултет – Скопје, 2000

Глигоров Киро, „*Виорни времиња – Република Македонија, реалност на балканот*", Култура, Скопје, 2004г

Глигоров Киро, „*Македонија е се што имаме*", ТРИ, Скопје, 2001

Goldgeier M. James, „*The future of NATO*", Council on foreign relations, US think tank organisation, 2010

Гоцевски Трајан, „*Неутрална Македонија – од визија до стварност*", Македонска ризница, Куманово, 1995

Гоцевски Трајан, „*Одбранбеното осамостојување на Македонија - чекор кон суверена држава*", Македонска ризница, Куманово, 2001

Гоцевски Трајан, „*Унификација на системите во услови на глобализација*", Филозофски факултет, Скопје, 2008

Гоцевски Т. Бакрески О. Славески С. „*ЕУ низ призмата на европската безбедност*", Филозофски факултет, Скопје, 2007

Гоцевски Трајан, „*Основи на системот на национална одбрана*", Филозофски факултет, Скопје, 2006

*Голем лексикон на странски зборови и изрази*, Топер, Скопје, 2006

Гризолд Антон, „*Словенија во изменета безбедносна средина*", МО на РМ, Скопје 2006

Група автори, „*Не НАТО, мир нам дајте*", Мировни институт, Љубљана, 2002

\ukovi} M. „*Diktatura, nacija, globalizacija*", Institut za evropske studije, Beograd 2002

Дугин Александар, *„Основи геополитике 1"*, Екопрес Зрењанин, 2004

Дугин Александар, *„Основи геополитике 2"*, Екопрес Зрењанин, 2004

Yost S. David, *„NATO transformed: The alliance's New Roles in international security"*, US Institute of peace press, Washington D.C , 2001

Јакимовски Љубомир, *„Јавност и јавно мислење – прилог кон тематизациите на јавната сфера, комуницирањето и цивилното општество"*, Совет за радиодифузија на РМ, Скопје, 2003

Јакимовски Љубомир, *„Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество"*, Правен факултет - Јустинијан I, Скопје, 2003

Le Bon Gustav, *„Psihologija gomila"*, TISAK KR. ZEMALJSKE TISKARE, ZAGREB, 1920

Habermas Jürgen, *„Between Facts and Norms"*, Cambridge, Mass: MIT Press, 1998

Хабермас Јирген, *„Теорија и пракса"*, Београдски издавачко – графички завод, Београд, 1980

Kagan Robert, *„Power and Weakness"*, Policy review, june, 2003

Камбовски Владо, *„Правда и внатрешни работи на Европската унија"*, Правен факултет, Скопје, 2005

Kaplan S. Lawrence, *„NATO divided, NATO united: the evolution of an alliance"*, Praeger, London, 2004

Kegley Charles W. Wittkopf Eugene R. *„Svetska politika – trend i transformacija"* (prevod), CSES, Beograd, 2004

Kemer Uli, *„Novi NATO – novi ratovi? : civilne alternative Bundesveru"*, Filip Vi~nji~, Beograd, 2000

Киркова Рина, *„Иднината на НАТО – Редефинирање на трансатланското сојузништво"*, Аутопринт, Скопје, 2010

Kissinger Henry, *„Years of Renewal"*, Phoenix press, 2000

Кљусев Н. Гоцевски Т. Славески С. Бакрески О. *„Интересите на Република Македонија за членство во НАТО"*, Македонска ризница, Куманово, 2007

Конфорти Бенедето, *„Меѓународно право"*, Љубљана, 2005

Котовчевски Митко, *„Национална безбедност на Р Македонија 1, 2, 3 дел"*, Македонска цивилизација, Скопје, 2000

Котовчевски Митко, „*Борба против тероризмот*“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004

Kramer D. Franklin, Serfaty Simon, „*Recasting the Euro-Atlantic partnership*“, Initiative for a Renewed Transatlantic partnership, Center for Strategic & International Studies, 2007

Кузев Стојан, „*Стратегија за одбрана*“, Југореклам, Скопје, 2001

Кузев Стојан, „*Збирка документи од областа на безбедноста и одбраната*“, Скопје, Југореклам, 2002

Kuzmani~ T. „*Policija, mediji UZI in WTC (antiglobalizem in terorizem)*“, Svete krave, Mirovni in{titut, Ljubljana 2002

Малиќи Назми, „*Политичка толеранција во функција на мирот*“, Фридрих Еберт, Скопје, 2004

Манговски П. Фрчковски Љ. Ортаковски В. „*Меѓународно јавно право*“, ФИТКО, Скопје, 1994

Mill Stuart John, „*On liberty*“, Batoche Books, Kitchener, Ontario, Canada, 2001

Милевски Тони, „*Еколошка безбедност*“, Филозофски факултет, Скопје, 2005

Милевски Тони, „*Македонија – рубикова коцка на Балканот*“, Филозофски факултет, 2005

Милошевиќ Н. Милојевиќ С. „*Основи методологије безбедносних наука*“, Полицијска академија, Београд, 2001

Moscovici Serge, „*Social influence and social change*“, London, Academic Press, 1976

Mowle Thomas, „*Allies at Odds: The united States and the European Union*“, Pagrave Macmilan, New York, 2004

Нацев Зоран, „*Доктрина и стратегија*“, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1998

Нацев Зоран, Начевски Радко, „*Војна, мир и безбедност*“, Македонска ризница, Куманово, 2000

Нацев Зоран, Петровски Димче, „*АРМ кон НАТО – концептуален приод и организационен развој*“, Филозофски факултет, 2009

Neumann – Noelle Elizabet, „*The spiral of silence – Public opinion, our social skin*“, Chicago: University of Chicago press, 1993

Newman G. „*Global report on crime and justice*“, United nation office for drug control and crime prevention, New York – Oxford university press 1999

Ортаковски В. *„Малцинствата на балканот"*, Скопје, 1998

Петровска – Бешка Б. *„Како се пишува извештај за сопствено емпириско истражување"*, Малинска, Скопје, 1997

Pirenne Henri, *„Muhammed and charlemagne"*, Mineola, New York: Dover publications, 2001

Поп Атанасов Ѓорги, *„Библијата за Македонија и* Македонците*"*, Менора, Скопје, 1995

Ружин Нано, *„НАТО, новите предизвици и перспективите на Р.Македонија"*, Фридрих Еберт, Скопје, 2005

Ружин Нано, *„НАТО во современите меѓународни односи"*, Фондација „Фридрих Еберт", Скопје, 2010

Sirishki Sofija, *„Evropska unija i NATO – reforma transatlantskog partnerstva"*, Me|unarodni problemi, Prometej , Beograd, 2003

Сокалски Ј. Хенрик, *„Грам превенција: Македонија и искуството на Обединетите нации во превентивната дипломатија"*, МИ – АН, Скопје, 2005

Спасески Јордан, *„Македонија – столб на безбедноста и мирот на балканот"*, Полициска академија, Скопје, 2005

Стаменковски Алекса, *„Одбрана – НАТО"*, Ѓурѓа, Скопје, 1997

Тунте Ахил, *„Република Македонија – прва декада 1990 – 1999"*, Скопје, МИ – АН, 2005

Wilkinson P. *„Terrorism versus Democracy – the liberal state response"*, London: Frank Cass, 2001

Фукујама Френсис, *„Крајот на историјата и последниот човек"*, Култура, Скопје, 1994

Fukuyama Francis, *„State building governance and World order in the twenty first century"*, Profile books ltd, 2004

Ханс – Лотар Штепан, *„Македонскиот јазол"*, АЗ-БУКИ, Скопје, 2004

Хантингтон Самуел, *„Сукоб цивилизација и преобликовање светског поредка"*, ЦИД, Подгорица, 2000

*Handbook – NATO*, Brussels Belgium: NATO office of information and press, 2006

Хју Питер , *„Поим за глобална безбедност"*, Табернакул, Скопје, 2009

Hobbes Thomas, *„Leviathan"*, ^as Skrajnosti, Ljubljana, 2000

Hodge C. Carl, *„Atlanticism for a new century: The rise, triumph, and decline of NATO (Prentice hall studies in international relations)"*, Pearson Education inc, 2005

^ehuli~ Lidija, ed. *„NATO and the new international relations"*, Atlantic council of Croatia, Zagreb, 2004

Центар за демократска контрола на вооружените сили (DCAF) – Интер парламентарна унија (ИПУ), *„Парламентарен надзор на секторот за безбедност"*, Женева, 2003

Chomski Noam, *„Stari i novi svetski poredci"*, Naklada Jesenski I turk, Zagreb, 2004

Чокревски Томислав, *„Социологија на комуникации"*, НИП „Студентски збор", Скопје, 2000

Шелинг Ф. *„О суштини људске слободе"*, Графос, Београд, 1985

### 8.2. Документи, декларации, изјави, публикации и интернет страници

The alliance's strategic concept, Washington D.C. on 23rd and 24th April 1999, http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-065e.htm

Анкета на невладината организација АГТИС,
http://agtis.org.mk/15/images/analiza na finalna anketa.pdf

Аризанкоски Гоце, *„Безбедносните импликации на етнонационалистичкото политичко насилство и сецесијата во светот"*, Годишник на Факултетот за безбедност, Година 4, број 1, Скопје, 2009

Бакрески Оливер, *„Поддршката на јавноста за членство во НАТО и ЕУ"*, Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана, година 5та, бр. 14, декември 2006

Bucharest Summit Declaration issued by the Heads of State and Governmant participating in the meeting of the North Atlantic Council in Bucharest in April 3rd 2008

Centar za mirovne studije, *„ALTER-NATO-R. PLATFORMA ZA IGRADNJU MIRA KAO PRIKLUCENJU RH NATO SAVEZU"*, 2007

Carpenter Ted Galen, *„NATO's empty victory: a postmortem on the Balkan war"*, CATO institut, Washington, 2000

Declaration on Transatlantic Relations: How to overcome the Divisions http://www.cer.org.uk/pdf/Transatlantic_%20Declaration.pdf

Гоцевски Трајан, „*РМ на патот кон евроатлантските структури*", списание: „*Современа македонска одбрана*" - вонреден број, 30 години од формирањето на Институтот за Одбрана и мир, Министерство за одбрана и Филозофски факултет, Скопје, 2006

Gregor~i~ Marta, „*Against the NATO Tyranny: Munich 2002*" http://www.bluegreenearth.com/

http://dadalos.org/kr/Demokratie/Demokratie/Grundkurs1/material/zitate.htm.#.Demokratie

Fleming Ted, „*Habermas, Democracy and civil society: Unearthing the social in Transformation.theory*": www.adulteducation.nuim.ie/dpartment_staff/documents/HABERMSDEMOCRACYANDCIVILSOCIETY.pdf

Експериментот на Соломон Аш во врска со Теоријата за конформизам: http://www.experiment-resourses.com/ash-experiment.html#ixzz1GJ4ToZJ7 , www.youtube.com/watch?v=TrNIuFrso8I&feature=related

Еленовски Лазар, „*Македонија и НАТО по Букурешт*", Политичка мисла, год.6, бр. 22, јуни 2008

www.fas.org/nuke/control/osce/news/vienna_document_1999_fact_sheet.htm

Haass N. Richard, statesmen: http://www.washingtonpost.com/opinion/why-europe-no-longer-matters/2011/06/15/AG7eCCZH_story.html

Изјави и интервјуа на Јоже Менцингер: www.24ur.com/servisi/klepetalnice/joze-mencinger-vstop-v-nato-nipotreban.html www.diplomatija.com/sr/1545/news/joze-mencinger-od-ulaska-u-nato-nema-nikakvog-efekta-samo-steta-posto-se-javljaju-dodatni-troskovi/

Интервју на Билјана Ванковска во списанието „*Одбрана*", Година XVII, бр.151, ноември 2008

Iwama Yoko, „Western Europe and the future of NATO", 1996, http://src-home.slav.hokudai.ac.jp/sympo.96summer/iwama.pdf

Јавното мислење за НАТО во Финска : www.hs.fi/english/article/suport+for+joining+NATO+appears+to+haveslighty+increased/1101581569344

Јавното мислење за НАТО во Хрватска: www.balcanicaucaso.org/bhs/Regions-and-countries/Hrvatka/Hrvatska-gradani-razlicito-od-vlade-o-ulasku-u-NATO

King Martin Luter, „*Leter from Birmingham Jail*", 16. april. 1963, www.almaz.com/nobel/peace/MLK-jail.

Krame & Ghaleb, „*What do we know security after three generations of security scholars" (online edition)*, http://zope.polfoskl.dk/seuritytheory/KrameGhaleb.htp

Kyoto Protokol, http://en.wikipedia.org/wiki/Kyoto_Protokol

Национална концепција за одбрана и безбедност, Стратегиски документ, www.vlada.mk/files/vladina_koncepcija_za_bezbdnost.pdf2009

Годишна национална програма за членство на РМ во НАТО 2003-2004,МО, www.morm.gov (официјален сајт на Министерството за одбрана на Република Македонија)

http://mfa.gov.mk, Министерство за надворешни работи на Република Македонија

Милашиновиќ Срѓан, Кешетовиќ Желимир, Јефтович Зоран, Лаковиќ Војо, „*Влијанието на медиумите врз преобликувањето на војната и тероризмот во глобалниот поредок*" , Годишник на Факултетот за безбедност, Година 4 бр. 1, Скопје 2009

NATO's Document, Examining NATO's Transformation, spring 2005, http://www.nato.int/docu/review/2005/transform/transform_en.pdf

НВО Институт за Демократија, www.idscs.org.mk

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Македонија www.sobranie.mk

Односи НАТО – ЕУ, http://nato.int/issues/nato-eu/index.html, Operation "Deliberate Force" www.globalsecurity.org

Online речник: www.merriam-webster.com

OSCE Handbook, OSCE Press and public information section, Vienna 2007, Spillover monitor mission to Skopje

Рамковен договор www.president.gov.mk

Rome statut of international Criminal Court, http://www.icc-cpi.int/library/about/officialjournal/Rome_statute_120704-EN.pdf

STRATFOR, Strategic Forecasting, inc Octomber, 2010 www.stratfor.org, пренесено од:
http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=1015101435238&id=23&prilog=1&setizdanie=22109

Симоска Емилија, *„Рејтингот на НАТО во Република Македонија"*, Публикација *„Медиумите како нужност во поддршката за членство на Република Македонија во НАТО"*, Министерство за одбрана www.morm.gov.mk/morm/dms/NATO/forum_mak_7.pdf

Славески Стојан, *„Дилеми за иднината на НАТО"*, списание *"Одбрана"*, год. 17, бр. 145, мај 2008 стр. 61 – 64

Славески Стојан, *„За членството во НАТО и идентитетот"*, списание *"Одбрана"*, год. 17, бр. 141, јануари 2008

Службен весник на Република Македонија, бр.78/93

Службен весник на Република Македонија, бр.45/98

Службен весник на Република Македонија, бр.51/98

Списание *„Одбрана"*, година XVII, бр. 146, јуни 2008

Strategic concept for the defence and security of the members of the North Atlantic Treaty Organisation, www.nato.int/lisbon2010/strategic-concept-2010-eng.pdf

Талески Дане, *„Јавното мислење во РМ за НАТО - подршка за НАТО е поддршка за реформите во Македонија"*, Институт за Демократија, , стр. 2 www.idscs.org.mk

http://www.policyreview.org/jun02/kagan_print.html

http://www.un.org/en/members/

Treaty of Amsterdam, www.historiasiglo20.org

Treaty of Maastricht, www.historiasiglo20.org

Устав на Република Македонија: www.okno/mk/sites/dafault/files/009-USTAV-na-RM.pdf

United States Institute for Peace, Intervention in the Balkans and Beyond, http://www.usip.org/pubs/specialreports/sr83.html

http://www.vreme.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=1&EditonID=1021&ArticleID=67245%20

Wisner B. *„Disasters. What the United nations and its world can do" 2000 (online edition),* http://www.un.org/Pubs/chronile/2000/issue4/0400p6.htm